**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“**

Филозофски факултет – Скопје

Институт за педагогија

Постдипломски студии по педагошки науки

# Родителски програми за вклучување на децата во воспитно-образовната средина

**(Магистерски труд)**

**Ментор:**

Проф. д-р Алма Тасевска

**Кандидат:**

Елена Мицева

Досие бр. 5040/16

Скопје, 2018 годин

**Апстракт**

Денешното општество целосно е надвладеано од динамичноста која е присутна во секојдневното живеење. Трката за успех, кариера и повисоки приходи, се само дел од причините кои влијаат на состојбата на модерното семејство, а со тоа и важноста на родителските компетенции и процесот на воспитување се ставени во заден план.

Во овој магистерски труд основната цел е да се согледа потребата и можноста за креирање и примена на родителските програми, за успешно вклучување на децата во воспитно - образовната средина.

Брзото темпо на живот и недостатокот на време резултира со родители кои сè помалку се посветени на детето, неговото воспитување и се она што го вклучува родителството.

Основната цел на воспитувањето во најширока смисла, претставува педагошки процес којшто се однесува на градењето на детската личност.

Во овој труд ќе истакеме и анализираме неколку родителски програми и ќе ги разгледаме можностите за креирање и примена на родителските програми на нашите простори во Р.Македонија.

**Клучни зборови:** родители, модерно семејство, родителски компетенции, воспитување, воспитно-образовна средина.

**Abstract**

Modern day's society completly loses the brakes with the dynamic life present daily. Race for success, carrier and higher earnings are part of the reasons affecting the well-being of modern family and with that the importance of parental competences and the upbringing process is put in behind.

In this master thesis the basic goal aimed is the need and the ability to create and apply the parenting programs in order to successfully involve children in the educational program.

Fast tempo of life and lack of time, leads to poorly committed parents to their child, one's education and everything related or included within the definition of "parenting".

The basic parenting goal in the widest possible range, means pedagogical process which refers to the building of a child's personality.

In this master thesis we will highlight and analyze several parenting programs and we will look the possibilities to create and apply the same programs in our surroundings and in the Republic of Macedonia.

**Key word:** parents, modern family, parental competences, parenting, edicational environment.

**СОДРЖИНА:**

**Вовед**..........10

**I дел - Теоретски пристап кон проблемот**..........**13**

1. Дефинирање на проблемот и основните поими..........14
   1.1. Родителство..........14
   1.2. Програми..........16
   1.3. Родителски програми..........18
      1.3.1. Програма ACT / Parents Raising Safe Kids (Родителите подигаат безбедни деца)..........19
      1.3.2. Програмска работилница: „Rastimo zajedno" (Растеме заедно)..........20
      1.3.3. Програма за позитивно родителство - Тројно П (Pozitiv Pareting Programs-PPP)..........21
      1.3.4. Програма: Just In Time Parenting (Право време на родителство)..........21
      1.3.5. Програма Parenting Inside Out (Родителството одвнатре)..........22
      1.3.6. Програма за родителство (наменета за регулирање на емоциите кај децата)..........23
   1.4. Адаптација/вклучување..........23
   1.5. Воспитување..........25
   1.6. Образование..........30
   1.7. Образовна средина..........32
   1.8. Градинка..........35
   1.9. Училиште..........38
   1.10. Неформална средина..........40
2. Семејство..........42
3. Значење на родителството во современото живеење..........47
4. Видови родители..........50
5. Родителски пристапи во воспитно-образовниот процес на децата..........56
6. Видови програми за родители..........59

6.1. Детска куќа (Children's House, J.R.G Tomlinson: 1977)..........61

6.2. Група за детски развој од Мисисипи (Child Development Group of Mississippi, Levju: 1967)......62

6.3.Блумингдејл семејна програма (Bloomingdale Family Program)......62

6.4.Програма за родителска интервенција (Parent Intervention Programme)......64

6.5.Ипсиланти проект на куќни посети (Ipsilanti Home Visiting Project)......65

6.6.Тројното П – програма за позитивно родителство (Pozitiv Pareting Programs-PPP)......66

6.7.Работилница со родители *"Растеме заедно"* (*Rastimo zajedno*)......76

7. Релевантни истражувања......83

7.1. Податоци од релевантно истражување спроведено во Р. Србија......83

7.2. Податоци од релевантно истражување спроведено во Р. Хрватска......84

7.3. Податоци од релевантно истражување спроведено во Р. Бугарија......88

**II дел - Методологија на истражувањето......90**

1. Предмет на истражувањето......91
2. Цел и карактер на истражувањето......91
3. Задачи во истражувањето......92
4. Хипотези......94
5. Варијабли во истражувањето......96
6. Методи, техники и инструменти на истражување......97
7. Популација и примерок......97

8. Анализа и интерпретација на податоците....98
9. Организација и тек на истражувањето....98

**III дел - Анализа и интерпретација на податоците од истражувањето....100**

1. Анализа и интерпретација на резултатите добиени од испитувањето на ставовите на воспитно-образовниот кадар....102
2. Анализа и интерпретација на резултатите добиени од испитувањето на ставовите на наставниците....137
3. Анализа и интерпретација на резултатите добиени од испитувањето на ставовите на родителите и нивната информираност за родителските програми и нивните интереси....145
4. Анализа и интерпретација на резултатите добиени од испитувањето на ставовите од стручната служба (педагози) и информираност за родителските програми....149
5. **Заклучни согледувања и препораки....156**
   5.1. Заклучоци....156
   5.2. Препораки....160

**Користена литература....164**

**Прилози на инструменти....168**

Прилог бр. 1: Анкетен лист наменет за воспитно-образовниот кадар....169

Прилог бр.2: Протокол за полуструктурирано интервју наменет за родители и наставници....175

Прилог бр.3: Протокол за интервју креиран за стручната служба (педагози) во воспитно-образовните институции....176

**Прилози на табели**........179

Табела бр.1: Структура на примерокот на анкетираниот воспитно-образовен кадар........180

Табела бр.2 - Запознаеност на воспитно-образовниот кадар со родителските програми и нивните можности........181

Табела бр.3 – Информираност на воспитно—образовниот кадар за промените во воспитно-образовниот процес наменети за вклученоста........181

Табела бр.4 – Ставови на воспитно-образовниот кадар за поволноста и поддршката на родителските програми........182

Табела бр.5 – Примената на родителските програми и интересот за учество во истите........182

Табела бр.6 – Ставови на воспитно-образовниот кадар за потребите на семејството опфатени во родителските програми и позитивните ефекти кај детето........183

Табела бр.7 – Ставовите на воспитно-образовниот кадар за запознаеноста на родителите со родителските програми и нивниот интересот за користење во советувањето на родителите........183

Табела бр.8 – Воспоставување интеракција на родителот со своето детето........184

Табела бр.9 – Ставови на воспитно-образовниот кадар за отвореноста и желбата за соработка кај родителите во процесот на вклучување во воспитно-образовната средина........184

Табела бр.10 – Организирани советувања и работилници за родители........185

Табела бр.11 – Потребата за мотив и охрабрување на родителите за родителскиот пристап при вклучување во воспитно-образовната средина........185

Табела бр.12 – Децата имаат потешкотии при вклучувањето во воспитно-образовната средина........186

Табела бр.13 – Ставови на воспитно-образовниот кадар за поддршката, соработката и практикувањето на родителските програми при вклучувањето на децата во воспитно-образовната средина......186

Табела бр. 14 – Разлики помеѓу ставовите на воспитно-образовниот кадар во однос на родителските програми......187

**Прилози на графикони......190**

Графикон бр. 1: Честотата на заедничките активности на родителите и на децата......191

Графикон бр.2 - Структура на примерокот на анкетираниот воспитно-образовен кадар......191

Графикон бр.3 - Запознаеност на воспитно-образовниот кадар со родителските програми и нивните можности......192

Графикон бр.4 - Информираност на воспитно-образовниот кадар за промените во воспитно-образовниот процес наменети за вклученоста......192

Графикон бр. 5 - Ставови на воспитно-образовниот кадар за поволноста и поддршката на родителските програми......193

Графикон бр.6 - Примената на родителските програми и интересот за учество во истите......193

Графикон бр. 7 - Ставови на воспитно-образовниот кадар за потребите на семејството опфатени во родителските програми и позитивните ефекти кај детето......194

Графикон бр.8 – Ставовите на воспитно-образовниот кадар за запознаеноста на родителите со родителските програми и нивниот интересот за користење во советувањето на родителите......194

Графикон бр. 9 – Воспоставување интеракција на родителот со своето детето......194

Графикон бр.10 – Ставови на воспитно-образовниот кадар за отвореноста и желбата за соработка кај родителите во процесот на вклучување во воспитно-образовната средина....195

Графикон бр. 11 – Организирани советувања и работилници за родители....195

Графикон бр.12 – Потребата за мотив и охрабрување на родителите за родителскиот пристап при вклучување во воспитно-образовната средина....196

Графикон бр. 13 – Децата имаат потешкотии при вклучувањето во воспитно-образовната средина....196

Графикон бр. 14 - Ставови на воспитно-образовниот кадар за поддршката, соработката и практикувањето на родителските програми при вклучувањето на децата во воспитно-образовната средина....197

Графикон бр. 15 - Родителските програми неопходно е да одговараат на потребите на семејството....197

Графикон бр.16 - Родителите не се запознаени со позитивните придобивки од користењето на родителските програми....198

Графикон бр. 17 - Ги охрабруваме родителите за полесно надминување на поттешкотиите со кои се соочуваат при вклучување во воспитно-образовната средина....198

Графикон бр. 18 - Сметам дека се почесто децата имаат потешкотии при вклучувањето во воспитно-образовната средина....199

Графикон бр. 19 - Постојаното практикување на родителските програми и содржини ќе го олесни вклучувањето на децата во воспитно- образовната средина....199

## ВОВЕД

Секој родител има потреба од поддршка и советување, за да може да го даде најдоброто од себе во воспитувањето и комуникацијата со детето. Постојат различни типови на родители, секој од нив е со различен карактер и стил на однесување. Родителите користат свои начини и варијанти на воспитување во насока на она што е правилно за детето и за неговото успешно вклучување и функционирање во воспитно-образовната средина.

Секое дете поминува низ различни развојни стадиуми и секој од нив има големо значење. Но, во ова истражување акцентот е ставен на периодот на вклучување на децата во воспитно-образовната средина. Станува збор за создавање на позитивен однос кај детето за образованието во поширока смисла.

Постои палета на можности и многубројни алтернативи кои се истакнуваат пред родителите како избор, со цел да се одбере најдобриот начин на прифаќање на новата воспитно-образовна средина од страна на детето. Како еден од начините се родителските програми кои нудат различни аспекти на совладување на сите потешкотии со кои се сретнуваат родителите и децата токму во периодот на адаптација за училишната средина. Родителските програми во себе содржат низа активности и препораки кои најповеќе се однесуваат на родителите, но и за сите учесници во воспитно-образовниот процес кои треба да се почитуваат и до истите да се придржуваат, со единствена цел- родителските програми да имаат успешна реализација.

Практиката покажува дека вклучувањето на детето во воспитно-образовната средина претставува голем проблем, сликата од теренот ни го прикажува односот помеѓу воспитно-образовните институции и нивното минимално ниво на соработка, но за некои слободно може да се каже дека не ни постои. Токму затоа во ова истражување покрај родителските програми, начини за нивно имплементирање, ќе се направи обид за согледување на можностите кои би можеле да се превземат за унапредување на комуникацијата помеѓу градинката и училиштето. Сметам дека доколку се развијат и понудат родителски програми, постоење на отворена комуникација помеѓу учесниците на воспитно-образовниот процес би можело да се постигне успех.

Изборот за истражувањето на оваа проблематика произлезе од согледувањето на потребите кои што се забележуваат кај родителите кои се рефлектираат кај децата кои треба да се подготват за воспитно-образовната и социјалната средина. За да се одбегне нервозата и несигурноста, на младите родители би требало да им се обезбеди советување со цел рационално да се одбере соодветна родителска програма која што ќе им претставува водилка за сите чекори во воспитно-образовниот процес, кое долгорочно гледано ќе им донесе и развивање на родителските компетенции.

Постојат многубројни меѓународни и домашни организации и фондови кои се од исклучителна важност, тие развиваат, т.е поддржуваат различни видови на програми кои имаат за цел да презентираат определени дефинирани чекори, да покажат грижа за детето и родителот, воопшто за современиот човек како родител, носител на семејната улога, за воспитувањето и образованието на идните генерации, како и за постоечките облиците на подучување и учење. Нивното работење во континуитет е проследено со спроведување на кампањи и низа активности кои имаат за цел да ја мобилизираат јавната свест, како и да обезбедат широка поддршка.

Како една од најзначајните меѓународни организации е **УНИЦЕФ** (*UNICEF*) **Фондот за деца при Обединетите Нации** (*United Nations Children's Fund*). УНИЦЕФ има свое седиште кое се наоѓа во Њујорк, но нивното делување е распростането и низ многу други земји. Во нашата земја седиштето е лоцирано во Скопје, од каде што континуирано се изнезуваат активности од самата организација со многубројни проекти кои се спроведуваат низ воспитно-образовните институции во Р.Македонија.

Имено и Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор"-Македонија е невладина организација има за цел да ги промовира и да продолжи со активностите на регионалната образовна програма „Чекор по чекор". Оваа фондација од страна на Универзитетот „Џорџтаун" од Вашингтон започнала со реализација во 1994 година па така од страна на Институтот отворено општество од Њујорк таа денес акцентот го насочува кон следните области кои се од огромна важност: интеракција исполнета со разбирање и почит помеѓу возрасните и децата, како и во меѓусебните односи на децата; вклучување на семејството и заедницата во образованието на децата; инклузија; почитување на разликите и на вредностите на демократијата за секое дете и неговото

семејство; проценка и планирање за квалитетен наставен процес; стратегии и техники на подучување кои поттикнуваат љубопитност, истражување, критичко мислење и соработка; создавање на безбедна и креативна средина за учење; постојан професионален и личен развој на наставниците. Оваа фондација во своете работење се придржува во рамките на секоја област сметајќи ги истите за неопходни во остварување на квалиетна педагошка пракса.

Не помалку значајна е и **УНЕСКО** (*United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization* „Организација за образование, наука и култура на ООН"). Единствената цел на оваа организација е таа да допринесува со мир преку својата работа и преку сите оние соработки кои ги остварува меѓу нациите преку образованието, ставајќи акцент на почитување на човековите права и основната слобода. Тука можеме да ги споменеме и Агенцијата за поддршка на децата ( Child Support Agensy), исто така и Меѓаши која како прва детска амбасада во светот ги советува децата и родителите, но и работи на различни проекти за развивање на родителските компетенции.

Мојата мотивација токму за оваа проблематика произлезе од фактот што таа не е многу проучувана, а е значајна за зголемување и подобрување на компетенциите на родителите, како и соработката и вклученоста на родителите во активностите на воспитно – образовните институции, а со тоа и постоење на успешна адаптација, зголемување и подобрување на образовното ниво, работата и условите за развој на секое дете.

# I дел

# ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

## 1. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ И ОСНОВНИТЕ ПОИМИ

Основните поими кои се сретнуваат во овој проблем на истражување се: родителство, програми, родителски програми, адаптација/ вклучување, воспитание, образование, образовна средина, градинка, училиште, неформална средина, процес на креирање и реализација на програми, поддршка.

### 1.1. Родителство

Овој поим е најмногу поврзан со проблематиката на ова истражување т.е. родителските програми. Родителството во денешното современо живеење е можеби една од најтешките работи. Тоа е едно од најсилните чувства на родителот кон детето. Од тука поврзаноста со своите деца, меѓусебниот однос на родителите, како и нивното секојдневно функционирање, пристапот во поширока смисла го создаваат родителството.

„Доколку сакаме да го дефинираме поимот родителство, можеме да кажеме дека тоа е процес кој што се случува кога едно лице создава дете за понатамошна стабилна, негувачка домашна средина, а позитивниот модел ќе игра позитивно и активно учество во животот на детето. Добрите родители обезбедуваат морално и духовно водство, поставуваат лимити и даваат последици за однесувањето на детето".[1]

Родителството е непроценливо богатство по кое копнеат многу брачни парови. Сепак, секогаш постои голем страв од родителите за своите деца. „Во почетокот додека децата се сеуште мали, сметаат дека во таа фаза на детскиот развој имаат најмногу грижи. Се донесува заклучокот: што поголеми деца- поголема грижа".[2]

„Од родителите се очекува да го познаваат развојот на детето, да знаат што е најдобро за нивното дете во рамките на семејството, но и надвор од него, да знаат зошто, кога и кои воспитни постапки треба да ги применат, исто така, од нив се

[1] https://www.wps.k12.va.us/sysinfo/policies/AB.htm пристапено на: 11.10.2017

[2] Stefanović,M. (2000), *OBITELJSKA PEDAGOGIJA.* Varazdinske Toplice: Tonimir,str.233.

очекува да работат на себе и убаво да се чувствуваат во родителската улога. Сите овие аспекти наведуваат на фактот дека родителите имаат потреба да учат за родителството, како една од најблагодарните улоги во текот на животниот циклус".[3]

Гледајќи на родителството како целина, би можело да кажеме дека таа е составена од неколку неопходни нешта: потребите на детето (во развојниот стадиум во кој се наоѓа), субјектите кои директно се вклучени во воспитно-образовниот процес, и истите тие треба да ги согледаат и да одговорат на потребите на детето, вклучувајќи го и општеството кое има класична интеракција со поединецот претставувајќи систем на меѓусебни врски и односи.

Родителството како појдовен поим се поврзува со сите аспекти на оваа проблематика. Родителството во себе опфаќа нови предизвици и потешкотии. Слободно можеме да го споменеме и поимот „одговорно родителство" кој се повеќе се сретнува во медиумските дебати, научни собири, семинари, конференции и сл. Родителството е составено од притисоци кои доаѓаат од различни страни.

„Во извештајот од Конференцијата на европските министри (Positive pareting, 2009 - Позитивно родителство, 2009) родителството се сфаќа како збир на односи и активности коишто се неопходни за сите родители и воспитувачи на деца и тоа се рефлектира во процес којшто вклучува интелектуална, емоционална и физичка адаптација, којашто им овозможува на возрасните да станат родители или да ги задоволат физичките, интелектуалните, емоционалните и социјалните потреби на децата". [4]

[3] Strćieviċ,I."bez oznaka"", *Jaćanje roditeljskih kompetencija kroz programe obrazovanja* - „Материјал за интерна употреба" (стр.3-4).

[4] Strićevći,I. "bez oznaka", *Jaćanje roditeljskih kompetencija kroz programe obrazovanja*- „Материјал за интерна употреба" (стр.8)

## 1.2. Програми

Поимот „програми" е дефиниран од повеќе автори кои истакнуваат различни мислења за овој педагошки поим. Програмирањето во наставниот процес претставува чекор понапред за се она што ќе се работи во тековната учебна година. Група автори наставните програми ги дефинираат како строго поставен училишен документ во кој се содржани сите наставни содржини по предмети, додека другите на овој поим гледаат како систем кој што е поделен на предмети според наставен план наменет за соодветен тип на училиште.

Една од најважните и највидливите делувања во образованието е подготовката на наставните програми. Целокупните активности без оглед на нивната обемност и зачестеност во рамки на училиштето не би оставиле белег доколку не ги поврзиме со планските, подготвените, организираните и реализираните програмски активности. Програмите можат да траат една учебна година, но тие можат и постојано да подлегнат на промени и прилагодувања во склад со се што се менува со времето и развојот на општеството, токму затоа програмата потребно е континуирано да се дополнува и иновира. Гоцер во „Педагошката енциклопедија" нагласува дека училишната програма е одраз за какво општество станува збор и чии вредности таа претставуваа.

Во Педагошката енциклопедија воспитно-образовната програма (во смисла наставен план и програма, или програма на воспитно-образовните содржини, или курикулум) е дефинирана како "инструмент на регулација на образивната дејност, кој се однесува на една фаза од педагошкиот циклус".[5]

Според д-р Матијевич во книгата „Дидактика 2" програма е дефинирана како "воспитно-образовен документ со кој се прецизираат воспитно-образовните содржини". Наставната програма е "училишен документ кој ја пропишува ширината и длабочината на содржината која ќе се проучува во рамките на некој наставен предмет во одреден тип на училиште".[6]

[5] Pedagoska enciklopedija 2 (1989). Beograd: Zavod za udbenike I nastavna sretstva, str.198.

[6] Bognar L, Matijević, M. (2002), *Didaktika 2,* + *Školska kniga 2*. Zagreb, str.406.

Според д-р Стеванович наставната програма е школски документ во кој "прецизно се утврдуваат содржините кој треба во одреден предмет, одделение и со претходно утврден фонд на часови да се реализираат во предвидени простории за таа цел и со соодветна наставна технологија и техничко материјална поткрепа".[7] Може со сигурност да се каже дека постојат многубројна низа на одлуки кои треба да се разгледаат и да се донесат пред да се обликува и дефинира овој документ. Според Клафки во книгата „Дидактика", е наведено дека се одлучува прво за тоа што и зошто се учи, а потоа како и со што. Значењето на овие одредници е јасно: што - искажува, кои содржини, зошто - нагласува дека во програмирањето мора да се одлучи кои намери, со кои методи и медиуми треба да се оствари.

Имено, постои поделеност и во однос на постоењето на задолжителната наставна програма. Така, во Англија долго време наназад постоела слободна, флексибилна атмосфера за креирање на наставна програма без притисоци од централната власт во државата. Но, некои педагози истакнуваат дека во такви услови можно е појава на анархична настава, иако сето тоа може да се надмине со соработка на наставничките колективи. Во Р.Македонија, но и во многу други земји не постои слобода во однос на креирање на наставната програма и содржинските активности. Во такви услови примарно државата одлучува за образованието.

Во Р.Македонија документот за воспитно-образовна програма опфаќа неколку значајни аспекти:

- воспитните и образовните цели (во различни програми тие се различно операционализирани);
- екстензитетот на знаењата и способностите кои треба да се стекнат во рамките на некој предмет (ширина на програмата);
- длабочина до која ќе се продира во проучувањето на воспитно- образовната содржина и во формирањето на способностите (интензитет на програмата);
- редоследот на проучување на содржините;
- услови кој треба да се задоволат за реализација на програмата (материјално технички, просторни услови, стручност на воспитувачите, наставниците итн).

---

[7] Stefanović, M. (2001), *Didaktika*, EDT. Rijeka , str.102.

Според проф. д-р Снежана Адамчевска во делото „Педагошката експерзтиза" е истакнато дека граѓанското образование е проследено со посебен педагошки начин на поставување и обработка. Во рамки на основното училиште се спроведува наставна програма која има комлексен карактер и во себе истата вклучува независни програмски компоненти.

Се поставуваат одредени прашања за кои се бара одговор со „цел разрешување на дилемите кои постојат, тоа се :

1. На кој начин содржините од Граѓанско образование да се имплементираат во постојаните програмски содржини, без да се менува нивната физиономија, дизајн и структура?
2. Во кои постојни програмски подрачја целите на Граѓанското образование може да се реализираат?
3. Кои модели на примена да се имплементираат за да не се наруши постојаната конзистентна структура на наставните планови и програми во основното образование"? [8]

## 1.3. Родителски програми

Еден од позначајните клучни поими во ова истражување се родителските програми.

Во текот на воспитно - образовниот процес учениците имат постојана потреба од родителска поддршка во насока на успешно вклучување на децата во образовната средина. Родителите имаат голема улога во вклучувањето на учениците во образовниот циклус, но и во однесувањето на детето, како и во подобрување на постигнатите резултати во училиштето.

Постојат многубројни придобивки од родителските програми и активностите кои се однесуваат на родителските вештини како и потреби на ученикот во рамки на училиштето. Континуираната соработка со родителите е неопходна, но и вклучувањето на родителите во родителските програми ќе овозможи помош во промоција на образовната средина во која учениците ќе можат позитивно да се

[8] Адамчевска,С. (2004), *ПЕДАГОШКА ЕКСПЕРТИЗА*.Скопје: Филозофски факултет (стр.21).

поврзат со наставникот и останатите субјекти во воспитно- образовната работа, како и нивните соученици.

Постојат голем број на програми за родители кои се наменети исклучиво за поддршка на образованието на децата, но и посебни родителски програми кои се наменети за потребите на воспитувањето. Како дел од позначајните родителски програми ќе ги наведеме:

### 1.3.1. Програмата ACT / Parents Raising Safe Kids (Родителите подигаат безбедни деца)

Оваа програма имала за цел да ги зајакни семејствата и да се подобрат или променат вештините и практиките за родителство во насока на спречување малтретирање на деца. Програмата започнува во 2013 година и обезбедува едукација и ресурси и се стреми да ја постигне основната цел преку: (1) воспоставување партнерства со различни организации и агенции и (2) професионалци за обука за да ја преземат програмата за семејствата и старателите во нивните заедници.

„Програмата, исто така, ја промовира поддршката на заедницата и служи како дополнување на постојните интервенции за деца со висок ризик за малтретирање. Програмата е дизајнирана да биде универзален пристап за да им помогне на групи на родители и старатели од сите подрачја, без оглед на нивното ниво на ризик. Таа е исто така дизајнирана да биде флексибилна, така што различни институции и организации во заедницата може да ја имплементираат програмата и да ја интегрираат во постоечки интервенции и услуги за родителите“.[9]

ACT во моментов се спроведува во скоро 100 заедници во САД и во Порторико, вклучувајќи ги и латинските и азиско-американските заедници, како и во Бразил, Колумбија, Грција, Јапонија и Перу.

Програмата за креирање на безбедни деца „ACT се базира на истражување кое покажува дека во раните години, насилството, злоупотребата и запоставувањето најчесто се извршуваат од родителите на децата“.[10] Затоа, ACT била дизајнирана да

[9] https://www.crimesolutions.gov/ProgramDetails.aspx?ID=311 пристапено на: 30.11.2017

[10] http://www.apa.org/act/ пристапено на: 30.11.2017

се фокусира на раните години и важната улога на родителите и старателите во обликувањето на раната средина и искуствата на децата. Покрај тоа, се заснова на идејата дека недостатокот на знаења за развојот на децата и несоодветните вештини за родителство се примарни причини за малтретирање на детето (Portwood et al., 2011). Честопати родителите имаат несоодветни очекувања за однесувањето на своето дете и имаат тенденција да реагираат несоодветно. Поголема е веројатноста да користат тешка физичка дисциплина и вербална агресија и помалку веројатно да користат позитивни стратегии за родителство (Guttman, Mowder и Yasik 2006). ACT има за цел да ги обучи:

- негувателите како да моделираат соодветни, ненасилни социјални вештини и вештини за решавање на проблемите за децата.
- родители, управување со лутина: оваа сесија е наменета да им помогне на родителите да научат вештини за разбирање, контрола и управување со сопствените чувства на гнев кон своите деца.
- деца, разбирање и помагање на лути деца.

### 1.3.2. Програмска работилница: „Rastimo zajedno" (Растеме заедно)

Програмата **„Rastimo zajedno"**, настанала како дел од пошироката програма на Уницеф за поддршка на родителството „Првите три се најважни".„Програмата претставува работилница која се спроведува со родителите на деца до четвртата година од животот".[11] Оваа програма почнала да се развива во Р. Хрватска во текот на 2008/2009 година.

Нивната цел е да овозможи проток на информации, знаења, вештини кои ги користат родителите во исполнувањето на нивната родителската улога.

Главната цел на овие работилници е да создадат поттикнување на околината во која родителите со раководителите на работилницата и другите родители ќе разменат идеи за начините на кои живеат своите родители, ќе се запознаат подобро себеси како родители, им се овозможува да се запознаат со некои од теориските поставувања за позитивниот однос на родителите и детето.

[11] https://www.rastimozajedno.hr/ пристапено на: 30.11.2017

**1.3.3. Програма за позитивно родителство - Тројно П (Pozitiv Pareting Programs-PPP),** станува збор за концепт кој е многустран помагател на родителите, истиот функционира повеќе од 35 години и им овозможува на родителите алтернативни начини и решенија за успешно справување со проблемите кои се јавуваат во секоја семејна рамка. Како главен виновник за нејзиното започнување се наведува Метју Сандрес (Matthew R.Sanders). Тој заедно со своите колеги од Универзитетот во Квинсленд, Австралија спроведуваат „индивидуална обука за родители концептирана од деструктивни предучилишни деца, па се до сеопфатна превентивна програма".[12]

Оваа програма имала за цел: да создаде позитивно мислење и да се нормализира процесот на барање родителска помош; да ги поттикне родителите да учествуваат во позитивните родителски интервенции; да се зголеми свесноста и да се достигнат позитивните родителски интервенции; да создаде пораки во медиумите, коишто не се алармантни, вознемирувачки или родителско - обвинувачки; да им помага на родителите да станат посигурни и посамоуверени во нивното родителство.

„Тројното П им дава на родителите едноставни и практични стратегии за да им помогне да изградат силни, здрави односи, самоуверено да управуваат со однесувањето на своите деца и да спречат развој на проблеми. Тројното П моментално се користи во повеќе од 25 земји и се покажа дека работи на различни култури, социо-економски групи и во многу различни видови на семејни структури".[13]

**1.3.4. Програмата: Just In Time Parenting (Право време на родителство)**

Оваа програма во своите рамки го опфаќа растењето на детето, како и успешното поддржување и охрабрување на развојот на детето. Станува збор за програма која е реализирана во Америка во 2015 год. која обезбедува конкретни информации за родителите за развојот на нивното дете додека тоа е во процес на растење. Во програмата присутни се многубројни корисни совети за тоа како секој родител може да го поттикне и да го поддржи развојот на детето во текот на првите години

[12] Sanders,M.R. (2008). „Triple P- Positive Parenting Program as a public health approach to strengthening parenting" Journal of Family Psychology 22(3):506 – 517

[13] http://www.triplep.net/glo-en/home/ пристапено на: 30.11.2017

од животот. „Визијата на оваа програма е да се овозможи пристап до секој родител давајќи му клучни информации кои би помогнале во нивната семејна заедница и воопшто нивниот напредок".[14]

**1.3.5. Програмата Parenting Inside Out (Родителството однатре)**

Програмата „Parenting Inside Out" е програма за обука за родителски вештини заснована на докази развиена за родителите вклучени во кривичната правда. Верзијата на заедницата е соодветна за родителите на помилување или условна казна или за родители со историја на злоупотреба на супстанции или за вмешаност во системот за детска благосостојба.

„Како дел од програмата за повторно вклучување, „Parenting Inside Out" има докажано влијание врз намалувањето на рецидивизмот и криминалното однесување, истовремено подобрување на семејни односи и вештини за родителство".[15] Родителството во внатрешноста им помогна на илјадници родители да ги обноват своите односи со своите деца и семејства.

„Родителството во внатрешноста е разгледано од САМХА и се појавува во Националниот регистар на програми и практики базирани на докази (NREPP). Тоа е највисоко оценета програма за родителство базирана на докази, која е специјално разработена за родители кои се вклучени во затворите и кривичната правда".[16]

**- Обука за родители, програми оценети од Калидхаус - ефикасност во образованието на родителите** - меѓународна програма за образование и поддршка на родители во раното детство дизајнирана да го подобри развојот на децата и постигнувањата во училиштата преку едукација на родители достапно за секое семејство.

[14] https://extension.unh.edu/Parenting/Just-Time-Parenting пристапено на: 30.11.2017

[15] http://www.parentinginsideout.org/curriculum/ пристапено на: 01.12.2017

[16] http://www.parentinginsideout.org/ пристапено на: 01.12.2017

### 1.3.6. Програма за родителство (наменета за регулирање на емоциите кај децата)

Родителските програми содржат информации и совети за се она што треба да го знае секој родител, се содржани и информации за образовниот процес, односно постапки во однос на пристапот кон децата кои треба да се вклучат во образовната средина.

Во ова истражување ќе бидат разгледани и анализирани неколку видови на родителски програми, но и кратко согледување на можни практики на развивање и имплементација на родителските програми.

## 1.4. Адаптација/вклучување

Адаптацијата е поим којшто означува започнување на соработка на која поединецот се прилагодува.

Во рамки на ова истражување станува збор за адаптација на ученикот во определените училишни можности кои се присутни во образовната средина. Оној период во кој детето до скоро посетувало градинка станува минато и потребно е да се приспособува за сосема една нова определена функција – ученик и секако за се она што го очекува во образовната средина, тоа е всушност процесот низ кој поминува секое дете во периодот на адаптацијата /вклучувањето.

За секое дете училиштето е голем стрес, тоа е непозната и нова средина која предизвикува чувство на вознемиреност кај учениците (првачињата). Овој период е неизбежен и пред, но и откога ќе се започне со реализација на училишните часови. Секако тешкотиите се најповеќе свртени кон родителите од кои директно зависи како детето ќе ги прифати сите оние одговорности кои со себе ги носи образованието, како што се: предизвиците од оценувањето, очекувањата и обврските кое секое дете различно ги прифаќа и др.

Всушност, адаптацијата/вклучувањето е прилагодување на детето на ритамот којшто е потполно поинаков од оној претходно по кој живеел во градинката. Вклучувањето е навистина тежок процес бидејќи начинот на усвојување на нештата во предучилишните институции е поврзан со игра, активности кои за таа

возраст на деца содржат многу динамика и интеракција, нивното времетраење е од 15-20 мин. Покрај воспитувачите, наставниците и др. стручни соработници, најважно е секој родител да го даде својот максимум во воспитно-образовниот процес, особено во првата година каде што поддршката за детето е неопходна во секој миг. Имено, станува збор за огромна промена што дури и некои педагози истакнуваат дека овој период на адаптација трае во текот на цело прво одделение.

Родителските програми имаат интенција да го насочат родителот, односно да го обучат за тој да стекне одредени родителски вештини, за потоа тој да умее да го води детето низ образовниот процес. Токму затоа родителот треба во периодот на адаптација да знае да направи организација на денот на своето дете кое веќе започнало со училишните обврски. Всушност, потребно е да се направи прецизен план кој ќе ги предвидува сите училишни и вонучилишни активности на детето. На овој начин детето постапно ќе се научи да се вклопува во својот редослед, но и чекор по чекор да ги задоволува своите интереси и потреби. Кога станува збор за адаптацијата на детето во училишната средина за жал родителите не се доволно свесни за тоа колку нивното однесување влијае врз детето. Тие како возрасни со своето искуство треба да ги контролираат своите емоции и не би требало да го покажуваат стравот од самото поаѓање во училиште, бидејќи тоа психички и физички ќе се почувствува кај детето. Потребно е неизмерно да дадат поддршка и да бидат со детето во секоја потешкотија.

Родителите треба да имаат доверба во методите кои се нудат во родителските програми или пак оние кои ги истакнува наставникот, тие потребно е активно да се вклучат во образованието на детето. Комуникацијата е клуч за сите препреки, за се она што е потребно да се реши, вистинскиот пат е времено реагирање и разговар.

Психолошки гледано – адаптацијата се однесува на способноста на телото да се прилагодува на околината со филтрирање на одвлекување на вниманието.

Постојат голем број на истражувања кои ја истакнуваат важноста на транзицијата кон училиштето за малите деца и нивните семејства. Успешното адаптирање на детето на училиште неверојатно е под влијание на бројни фактори, вклучувајќи ги и социјалните, емоционалните, однесувањето и когнитивните компетенции. Потребно е да се направи оценување на вештините за саморегулирање на детето,

како и потребата од социјалните вештини, да се изјаснат родителите и наставниците и да се утврди дали тие предвидуваат позитивна адаптација во училиштето за деца на возраст од 5-6 год. Социјалните вештини значително предвидуваат прилагодување кон училиштето и адаптивното однесување.

Адаптацијата значи „промена во наставниот процес, материјалите, задачите или ученичките производи за да им помогне на ученикот да ги постигне очекуваните резултати од учењето".[17]

Програмата „адаптација на Еколе Жанин Мануел е камен темелник на меѓународниот терен на училиштето École Jeannine Manuel. Секоја година оваа програма помага да се изградат вештини што им се потребни на родителите и нивните деца за да се прилагодат на училишниот систем. Но, реализаторите учат и од нив, од нивните перспективи, нивните искуства, нивните истории. Тоа е секојдневната размена на живеење и заедничко работење кое го создава уникатниот идентитет на нивното училиште.

Со текот на годините, школата има развиено посебна програма за задоволување на потребите на сите ученици. Сепак акцентот во оваа програма е ставен на Здружението на родители што игра и клучна улога во помагање на целото семејство и периодот на прилагодување.

## 1.5. Воспитување

Поимот воспитување е најопшта категорија, најопшт поим, смислен е и оформен за во секојдневниот живот, па се смета дека е доста едноставен.

Воспитувањето постои од кога постојат луѓето и нивните односи, претставувајќи постојана и неопходна функција на луѓето и општествениот живот. „Можеме да кажеме дека воспитувањето е најтесно поврзано со развитокот и усовршувањето на човековото општество. Без воспитната функција општествениот развиток не би бил возможен. Без воспитанието и неговата функција не би постоел човекот, човековото општество и неговата историја. Воспитувањето е основен услов за

[17] http://www.edu.gov.mb.ca/k12/specedu/programming/adaptation.html пристапено на: 15.10.2017

одржување и развиток на заедницата. Затоа, тоа е темелна и битна категорија на човековото општество, односно битна и постојана општествена категорија."[18]

Воспитанието како општ поим се однесува на се она што е поврзано со човекот, со неговите намерни и свесни постапки кои се користат за системско и организирано планирање во формирањето на детската личност, на личноста која се развива во едно јасно општество. Тоа опфаќа три задачи: процес на усвојување знаења, вештини и навики; процес на формирање на физички и интелектуални сили и способности; процес на формирање на личности и карактери, поглед кон свет и др.

Гледајќи од минатото може да се заклучи дека воспитувањето не било посебно подрачје за работење туку тоа се одвивало спонтано низ секојдневното работење. Начинот на воспитување се одвивал така што постарите и искусните членови им покажувале и им објаснувале на младите, а тие ги следеле, имитирале и меморирале. Можело да се забележи менувањето и развивањето на првобитната заедница, а со тоа и поорганизирано воспитување. Првобитната заедница се развивала неколку десетици илјади години и во неа не постоело професионално воспитување, туку тој процес се одвивал низ работење и игра.

"Општите карактеристики за почетокот на човековиот развој имал пасивен однос кон природата (бидејќи човекот бил повеќе собирач на плодови, него собирач на нови добра), немоќ, празноверие и традиција како мерка за индивидуална и колективна егзистенција."[19]

Доколку се направи анализа на воспитанието ќе се забелжи дека робовладетелските општества имале поинаков начин на организирање на воспитувањето. Така воспитувањето во Спарта како воена држава за време на робовладението имала за цел да обликува личности со војнички способности. На оваа територија подигањето на децата се одвивало така

што сите тие посетувале специјални заводи каде што учеле борбени вештини, развивале физички способности и вежби во борењето. Децата најчесто се воспитувале во семејствата некаде до седмата година, а потоа заминувале од нивните домови. Доколку направиме компарација со воспитувањето во Атина ќе

[18] Баракоска,А. (2007), *Педагогија- учебно помагало*. Скопје: Филозофски факултет, (стр.108).

[19] Kujundzi,N.(1980), *Homo educator, "bez oznaka"*, (стр.9).

забележиме дека воспитната цел била поинаква. Тежиштето било склоно кон складноста на телото и духот и токму по таа насока се движело и воспитувањето. Додека пак во Рим според литературата може да се наведе дека воспитуавњето било намерно развиено токму во времето на царството. Децата на оваа територија ги развивале своите математички и јазични компетенции, читале, пишувале, пресметувале, изучувале основна граматика, а во истата изучувале латински и книжевност.

Воспитувањето како општествена и човекова појава, неговата природа, карактер и суштина, општествените карактеристики на воспитанието, биолошката заснованост, односот на воспитанието и човекот и општествената практика и работа претставуваат основен проблем.

Овој поим ја прикажува организираноста на човековата дејност во поширока смисла. Како процес тој во себе има голем број на специфичности. Воспитувањето му дава нега на човекот (детето), намерно дејствува врз него и врз неговиот развој воопшто, го поттикнува и стимулира истиот создавајќи позитивна и добра личност. Воспитувањето го обликува поединецот, го изградува и оформува со цел тој да стане активен и одговорен во општеството во кое делува.

„Воспитувањето претставува свесно дејствување врз формирањето на нечија личност (обично на некој помлад), во развивање на нејзините физички, умствени и морални особини и способности".[20]

Покрај тоа што со воспитанието се потпомогнува одвивањето на процесите на „квантитативните и квалитативните промени кои значат развој, тоа ги има и функциите:

- ја олеснува интеракцијата на детето во средината во која живее, посебно вклучувањето во општествената заедница;
- создава основа за натамошен развој и учење и ја зголемува неговата отпорност спрема негативните влијанија, односно способност за надминување на тешкотиите и решавањето проблеми на кои наидува во овој процес;

[20] http://www.makedonski.info/воспитување?where=anywhere пристапено на: 16.10.2017

- го оспособува за приспособување кон промени кои се одигруваат во начинот на живеењето и се подготвува за иднина, односно за водење на осмислен, содржаен и плоден живот заради постигање на лична среќа и остварување себеси како личност;
- ги отстранува пречките и отвара нови можности за развој, а по потреба влијае корективно и компензаторски во случај на застранување или заостанување во овој процес".[21]

Воспитувањето е процес на планско и системско усовршување на сензорните, интелектуалните, емоционалните, моралните и духовните својства и способности на детето, но и на возрасниот. Како облик на социјализација, воспитувањето е насочено кон формирање на однесувањето во социјално посакуваната насока. Овој процес може да биде индивидуален или групен. „Според својот предмет, воспитувањето може да биде физичко, интелектуално, морално, естетско или религиозно".[22]

Големо е влијанието на принципите кои родителите ги применуваат во воспитувањето на децата. Како што децата меѓусебно се разликуваат и се менуваат со растењето, неопходно е да се менуваат и правилата на воспитување. Од друга страна, пристапот и мерката која се користат во воспитувањето на децата не се исти кај сите родители.

Воспитниот систем е сложен систем кој опфаќа навики за добро однесување. Станува збор за сложена структура на функционални компоненти како што се: институциите, содржините, методите, средствата, принципите на структурата, односите, организацијата, планирањето, управувањето, раководењето, мотивирањето, финансирањето, вреднувањето, унапредувањето. Целокупно гледано во денешните современи услови воспитниот систем има три фундаментални потсистеми: формален, неформален и информален. Како секој систем така и воспитниот си има точно прецизирани принципи кои се соодвети за постигнување на воспитниот процес, истите преставуваат променлива категорија. Тие се: принцип на традиција и национално обележје, принцип на единственост на воспитно-образовниот сиситем, принцип на демократизација на образованието,

[21] Каменов,Е. (1988), *Претчколска педагогија 1.* Белград: ЗУНС, (стр.33).

[22] https://mk.wikipedia.org/wiki/Воспитување пристапено на: 16.10.2017

принцип на слобода на изборот, принцип на мобилност и сеопшта отвореност на системот, принцип на самообразование, самоучење.

Секој родител сака да има добро и воспитано дете. Некои универзални правила можат да бидат за помош, односно да овозможат полесно остварување на поставените воспитни цели.

Воспитувањето на децата започнува уште од најрана возраст и пред се во тој период родителот треба да знае кој е начинот за вистинско водење на неговото дете. Многу од родителите имаат погрешна слика за овој поим. Воспитувањето не е начин за тие да ја покажат својата сила, моќ и авторитет, бидејќи напротив тоа не е воспитување. Не секое влијание на родителот е воспитно влијание. Вистинската вредност на воспитувањето на детето е опишан во книгата „Mala knjiga za velike roditelje" каде што може да се забележи балансот на трите основни на родителството на слобода Sig: „поставување на цели во форма на јасни барања, давање пофалби и награда кога детето постигнува успеси и наметнување на критики и казна кога децата одбиваат да исполнат одредени барањата на родителството. Овие три основни родителски функции претставуваат едноставен визуелен модел што се нарекува моделот на "Мерцедес"".[23] Авторите на оваа книга ни објаснуваат како да се направи дете, со љубов и соодветни образовни стил, навистина да биде оспособено за самостоен живот во општеството и да одговори на предизвиците во воспитувањето.

Стручњаците се согласуваат дека во процесот на воспитување некои правила се општи и со нивна примена родителите можат да остварат добар однос со своите деца, *и кај нив да поттикнат* убаво однесување. Токму родителските програми се оние кои би им помогнале на родителите, не само за вклучувањето во образовната средина туку тие преку програмите можат да усвојат и одредени воспитни насоки кои би ги користеле со своето дете, пр: поставување на ограничувања, поттикнување на соработка и др.

[23] Milivojević, Z. ,Bilban, K. , Kokelj, V. ,Kramberger, M. ,Steiner, T. & Kožuh,B. (2018). *Mala knjiga za velike roditelje "без ознака".*

## 1.6. Образование

Поимот образование е вториот основен педагошки поим, овој процес како и процесот на воспитание често знаат да направат конфликти бидејќи стручњаците имаат различни ставови за истите.

„Образованието потекнува од латинскиот јазик - *educatus, educate, educere* - изнесува, *ducere* - водење, едукација) тоа е процес на промена на личноста во посакуваната насока со усвојување на различни содржини во зависност од возраста и потребите на поединци. Образованието вклучува и воспитни, покрај образовни содржини. Најзначајна образовна институција од образовно-воспитен карактер е училиштето. Со развиток на системот за комуникација образованието станува глобален процес каде е тешко да се усмерува само во саканиот правец на одредена социјална заедница".[24]

Образованието има поголемо значење од едноставно учење, процес кој е во функција на човековите сознанија. Образованието е продуктивен и корисен фактор во животот на една личност, со негова помош човекот може да изгради сопствен идентитет. Тоа овозможува луѓето да се развијат како личности и да станат политички активни. Знаењето е моќ – оваа поговорка стара најмалку четири века, формилирана од англискиот филозоф Франсис Бекон за време на просветителството, ни денес нема загубено ништо од своето значење. Знаењето е сила, а образованието е основен предуслов за политички развој, демократија и социјална правда. Тоа може секојдневно да се забележи во светот. Големиот Нелсон Мандела, херој на африканскиот народ, но и воопшто на човештвото рекол дека образованието е најмоќното оружје кое може да се искористи за да се смени светот, но дали на подобро или полошо остава сами да одлучиме за тоа. Ако сакаме да дознаеме какво е влијанието на образованието врз една индивидуа тогаш би можеле да направиме компарација преку набљудување на однесувањето на еден добро образован човек и однесувањето на неписмен човек. Ќе добиеме јасна слика за образованието и неговиот точен концепт. Образованието е еден од важните фактори кои ја формираат личноста на еден човек.

[24] https://mk.wikipedia.org/wiki/Образование пристапено на: 18.10.2017

Често се поставува прашањето - Зошто е важно и значајно образованието? Одговорот е многу лесен и едноставен, само образованите луѓе можат да го искористат својот потенцијал. Човекот како суштество неможе да живее достоен живот без образование, бидејќи тој процес е водилка на човекот како да размислува, како да донесува разумни одлуки, да функционира во правила насока. Но, сепак образованието не треба да се разбере само како тренирање на умот, туку и како дел којшто е неопходен за една индивидуа да се чуствува комплетно.

Во семејството се врши и воспитување и образование (учење, стекнување на знаења). Благодарејќи на доброто семејно воспитување треба да се очекува од децата/учениците/студентите добри образовни резултати. "Додека воспитувањето е формирање складни, слободни, самосвесни и креативни личности, досега образованието е усвојување научни знаења, изградување интелектуални, работни, морални, естетски, создавачки, еколошки, физички и виктимолошки вредности и развивање психички и когнитивни особини и способности. Организираното образование се изведува во градинки, училишта и факултети".[25]

Вклучувањето на учениците во процесот на образование особено кај првачињата е тежок период. Потребно е да се пронајде соодветен начин кој ќе одговара на нивната возраст и со кој ќе може да им се објасни на најмалите ученици што е образованието и зошто нам ни е потребно? Од најраната возраст се започнува со буквар и постепено се запознаваме со пишаниот збор. Во оној прекрасен и чуден свет на образование учениците се обземени, но колку тие ќе навлезат во тој свет зависи од самите нив и нивната љубопитност. На почетокот се запознаваме со другите и комуницираме. Потоа во првото одделение покрај создавање на пријателства, запознавањето со буквите и бројките, се осознава и тоа како да се однесуваме во околината. Подоцна децата се соочуваат и го спознаваат чувството на конкуренција и желба како и други слични емоции и чувства каде што веќе можат да ги контролираат. Со текот на годините во образованието коишто претстојат пред учениците во образовниот циклус се изучуваат најразлични предмети и добивање на многубројни информации. Целта на образованието не е

[25] Stefanović, M.(2000), *OBITELJSKA PEDAGOGIJA.* Varazdinske Toplice: Tonimir (str.50).

само да се всадат некои знаења во личностите поединечно, образованието има многу поголема цел и улога во општеството.

Големиот ум од античкото време имал запишано дека образованието е најдобрата животна одлука. Во текот на целиот живот човекот учи и се надоградува себеси, стекнува како формално, така и неформално образование и вештини. Авторот Гај Кавасаки во своето дело „Уметноста на почетокот", има запишано: „Продолжете да учите. Учењето е процес, не дело."

„Образованието може да биде:

- според возраста на учениците: предучилишно, училишно и образование на возрасните;
- според местото каде се остварува: семејно, училишно, вонучилишно и слично;
- според степенот: основно, средно, вишо;
- според карактерот на содржините: природно-научно, општествено, техничко, уметничко, педагошко и слично;
- според намената: општо и стручно итн." [26]

## 1.7. Образовна средина

Поимот образовна средина го означува опкружувањето на ученикот во која тој дејствува и се она што го поттикнува да реагира во истата. Овој термин најчесто се користи како поконкретна алтернатива на поимот „училница". Имено, како синоним на овој поим може да се именуваат „средина за учење" и „физичка околина".

Во општествена смисла, средината за учење може да се однесува на културата на населението и нивната локација.

Образовната средина е може да биде многу разновидна за нејзина употреба, користејќи различни стилови на учење, методи, употреба на нови современи техники и организација.

За успешно вклучување на децата, образвната средина има клучна улога. Во воспитно-образовниот процес акцентот не се става само на она што наставникот го

[26] Баракоска,А. (2007), *Педагогија- учебно помагало.* Скопје: Филозофски факултет, (стр.197).

говори, туку и на она што учениците го слушаат, како тоа го разбираат и го прифаќаат. Токму поради таа причина, оправдано е да се постави прашањето, во каква средина се одвива процесот на учење и создавање?

Фондацијата за образовни и културни иницијативи (FOUNDATION FOR EDUCATION AND CULTURAL INITIATIVES) Чекор по чекор – Step by step во својот прирачник за професионален развој истакнуваат неколку принципи наменети за учители, како:

1. Учителот создава средина за учење во која секое дете се чуствува добро
   - 1.1 Учителот создава средина во која секое дете се чувствува пријатно и како дел од неа;
   - 1.2 Учителот ги почитува децата интересирајќи се за нивните чувства, идеи и искуства;
   - 1.3 Учителот создава услови во кои секое дете може слободно да се изразува;
   - 1.4 Учителот создава средина која ги поттикнува децата да преземат иницијативи за развој и учење;
   - 1.5 Учителот ги поттикнува децата да се зближуваат меѓу себе и да остварат индивидуален однос со него.

2. Учителот создава отворена, сигурна, здрава, стимулативна и сеопфатна физичка средина која ги поттикнува децата на истражување, учење и независност.
   - 2.1 Учителот создава физички сигурна средина за учење, која лесно може да се надгледува;
   - 2.2 Учителот создава пријатен простор за децата кој ги мотивира да учествуваат во разновидни активности;
   - 2.3 Учителот го организира просторот во логично дефинирани области кои придонесуваат кон учењето и развојот;
   - 2.4 Учителот воведува мноштво разновидни достапни и развојно соодветни материјали кои ги стимулираат децата да истражуваат, играат и учат;

2.5 Учителот ги охрабурува децата да земат активно учество во планирањето, уредувањето и одржувањето на својата средина;

2.6 Учителот го прилагодува физичкиот простор кон потребите на индивидуалните деца и на групите деца.

3. Учителот создава средина која го поттикнува детското чувство за заедница и колективното управување со однесувањата на децата.

3.1 Учителот јасно го соопштува очекуваното однесување и секогаш кога е тоа можно ги вклучува децата во донесувањето правила;

3.2 Учителот создава средина која е изградена врз демократски вредности и која поттикнува учество;

3.3 Учителот користи конзистентни рутини за да ја поттикне самоконтролата и самостојноста кај децата;

3.4 Учителот го насочува однесувањето на децата познавајќи го карактерот и развојното ниво на секое дете.[27]

Образовната средина е значајна за целокупниот развој на детето. Таа игра голема улога бидејќи таа треба да ги задоволи специфичните потреби во процесот на учење. Токму затоа при нејзиното креирање не смее да се изостават задачите, игрите, различните работни материјали, истражувањата соодветни на нивната возраст и др. Средината во која ученикот секојдневно функционира во рамки на училиштето треба да овозможи внатрешен мир кај секое дете, а истовремено и да предизвикува возбуда и енергичност. Дали средината ги задоволува потребите , ќе се забележи по тоа колку децата се спонтани , дали лесно се приспособуваат на работно-училишната атмосфера во училницата, едноставно, дали децата се среќни, првенствено дали се задоволени нивните основни потреби. Во 2015 год. од страна на Ливерс се забележува дека „благосостојбата на децата во образовната средина е поттикната кога се задоволени базичните потреби како:

[27] http://www.stepbystep.org.mk/WEBprostor/toolbox/fokusno_podracje_6.pdf пристапено на: 19.10.2017

- физички потреби (потреба да се јаде, пие, движи, спие итн.);

- потреба за близина, топлина и нежност (да се биде прегрнат, физички контакт, близина, примање и давање топлина и љубов);

- потреба за безбедност, јасност и континуитет;

- потреба од признание и пофалба;

- потреба да се доживеат како способни;

- потреба од смисла и од (морална) вредност на нештата." [28]

## 1.8. Градинка

„Градинката претставува установа наменета за згрижување и воспитување на деца од предшколска возраст".[29]

Раниот детски развој е од големо значење за децата и затоа воспитно-образовната дејност во градинката потребно е да овозможи комплетна поддршка на децата да израснат во самоуверени, продуктивни и среќни членови на нашето општество. За тоа потребно е постојано креирање на нови активности и воопшто унапредување и усовршување на воспитно-образовниот процес. Оваа институција претставува „облик за заштита на деца кој како дејност се организира за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитно-образовни, спортско-рекреативни, културно-забавни активности мерки и активности за подобрување и зачувување на зравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до 6 години, односно до вклучување во основното образование".[30]

Како и училиштето така и градинката како воспитно-образовна институција работи според однапред дефинирана програма, а родителите треба да бидат запознаени со нејзините цели, содржини и методи на работа. Целокупното

[28] www.kuleuven.be/research/researchdatabase/researchteam/50000387.htm пристапено на: 20.10.2017

[29] http://www.makedonski.info/search/градинка пристапено на: 20.10.2017

[30] http://www.mtsp.gov.mk/detski-gradinki-ns_article-detski-gradinki-osnov.nspx пристапено на: 23.10.2017

работење и планирање во воспитно-образовната дејност во рамките на градинката се реализира инегрирано. Воспитувачите како носители, креатори на планирањето извонредно точно ги поставува целите, а за нивно успешно остварување потребно е да се опеделат и соодветни активности. Водени од ова мошне внимателно треба да согледа возраста, а потоа и интересите и способностите на секое дете. Примарно, тргнувајќи од календарската возраст на детето потребно е следење од страна на воспитувачот во однос на растот и развојот на детето, со цел тој да овозможи навремено продлабочување и проширување на предвидените дневни активности. Постои палета на програми кои им овозможуваат на родителите да донесат одлука за програмата која сметаат дека најповеќе ќе соодветствува за згрижување и воспитание на нивното дете. Во Р.Македонија згрижувањето и воспитувањето деца се одвива според наведените програми.

Детската градинка според времетраењето остварува програми за:

- целодневен престој (во траење од 9 до 11 часа);
- полудневен престој (во траење од 4 до 6 часа и може да се изведува предпладне, попладне или наизменично ).

Програмите за целодневен престој и програмите за полудневен престој се наменети за деца на возраст до поаѓање во основно училиште и опфаќаат згрижување и воспитување на децата:

- **скратени програми** (во траење од 260 до 600 часа) се наменети за деца на возраст од три години до шест години односно до поаѓање во основно училиште и опфаќаат згрижување и воспитување на децата со или без исхрана на децата;

  Скратените програми се наменети и за деца на подолготрајно болничко лекување;
- **пилот програми** - се програми со посебни педагошки принципи кои се изведуваат во јавни детски градинки по добиено одобрение од министерот по мислење на Бирото за развој на образование;
- **вонинституционални форми за активности со деца** се кратки програми во траење од три часа дневно коишто можат да опфатат: игри, игровни

активности, креативни и детски работилници од подрачјето на културата и уметноста, спортски активности, наменети за деца на возраст од три години до поаѓање во основно училиште и се организираат и изведуваат од јавните детски градинки по добиено одобрение од министерот по мислење на Бирото за развој на образованието".[31]

Градинката во својата организација има создаено групи со деца кои од најрана возраст покрај добиената грижа и нега, овозможува развивање на елементарните навики кај децата како: контролирање на физиолошките потреби, формирање на хигиенските навики, навики за исхрана и др.

Во врска со овој поим следуваат неколку објаснувања во однос на тоа како се развивале мислењата за оваа институција во минатото до денес.

Доколку се навратиме на историјата, значајно е да се спомене дека „еден од корените на предучилишните установи биле така наречените азили; згрижување на децата без родители, а една од првобитните функции (која природно се надоврзува на оваа), била превземањето грижа за децата на родителите кои се на работа, или кога условите во родителскиот дом не се поволни за нивниот развој." [32] Ваквата состојба е резултат на индустрискиот развој и урбанизацијата која неслучајно ги менува односите во семејството, но и во општеството во поширока смисла. Улогата на градинката е значајно да ги згрижува децата со цел родителите успешно да ги извршуваат работните обврски и да делуваат во општеството, секако тие сепак ја имаат најодговорната задача во подигањето на нивните деца.

Подолго време градинките се разработувале како чувалишта на деца, во тој период постоел хигиенски режим, а нивното работење се сведувално на организирање здравствено-хигиенски активности.

Воспитно–обрзовната функција во рамки на оваа институција не била во главен план, но денеска и се посветува големо внимание. Како и во минатото така и денес постојат дискусии за амбивалентната финкција на градинката. Се поставува прашањето: Дали градинките се наменети примарно за згрижување на децата или

[31] http://www.mtsp.gov.mk/detski-gradinki-ns_article-ustanova-za-deca-detska-gradinka.nspx пристапено на: 23.10.2017

[32] Каменов,Е.(1988), *Предучилишна педагогија, 1.* Белград: ЗУНС (стр.187).

пак за нивно воспитание и образование? Од своите забелешки С.Мерклунд (Marklund) во книгата „Предучилишна педагогија 1" истакнува дека постојат две групи на гледишта. „Една од нив ја нагласува улогата на предучилишните институции околу грижата за децата, посебно во случаи кога нивните родители имаат добро вработување или чувањето на децата им е потребно од некои други причини. Втората група гледишта ги истакнува воспитно-образовните цели на предучилишните институции, со кои детето треба да се здобива и да се увежбува на одредени способности." (навод,(Stikat:1976,11).

## 1.9. Училиште

Училиштето е установа во која според однапред утвреден план и програма се одвива целокупниот воспитно-образовен процес. Во оваа институција децата и младите можат да се здобијат со голем број на знаења од повеќе наставни предмети и области, но и вооедно да стекнат искуства. Според речникот на педагогијата тоа е дефинирано како: „Училиштето е самостојна и самоработна институција во која се спроведуваат заедничко воспитување и образование на младите, но и на возрасните по утврден план и програм".[33]

Вклучувањето во училиштето е отежнат процес, во новата средина веќе постојат нови и построги барања, правила, постоење на нови и поинакви односи, како и запознавање на нови примери за идентификација и др. Училиштето е една од позначајните работи во животот на ученикот бидејќи се запознава со планирани активности за развивање на позитивни особини и за спречување на развојот на негативните, во поширока смисла. Главната и водечка улога на оваа институција е да ги задоволи интелектуалните, емоционалните и социјалните потреби на секој ученик, но и успешно да го обликува и стимулира менталното здравје кај децата.

Овој поим има грчко потекло што означува – доколица, односно време на неработа. По некое време поимот „школа" (лат.schola) означувало место кое служи за учење во слободно време.

[33] Педагошки речник II (1967). Београд: Завод за издавање уџбеника, (стр.601).

Тргнувајќи од минатото оваа институција била наменета за организирано воспитување на човекот, од тука се истакнува дека во човековото општество училиштетео е најстара институција која настанала во Египет во третиот милениум пред нашата ера.

Училиштето претставува средина каде што е овозможено на најефикасен начин да се обезбедат:

- мерки за спречување на настанатите социјални проблеми;
- раното откривање на социјалните проблеми врзани за учениците и семејството;
- мерки кои треба да се превземаат во однос на поединци или во семејството со цел да се ограничат штетните последици кои се во надлежност на Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа.

Тргнувајќи од темата на ова истражување неопходно е да ја споменеме соработката на родителите (семејството) како значаен фактор за успешно вклучување на децата во образовната средина.

Несомнено училиштето и семејството се еклатантен фактор за правилен развој на детето и воопшто за формирање на неговиот карактер. Праксата покажува дека потребно е покрај постоечките форми на соработка со родителите да се воведат нови методи на работа со кои ќе овозможат родителите да бидат активно информирани за однесувањето и постигнатиот успех на ученикот. Како познати форми на соработка може да се наведат: индивидуалните контакти, општи и групни родителски состаноци, вклучување на родителите во воспитно-образовната дејност, планирање на различни акции во училиштето, општо и педагошко - психолошко образование на родителите преку трибини, семинари, советувалишта, како и учество во останатите видови работа на училиштето регулирани со Законот за основно образование.

Денес, може да се зборува за повеќе типови, степени и други основи за „класификација на училиштата и тоа :

- по нивота: предучилишни установи, основни, средни, виши, високи, школи, факултети и академии;
- според карактерот на образованието: општообразовни и стручни училишта;
- според траењето: двегодишни, четиригодишни и осумгодишни и др;

- според видовите на струки: економски, музички, земјоделски, наставнички;
- според задолжителноста: задолжтелни и незадожителни;
- според должината на дневната работа: полудневни, целодневни и вечерни;
- според основачите: државни, приватни, мешовити;
- според категориите на деца училишта за: деца со пречки во развојот , за нормално развиени деца, училишта за напредни деца;
- според структурата на учениците во одделението: неподелени училишта, училишта со комбинирани паралелки, училишта со чисти одделенија".[34]

Според педагошкиот речник овој поим може да се дефинира и како:

„Училиште - специјализирана воспитно-образовна установа во која наставниците, врз основа на утврдениот програм, плански и систематски ги пренесуваат своите знаења, ставови и способности на учениците".[35] Наставниците, стручниот кадар на училиштето потребно е да ги познаваат развојните специфичности и потреби на учениците, бидејќи училиштето е институција која е наменета за сите деца без разлика на можностите, способностите и нивната желбата. Доколку се постигне посакуваната училишна клима, тоа ќе придонесе да се намали училишниот стрес, неуспехот, адаптација на учениците при поаѓање во училиште и др.

## 1.10. Неформална средина

„Поимот неформална средина означува неофицијален, незадолжителен, неслужбен простор".[36]

Неформалната средина е местото каде процесот на учење вообичајно се одвива надвор од формалната училница, такви места можат да бидат музеи, театри, аквариуми, технолошки центри и др. Процесот на учење во неформалната средина има поинаква динамика во својата организација во однос на формалната средина. Доколку ги разгледуваме нивните компаративни аспекти ќе забележиме постоење

[34] Баракоска, А. (2007), *Педагогија- учебно помагало*. Скопје: Филозофски факултет, (стр.198).

[35] Педагошки речник I и II (1967). Београд: Завод за издавање уџбеника, (стр.477).

[36] http://www.makedonski.info/show/неформален пристапено на: 24.10.2017

на различни исходи од учењето. Неформалната средина овозможува зголемени вештини и знаења за одредени теми кои преку креирање на различни активности се проследуваат од учениците со голем интерес, љубов кон субјектот и зголемена страст за учење. Во неформалната средина наставниците или менторите ги водат учениците без референца за структурирани резултати од учењето. Во ваквата средина учениците се здобиваат со знаење без наметнати рамки, како што е учењето на нови вештини за работа.

„Тешко е да се направи јасна разлика помеѓу формалното и неформалното учење, бидејќи постои вкрстена врска меѓу двете“.[37]

„Важно е да не се гледаат неформалните и формалните атрибути како нешто разделено, чекајќи да бидат интегрирани. Ова завзема доминантен поглед во литературата и тоа е погрешно. Така, предизвикот не е да, некако, се комбинира неформално и формално учење, бидејќи неформалните и формалните атрибити се присутни и меѓусебно поврзани, без разлика дали тоа ќе го сториме или не. Предизвикот е да препознаеме и да ги идентификуваме“.[38]

---

[37] [McGivney,V.(1999), *Informal learning in the community: a trigger for change and development* (Leicester: NIACE).
http://www.infed.org/archives/e-texts/colley_informal_learning.htm] пристапено на: 25.10.2017

[38] Hodkinson,P; Colley,H;Malcolm,J. (2003), *The Interrelationships Between Informal and Formal Learning*, Journal of workplace learning 15: 313–318.

## 2. СЕМЕЈСТВО

Семејството е суштинска водилка за човекот, тоа само по себе отсекогаш било и ќе остане темел и основа на нашето постоење. Секако постојат различни видови семејства па затоа секој од нас семејството како животна заедница различно го доживува и има сопствена слика за истото. Семејството е нашиот двигател, се раѓаме, се воспитуваме и ги усвојуваме нештата во него, ги стекнуваме основните навики за животот, се запознаваме со моралните норми и вредности.

Семејството претставува корен кој што цврсто се држи за земјата при лошите временски услови, потпора која без оглед на сите проблеми е силно поткрепено. Во таа основна клетка се шират радоста и тагата, креативноста и работењето, творењето и создавањето, давајќи ни сила да умствуваме и осознаваме. Одредувањето на приоритетите во нашиот живот и местото кое ќе му го дадеме на семејството, ќе има огромно влијание во животот на нашите најмили- децата. Дури и ако постигнеме најголеми успеси на сите полиња во животот, а потфрлиме во семејството и одгледувањето и воспитувањето на децата, нашиот успех ќе има горчлив вкус. Семејството е неизбежно, тоа е првата средина на секое дете кое има најпресудна улога во воспитувањето. Како главни носители на тој процес се секако мајката и таткото (родителите). Голем број на педагози, социолози и психолози постојано ја истакнуваат важноста на воспитниот процес и семејството. Исто така постојат доста истражувања и дела кои се посветени на семејството, воспитувањето, правила за родителите, совети за создавање на современо семејство и многу други парадигми.

Стресот, брзото темпо на живеење и желбата за успех го совладуваат денешниот родител, сметам дека ова се само неколку од главните причините кои директно влијаат врз нивната посветеност кон децата и семејството како систем. Како родителите се поставуваат во нивните семејства, ќе одлучи за тоа како нивните деца ќе се поставуваат кон нивните семејства, и со самото тоа, тие имаат огромна улога и одговорност и во наредните генерации.

Семејството претставува една од најстарите општествени групи. Тоа како општествено и природно групирање на луѓето, поставува темели кои се однесуваат на три основни

елементи: прво, биолошки; второ, био- социјални; трето, социјални. Семејството според законот за семејство на Р.Македонија се дефинира како „животна заедница на родители и деца и други роднини, ако живеат во заедничко домаќинство. Семејството настанува со раѓање на деца и со посвојување".[39] Во семејството децата се стекнуваат со знаења, учат, односно целосно се опфатени во процесот на воспитание и образование. Доколку децата добијат соодветно родителско воспитување и третман треба да се очекува од децата/ учениците/ студентите добри образовни резултати. Во литературата се истакнува дека воспитанието е формирање на складни, слободни, самосвесни и креативни личности, досега образованието е усвојување научни знаења, изградување интелектуални, работни, морални, естетски, создавачки, еколошки, физички вредности и развивање психички и спознајни особини и способности. Организираното образование и воспитание се реализира во градинките, училиштата и факултетите. „На субјектите се делува со воспитни и образовни содржини и постапки, но и на нив како примачи секогаш им се овозможува можност за активно учество и повратно информирање (двонасочна комуникација)".[40]

Родителите ја формираат структурата на семејството, од нив зависи бројот на децата, начинот на воспитување, односно одлуката за тоа каква насока ќе му се даде на семејството. Родителствувањето бара од мајката и таткото активен однос кон воспитувањето на нивните деца. Всушност, родителствувањето е сложен и комплексен процес бидејќи како таков во себе вклучува планирање, раѓање, одгледување, развој, обликување и формирање на детската личност. Родителот претставува темел на семејството, од него потребно е да произлегува топлина и љубов која ќе биде неизмерно насочена кон детскиот свет. Секако со развојот и растењето се менува не само детската личност туку и родителот, односно родителската улога. „Родител е оној кој родил односно обезбедил потомство. Машките и женските единки се парат и раѓаат потомство, со што машкиот родител станува татко, а женскиот родител станува мајка".[41]„Семејството е најстара, најтрајна, но и променлива примарна општествена група која се темели на био-репродуктивни, био-сексуални, био-социјални, социо- заштитни и социо- економски врски

---

[39] Закон за семејство на Р. Македонија.

[40] Stefanovic,M.(2000), *OBITELJSKA PEDAGOGIJA.* Varazdinske Toplice: Tonimir,str.52.

[41] mk.wikipedia.org/wiki/Родител

на мажот и жената и нивните родени или посвоени деца, кои се меѓусебно поврзани со бракот, сродството и здружени поради полесно задоволување на разновидни потреби на личноста и семејството".[42] Семејната педагогија како научна дисциплина ги изучува смислата, условите и законитостите на семејното воспитание, како и секоја друга наука поставува цели и задачи, ги истражува принципите, методите и постапките во воспитната работа во целокупниот семеен живот и неговото функционирање.

Во рамки на постоечката типологијата на семејството, постојат различни видови на семејства, од кои повеќето се поврзани биолошки, со брак, посвојување, како и луѓе поврзани преку љубов, обврски, зависност или соработка и во оваа насока McDaniel во делото „Conflict to cooperation" (Конфликт кон соработка) ја истакнува следнава дефиниција за семејството: „која било група на луѓе поврзани биолошки, емоционално или со закон. Тоа се групата на луѓе која човекот ја дефинира како најзначајна за неговата благосостојба". (McDaniel, 2005). Видот на семејството на кое припаѓа детето е помалку важно, од тоа колку се развиени односите меѓу членовите на семејството и нивото на кохезија во рамките на истото семејство. Без оглед на структурата на семејството, децата треба да чувствуваат дека нивното семејство го карактеризира прифатлива општествена форма, која ќе им овозможи да се чувствуваат сигурни и без негативни форми на однесување кон другите во околината.

Промените во општеството и општествените вредности влијаат врз функционирањето на семејството, како и на неговата структура. Поради сето тоа произлегуваат нови и алтернативни облици на семејства како: истополови, еднородителски и др. Сепак како најзастапени ќе ги наведеме следниве:

а) потполно семејство;

б) непотполно семејство;

в) непотполно семејство- со еден родител;

г) разведени родители – разделени деца;

[42] *Социолошки лексикон*, стр.471.

д) очув или мајка во семејството.

Веќе стотици години, семејството постои како моќна структура во која мажите имаат моќ над жените, а возрасните над децата. Таа моќ била апсолутна. Ги зафатила социолошките, политичките и психолошките основи, а за редоследот првенството не се поставувало прашања: прв е мажот, а потоа жената, односно синовите па ќерките. Успешноста на бракот зависела од способностите на жената и нејзините спретности кон мажот, а целта на воспитувањето била да се натераат децата на прилагодување и послушност кон оние што се на власт. Во литературата се наведува дека дури при крајот на столетието, започнало да се обрнува внимание на децата како човечки суштества (битија) со особини на интелектуални и психолошки потреби кои можат да бидат важни за нивната благосостојба и развој. За оние кои сфатиле како треба да се прилагодат, семејството овозможило сигурен темел, но за оние чија особина била природно борбена, семејството и односите во неа можеле да бидат загрижувачки. Оние во кои дошло до знак за пречка биле изложени на одредени постапки ( педагошки и психијатриски) во склад со јасната цел на семејството како моќна структура.

До одредена мера, во која сопружниците и родителите биле уклучени во третманот на жената и децата, ги потикнало на покажување разбирање, љубов и непопустливост, а никако на предавање на својата моќ. Може многу да се зборува и пишува за „доброто старо традиционално воспитување", но неговите позиви влијаат на егзистенционалната состојба и развој. Секако дека одредени нешта во тогашното воспитување во некои раце биле нецелосни и неправедни. Но, денеска соочувајки се со совладување на времето и трката која ни го носи современото живеење мораме да потенцираме дека некои аспекти на тогашното воспитување биле удобни, блиски и среќни. Составен дел од сето тоа, бил и фактот дека меѓу луѓето постоела љубов. Сметам дека еден од главните проблеми со кои се соочваат многу современи семејства е јазикот со кој се служат родителите во воспитувањето на децата. Доколку се направи споредба од минатото и сега би можело да забележиме колку всушност менталната хигиена т.е посветеноста и менталното здравје на членовите е постабилно, за разлика од денеска каде се почесто луѓето сами се носат со проблемите, постојат фустрации, разводи а сето тоа директно се рефлектира врз семејните вредности, животот на детето, неговото воспитување итн.

Во последниве години кај нас е актуелна дебатата за семејните вредности според кои се уредени современите семејства. Промените во економските односи и пред се, поголемата еманципација на жената донесоа определени промени кои во конзервативниот дел од нашето општество неможе да ги апсорбира. Во минатото како пречка за да не се растури една брачна заедница биле децата, но сега веќе не е незамисливо оној кој не е среќен во бракот да се разведе, да се брка кариера пред да се оформи семејството и воопшто да има своја формула за среќата. Но, секако дека тие промени одредени луѓе ги перцепират како погрешни и сметаат дека тие се причина за внесувањето на дисхармонија во семејството и виновни се за тешките услови во кои растат децата.

И додека хармонијата во семејството е прекрасна работа и сите тежнееме кон неа, постојат притисоци кои постојано го истакнуваат „единствениот" правилниот начин на воспитување, а тоа е преку традиционалните семејни вредности. Семејството треба да создаде заштитна рамка, односно родителите како негови носители да не ги слушаат останатите туку самостојно да одлучат кој модел на воспитување ќе им претставува приоритет, на кој начин сакаат да ги воспитуваат своите деца и какви личности сакаат да обликуваат.

## 3. ЗНАЧЕЊЕ НА РОДИТЕЛСТВОТО ВО СОВРЕМЕНОТО ЖИВЕЕЊЕ

Родителството е процес, и со самото тоа не е ниту статичен ниту ограничен од времето во кое ќе се создадат саканите резултати. Многубројните активностите и одговорностите на родителите, како и самите родители, се менуваат и развиваат заедно со своите деца. Ваквиот процес на промена и приспособување трае цел живот. Сепак, иако многу наши наоди се попристапни од пред само неколку децении, се поинтензивно е чувството дека денес е се потешко да се биде родител. Но, потребно е да се разгледа зошто се почесто родителството станува предизвик и всушност кое е неговото значење во современото живеење.

Постојат детски психолози и експерти кои работат со денешните модерни родителства, па така д-р Бека Балингер е една од нив која им помага на родителите да сфатат како да ги решаваат предизвиците кои следуваат со модерното родителство. Таа во своето работење имала можност да добие увид во она што е на умот на овие генерација на модерни родители.

Денешните модерни родители пред себе имаат многу предизвици и препреки, и потребно е постојано да се справуваат со истите. Овие модерни родители свесни се дека ги чекаат истите грижи што родителите на нивните родители , баби, дедовци требале да ги решаваат – плус многу повеќе. Но, во ова современо брзо живеење на родителите покрај дополнително време, енергија и напори, потребни им се и јасни насоки за да ги разберат ефективните начини на родителството во средина која често ги поттикнува мрзеливоста, плиткоста и правото, со цел да се воспитаат паметни, убави и добри деца. Експертот за модерни родители д-р Бека Балингер истакнува дека „повеќето модерни родители одат над и подалеку за да знаат како да ги одгледуваат децата кои се интересни, убави и морални во денешниот свет " [43].

Родителскиот водич Ева Ценер – специјалист за развој на децата, специјалист за однесувањето на децата и авторка на KEEP CALM AND RATENT ON (Atria,2014) истакнува дека модерното родителство е во сериозна криза. Таа како водич на

[43] http://www.parentingthemodernfamily.com/modern-parents-fear пристапено на: 07.01.2018

интегрирање на најдобрите пристапи и практики од американските и англиските стилови за родителство во својата работа со деца и нивните родители истакнува дека има неколку проблеми кои се алармантни, како: „страв од нашите деца; спуштена лента; губење на видното поле; потпирање на електрониката (губење на трпеливоста); родителите ги поставуваат потребите на своите деца пред своите“ [44].

Секоја единка пред да се запознае со својата улога на родител е неподготвена, но гледано во поширока рамка тоа е и невозможно. Сето ова произлегува од несигурноста кај родителите за својата издржливост, нерви, чувства, а понекогаш и дури здравиот разум. Притисокот создаден од околината (често баби и дедовци, братучеди, пријатели, па дури и едукатори, но исто така и соседи, случајни минувачи) понекогаш е толку голем што родителите се чувствуваат беспомошни и изгубени дури и во некои секојдневни ситуации. Стравот од губење на контролата и авторитетот над детето сугерира дека тие го прават она што тие го сметаат за социјално прифатливо и очекувано, а не во длабочините на душата што чувствуваат дека треба или е повеќе од корист за детето и за нивниот однос. Фустрациите, збунетоста и преиспитувањата за своите чекори се присутни кај секој родител кога детето поминува низ некоја развојна фаза, но постојат и родители кои инстиктивно знаат дека правилно постапуваат во секоја ситуација. Некои во нешто понекогаш грешат, но сепак умеат да се снајдат во одредена ситуација.

Друг важен фактор кој ги отстранува родителите од неговата суштина (и ја отежнува оваа улога) е огромноста на информациите кои ни стигнуваат преку различни канали и во разни форми. Новите технологии, секако, придонесоа за побрзо и поголемо споделување на информации, се е далеку или подобро достапно на клик или допир, но ова напредување на генерацијата на млади родители им ја скрати онаа вештината која во родителството е од огромна важност, а тоа е трпението.

Во динамиката на денешното живеење и се поголемиот број на разводи несмее да се заборави среќата која ја носи самото родителство. Среќата се исплати во голема мера - носи многу забава, прегратки и блискост, а понекогаш и знак за благодарност, не смее да

[44] https://www.huffingtonpost.com/emma-jenner/modern-day-parenting-in-c_b_5552527.html пристапено на: 07.01.2018

се занемари и задоволството додека се следи растењето на децата во пристојни личности на кои родителите би биле горди.

„Денешните родители се соочени со историски единствена задача. Тие мора буквално отпочеток да измислат партнерство меѓу мажот и жената , а воедно и водство во однос на децата и на младите и сетоа тоа да биде во склад со најновите вредности и цели, како што се рамноправно достинство и автентичност, со што би се одбегнале загрозување на интегритетот на децата и младите“.[45]

„Доколку го проучуваме родителството, ќе почнеме да забележуваме обрасци на однесување – тактики, техники и принципи кои го извелуваат она најдоброто од децата и кои можат да се применат - без разлика на карактерот на детето“ [46].

Сепак едно е сигурно процесот на родителство нема крај и токму затоа родителската љубов е неопходна за детскиот развој, а модерното родителство е симбол на несебично дарување и жртвување и е во склад со детската потреба за љубов. Љубовта како основна и човекова потреба е неопходна кај децата поради зависноста од родител и несамосталноста на секое дете. „Детето има потреба од емоционална врзаност за најдрагите луѓе – за сопстевените родители. Потребни му се родителска насмевка, допир, галење, играње, шетање, средби, разговори. Без тоа децата се потиштени, немирни, тажни, жаловни“.[47] Родителската љубов е неопходна во детството, бидејќи таа ќе им даде сила и храброст на децата да се справат со сите потешкотии низ животот. Доколку децата се лишани од истата кај нив ќе се јават емоционални проблеми и чувството на среќа ќе биде минимално. Токму затоа родителството треба да биде исполнето со многу љубов, а истата ќе придонесе за формирањето на нормален телесен и психички, интелектуален, емоционален и морален развој на детето.

---

[45] Juul, J. (1995), *Vase kompetentno dijete*. Zagreb: Eduga, Nakladno drustvo, str.254.

[46] Temlar,R. (2008), *The Rules of Parenting*, U.S: Tim moore, str.14.

[47] Stefanovic,M.(2000), *OBITELJSKA PEDAGOGIJA*. Varazdinske Toplice: Tonimir,str.237.

## 4. ВИДОВИ РОДИТЕЛИ

Луѓето меѓусебно се разликуваат, а со тоа и воспитниот стил во нивниот однос со детето е различен кај секој родител. Секој вид посебно си има свои предности и недостатоци, но доколку крајниот резултат е здраво, весело и убаво воспитано дете, не е важно во кој вид припаѓа родителот. „Воспитниот стил на родителите може да е резлутат на спонтано и стекнато однесување од страна на родителот кое може да е планирано и насочено кон промена на однесувањето на детето". [48] Сепак важно е да се напомене дека треба да се одржува и преферира заемно почитување помеѓу родителот и детето и да не се доведе целокупното воспитување во апсолутна слобода која би водела кон анархија.

Во психологијата денес постојат четири главни стилови на родителство: авторитативни, невнимателни, попустливи и авторитарни. Секој носи различни карактеристики и предизвикува различни реакции кај децата на кои тие се користат. Важно е да се има на ум дека односот помеѓу родителите и децата е различен, па затоа нема еден сигурен начин за родителство.

Во 1960 година Дијана Баумринд извршила извонредна работа за видови на родителство, а нејзините категории можат да се сретнат во многу учебници наменети за психологија. Нејзината класификација најпрвен излегла со три стилови, каде што потоа додала уште еден, но со многубројни направени истражувања истите категории се проширени.

Авторитетен - се смета дека ова е здрава категорија на родители според Баумринд. „Авторитативните родители се цврсти, но не груби или агресивно казниви. Тие се отворени за преговори. Станува збор за родители кои ги учат своите деца на конструктивни односи и вештини за адаптација. Тие ги сакаат своите деца и се способни за тешка љубов ако е потребно. Нивните деца растат да бидат добро приспособени, независни и способни за сочувство – создавајќи темел на здрави односи." [49] Овој вид на родителство се смета за најефикасен и корисен стил на родителство за деца кои немаат проблеми во своето однесување. Авторитативните родители се лесни за препознавање,

[48] Котева – Мојсовска, Т. (2006), *„Семејното воспитание и социјалното однесување на децата"*. Скопје: Академски печат, (стр.69 ).
[49] https://blogs.psychcentral.com/psychoanalysis-now/2016/12/10-types-of-parents-and-their-effect пристапено на: 05.01.2018

бидејќи тие се обележани со високите очекувања што ги имаат нивните деца, но тие очекувања ги смируваат со разбирање на поддршката и за нивните деца. Овој тип на родителство создава најздрава средина за растечко дете и помага да се постигне продуктивна врска помеѓу родителот и детето.

Постојат повеќе индикатори кои служат за препознавање на родителите од овој вид.

- Дали има кршење на правилата во домаќинството?
- Дали детето ги разбира очекувањата што се поставени за нивното однесување и дали постојат разумни очекувања?
- Дали има здрава и отворена линија на комуникација со детето?
- Дали детето чувствува дека може да разговара со родителот за нешто, без страв од негативни последици или сурова пресуда?

Една од најважните особини за имитирање во авторитативниот стил на родителство е отворен стил на комуникација со детето. Доколку родителот може да ја поттикне способноста да разговара со своето дете без пресуда или опомена, ќе се постигне поголема веројатност да имаат увид во животот и разбирањето на детето, обезбедувајќи му на детето подлабоко разбирање на светот околу нив. Родителот потребно е да знае дека овој вид на родителство не функционира доколку детето има проблеми во однесувањето или некои други особи кои претставуваат проблем во ракувањето. Во вака дадениот случај потребно е родителството да се прилагоди и соодветно да се побара советување.

Невнимателни: „Некои родители ги лишуваат своите деца на секое вистинско родителство. Овие родители се фатени во себе и во сопствените светови. Понекогаш тие се работохоличари кои немаат време за родителство; понекогаш тие се зафатени со "борби" цело време и едвај свесни за своите деца. Нивните деца растат без никакво чувство за тоа кои се тие или како да се навикнат на комплексноста на животот. Тие немаат самодоверба и се духовно сиромашни“.[50]

[50] https://blogs.psychcentral.com/psychoanalysis-now/2016/12/10-types-of-parents-and-their-effect пристапено на: 05.01.2018

Невнимателното родителство е еден од најтешките видови на родителство што може да се применува со детето. Овој вид на родителство за разлика од другите стилови се смета за несоодветно родителство од причина што родителот флуктуира во невнимателност како одговор на однесувањето на детето. Ваквото родителство е штетно за децата, бидејќи тие немаат доверба со нивните родители од кои ќе го истражуваат светот. Освен тоа, децата кои имаат негативен или отсутен однос со нивниот родител ќе имаат потешкотии и им е потребно повеќе време да формираат односи со други луѓе, особено со деца на нивната возраст. Овие родители уште се нарекуваат "занемарени" и имаат потреба од помош за да можат да се вратат на вистинскиот пат во рамки на своето родителство, со цел да имаат здрав и комуникативен однос во семејството.

Индикатори:
-Дали родителот се грижи за потребите на детето - емоционално, физички и др.?
-Дали родителот има разбирање за тоа што се случува во животот на неговото дете?
-Дали дома се обезбедува безбеден простор за детето каде што може да ги сподели своите искуства и да се очекуваат позитивни повратни информации наместо негативни или повратни информации?

-Дали подолго време поминува родителот надвор од домот, оставајќи го детето само?
-Дали родителот ги познава пријателите на своето дете, како и наставниците?
-Дали родителот е вклучен во животот на своето дете надвор од домот?

Доколку родителот припаѓа во овој вид, потребно да се знае дека детето е во невнимателно домаќинство кое е штетно за детето. Родителите кои имаат тенденција кон вакви стилови на родителство може лесно да им се помогне преку соодветни образовни родителски програми.

Попустливи: „Попустливите родители не поставуваат граници за своите деца, својата љубов ја покажуваат со давање дозвола на своите деца за сè што сакаат. Тие треба нивните деца да ги одобрат како родители и со тоа неволно им даваат на своите деца моќ над нив. Нивните деца често стануваат расипани и самозадоволни и имаат право да се здобијат со

живот, а кога не го добијат тоа, тие прават ужасни бесмислености".[51]

Ова родителство, исто така познато како снисходливо родителство и е уште еден потенцијално штетен стил на родителство. Станува збор за родители кои имаат тенденција да бидат благи додека се обидуваат да избегнат конфронтација. Придобивката од овој стил на родителство е тоа што тие обично се многу негувани и љубезни. Сепак, негативите ги надминуваат овие придобивки. Неколку правила се поставени за децата на попустливи родители, а правилата се неконзистентни кога тие постојат. Овој недостаток на структура предизвикува овие деца да растат со мала самодисциплина и самоконтрола. Некои родители го прифаќаат овој метод како екстремен спротивен пристап кон нивното авторитарно воспитание, додека други едноставно се плашат да направат нешто што може да го вознемири нивното дете. Како карактеристики на попустливите родители може да се наведа следниве:

- немаат поставено лимити и правила за нивното дете;
- често ги компромитираат правилата за да ги задоволат желбите на своето дете;
- ги избегнуваат конфликтите со нивното дете;
- немаат добра подготвеност да бидат најдобри пријатели со детето, а не родител;
- често го поткупуваат своето дете со големи награди.

Овие опишани особини означуваат нездраво дозволив стил на родителство. Можеби изгледа како ова да е омилен стил на родителство на детето, бидејќи обезбедува чувство на слобода без последици, меѓутоа, децата копнеат на чувство на структура за да можат да се чувствуваат безбедно. Важно е во развојот на детето за да има јасно разграничување на родителските и детските улоги. Промисленото родителство може да има долготрајни штетни ефекти.

Други штетни ефекти на попустливо родителство вклучуваат:

[51] https://blogs.psychcentral.com/psychoanalysis-now/2016/12/10-types-of-parents-and-their-effect пристапено на: 06.01.2018

- несигурност кај децата од недостаток на утврдени граници;

-слаби социјални вештини, како што се споделување, од недостаток на дисциплина;

- самоцентричност;

- слаби академски успеси од недостаток на мотивација;

- судир со авторитет.

Овој вид на родител неопходно е да започне со поставување на граници и правила за неговото дете, додека сеуште носи одговорност пред да биде доцна.

Авторитарен: „Ова е типот на родителството "Мој пат или автопат". Авторитарните родители се родители на диктатор кои првенствено ја користат казната (не награда) за да ги одгледуваат своите деца. Честопати, казната се спроведува во срам. Децата на авторитарните родители растат исплашени, несигурни, лути и неприлагодени. Често, како возрасни, самите тие стануваат авторитарни родители и ја повторуваат истата шема“.[52]

„Сите ние имаме способност да се подигнеме интелигентни, самоспознаени, емотивно моќни деца, но честопати погрешно ги разбираме верувањата и лажните митови за родителството, но и нашите внатрешни ограничувања“.[53] Д-р Цабари е истакнат клинички психолог и автор на светски познати родители. Тој во своето делување работел со различни видови т.е. стилови на родители и имал можност да ги анализира нивните стравови и илузии, кои често биле транспонирани од нивното детство, а истите тие истаканал дека се причина за спречуваање да станат најдобри родители: целосно присутни и свесни.

Авторитарното родителство, исто така наречено строго родителство, се карактеризира со родители кои бараат, но не се одговора. Авторитарните родители дозволуваат малку

[52] https://blogs.psychcentral.com/psychoanalysis-now/2016/12/10-types-of-parents-and-their-effect пристапено на: 06.01.2018

[53] Tsabary, S. (2018), „*Osvijestena obitelj*“, Zagreb: Planetopija.

отворен дијалог помеѓу родителот и детето и очекуваат децата да ги следат строгите правила и очекувања. Тие обично се потпираат на казна за да бараат послушност или да научат лекција.

Како карактеристики на овој вид родителство се наведуваат:

- родителот има строги правила за кои мисли дека треба да се следат без разлика на се;

-родителот не објаснува за правилата и често ја користи реченицата „Бидејќи јас така реков";

-ретко даваат повеќе избори и одлуки на своето дете;

-се наоѓаат себеси во корист на казната како средство за добивање на нивното дете да го стори она што го прашуваат;

-резервирани се во количината на топлината и негувањето што го покажуваат кон своето дете.

Додека структурата и правилата на авторитарниот родител се неопходни за здрав развој на детето, сите добри работи може да бидат претерани. Неопходно е да се балансира обезбедената структура со отворена комуникација, па детето точно знае зошто е важно тие да ги следат правилата поставени пред нив. Децата на авторитарните родители се склони да имаат ниска самодоверба, да се плашат или да бидат срамежливи, да ја поврзуваат послушноста со љубов, да имаат потешкотии во социјалните ситуации и можеби да се однесуваат несоодветно кога се надвор од родителска грижа.

## 5. РОДИТЕЛСКИ ПРИСТАПИ ВО ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС НА ДЕЦАТА

Секој сака да бидеме најдобар родител за своето деца, но често постојат конфликтни совети за тоа како да се подигне личност која ќе биде уверена, љубезена и успешена. Во текот на циркусниот чин на родителство, важен е фокусот и балансирањето на приоритетите, жонглирање на одговорностите и брзото менување помеѓу потребите на децата, другите членови на семејството и себе. Модерните родители го имаат целиот технички свет и токму поради тоа родителот се соочува со тешкотии во однос на вистинското време, да се знае кого или на кој пристап да му се верува.

Ако го прифатиме фактот дека детето учи така што не набљудува и имитира, тогаш треба да му бидеме модел, пример, идол. Родителите често очекуваат децата да ги послушаат без да се бунат, да ги почитуваат, но тешко се соочуваат дека самите тие треба да му го покажат на своето дете тоа со нивниот пример. Родителите честопати не се согласуваат или имаат сомневања затоа што мислат дека треба и мора спротивно, мислејќи дека ќе го изгубат авторитетот и контролата ако го променат пристапот до детето. Сите ние, а особено децата, учиме многу повеќе кога сме во состојба на позитивни емоции отколку кога ни се наметнува строгост и негодување или било каква цврста врска. Корисно е за родителите да се запрашаат дали сакаат да го задржат својот авторитет или да развијат доверба во својот пристап. Родителскиот пристап во воспитно образовниот процес кај децата е од исклучителна важност за развојот на секое дете. Разбирањето на развојните фази, препознавањето и прифаќањето на разликите помеѓу родителите и децата, како и децата меѓусебе, познавање на елементите кои влијаат на развојот на емоционалната интелигенција, конструктивната комуникација – се основа за позитивно родителство и создавање доверливи односи и пристапи.

Постои море од идеи, сугестии, други искуства (од целиот свет) кои звучат доста примамливо. Се чини дека „ова или она" лесно и брзо може да го реши „проблемот", и кога родителите мислат дека го пронашле најдобриот модел, испливуваат новите предлози за родителскиот пристап во воспитно- образовниот процес. Јасно е дека кога нема конзистентност, нема резултат, бидејќи на децата им се потребни насоки и граници. Без

трпеливоста да се „издржи" до крајот на секој модел на воспитување, и родителите и децата се ставаат во ненадмината ситуација. Секогаш кога нешто постојано се тестира, пробува, се менува, децата немаат јасно воспоставени правила и родителите немаат сигурност сами по себе, бидејќи резултатите често изостануваат.

Да се биде ефикасен родител значи да му се помогнете на детето да се развие, со полн потенцијал, да се чувствува сакано, прифатено, ценето, како дел од семејството и воопшто воспитно- образовниот процес. За да можат родителите да го постигнат тоа, примарно е да се создаде чувство на сигурност и вера во себе и во своите способности, да ги утврдат правилата што ќе ги следат во нивното воспитание и да се фокусираат на детето, себе и на развојот на нивната врска, како и да се спротивставаат на притисокот од животната средина.

Активното дејствување на родителите и воопшто нивното присуство во воспитно-образовната работа независно дали станува збор за предучилишна или училишна средина е од исклучителна значајност. Таквото учество и активно ажурирање на родителот во себе носи вредност во средината која се состои од: „јакнење на врската воспитувач /наставник- родител - дете; создавање ведра и пријатна атмосфера во воспитно-образовната средина; родителите можат да имаат непосреден увид во оденсувањето на своето дете со однесувањето на другите деца; родителите комплетно и правилно ја запознаваат организацијата на животот и работата во градинката/училиштето, и што е особено значајно, стекнуваат правилна претстава и подобро ја разбираат функцијата и целта на воспитно – образовната средина установа, што придонесува за поголемо уважување на воспитниот позив".[54]

Со раѓањето на детето, а потоа и со започнување на посета на децата во воспитно-образовните институции родителите се насочуваат како најдобро да пристапат кон детето и да му го овозможат најдоброто во тој процес. Најчесто тие се водат од нивните чувства, односно од внатрешниот глас за се она што треба да го направат како родители. „Како што вашето дете се развива, предизвиците ќе се променат, и вашето размислување може

[54] Велјановска-Камчевска,Б.(1999), *Предучилишното воспитание и образование како отворен систем.* Скопје: Педагошки факултет„Св.Климент Охридски" (стр:32).

да се развива, но вашиот пристап треба да биде конзистентен, цврст и љубезен. Помогнете му на вашето дете да научи преку искуството што прави напори да гради доверба и да ви помогне да научите да се справите со предизвиците. Калибрирајте ги вашите очекувања за тоа што вашето дете е способно да го прави самостојно, без разлика дали имате бебе за учење да спие преку ноќ, дете што помага да ги отстраните играчките, или помладо дете да ги реши конфликтите".[55]

Модерните родители имаат различни родителски пристапи што е и природно, но потребно е да се истакне дека не постои вистински начин да се обликува личноста на детето.

[55] http://www.parentingthemodernfamily.com/fundamentals-achieving-mastery пристапено на: 16.01.2018

## 6. ВИДОВИ РОДИТЕЛСКИ ПРОГРАМИ

Постојат многубројни видови на програми за родителство. Овие програми се дизајнирани да ја подобрат ефективноста на родителите преку обезбедување на јасна филозофија за родителството, како и да го истакнат сетот на позитивни вештини и стратегии за родителство. Има постоење на различни програми кои се дизајнирани исклучиво за решавање одредени прашања или пак за изнаоѓање излези од сите потешкотии кои родителите ги имаат во вклучувањето на своите децата во образовната средина. Родителските програми практично се содаваат така што примарно тргнуваат од потребите на родителите со кои се работи, а потоа се одбираат оние кои се прифатливи за нив. Програмите имаат една единствена цел – да дадат поддршка на родителите во нивната задача како родители за подигање на децата. Овие програми не делат униформна интервенција, но имаат една заедничка цел – да го подобрат животот на децата и една заедничка стратегија – да влијаат врз децата преку создавање на промени во ставовите, знаењето и/или однесувањето на родителите. Постои силен консензус дека родителите се важни за тоа како нивните деца се развиваат и функционираат во воспитно-образовната средина, но и воопшто. Со предизвиците во современото живеење, родителството заслужува поголема поддршка, односно потребни се заеднички напори за да им се помогне на родителите во исполнувањето на нивната родителска улога.

Влијанието на семејството вклучувајќи ги и неизбежните средински услови имаат големо значење во развојот на детето, резултатите на компензаторските програми кои се одвивале во институциите и семејството во воспитно-образовната страна кај децата, иницирале разработка на програми кои имале многу различни стратегии, но сепак нивно заедничко карактеристично својство било влијанието на детскиот развој преку нивните примарни Воспитно-образовен кадар-родители.

Резултатите кои што се добиени од бројните истражувања во Велика Британија и САД, даваат податок за тесната поврзаност помеѓу културната средина на родителскиот дом и детстките способности и успехот во училиштето. Спроведените истражувања даваат можност за поактивно вклучување на родителите и насочување за потребното внимание

во реализирањето на задачите од програмата на предучилишното воспитание и образование.

Од строго определена основа, М.Вудхед формулира неколку појдовни точки кои се наведени во книгата на проф. д-р Татијана Мојсовска под наслов „Семејното воспитание и социјалното однесување на децата" кои се наменети за успешноста на соработката помеѓу предучилишната установа, семејството и локалната општествена заедница. При разгледувањето на овие принципи може да се забележи суштествената порака која ја има во секој од нив. Имено, преку истите добиваме јасна и концизна слика за тоа како треба да изгледа соработката помеѓу семејството и предучилишните установи во интерес на воспитно-образовната средина во која децата функциорираат. Позитивната активната комуникација како и договорот со родителите ќе овозможат да се заштити детското учење од расцепканост и ќе го направат целоно и континуирано.

1. Воспитанието е континуиран процес кој насекаде се одвива. Предучилишната установа е само една од средините во кои детето учи. Најважна образовна средина во предучилишниот период е семејството. За да биде успешна, постапката во предучилишната установа треба да се надградува на она што веќе е стекнато во семејството.
2. Не треба да се расцепка детското искуство на различни аспекти. Програмата што се остварува во институцијата не треба да се одликува од искуствата што детето ги стекнува во семејството и локалната општествена средина.
3. Професионалните воспитувачи не треба да гледаат на установата како на единствена средина каде што се одвива воспитанието.
4. Неможе да постои единствен модел за целото предучилишно воспитание и образование. Планирањето во оваа област треба да биде локално обоено и да излегува во пресрет на локалната општествена заедница на која и служи предучилишната установа.
5. Воспитанието не е статички процес. Општествената заедница постојано се менува; планирањето во предучилишната установа треба да биде доволно флексибилно за да се приспособи на тие промени.

6. Планирањето на предучилишното воспитание и образование треба да го вршат заеднички: професионалните воспитувачи, администрацијата, родителите и претставниците на локалната општествена заедница.

Вака насочената заедничка дејност би требало да биде вклучена на сите нивоа, главно од колективната политика што се води во предучилишното воспитание и образование во секоја воспитна група во рамки на градинката.

Следниве програми иако се создадени поодамна, оставиле значаен белег, тие им помагале на родителите да пораснат среќни и самоуверени деца, да изградат одреден начин на однесување кај децата во согласност со сопствените родителски критериуми.

### 6.1. **Детска куќа** (Children's House, J.R.G Tomlinson: 1977)

Од согледаната потребата за организирани соработки помеѓу воспитно-образовните установи и семејството, во Велика Британија традиционално постоела т.н. „детска куќа". Оваа институција, според Каменов била наменета исклучиво за успешно и позитивно воспитување, како поддршка на младите родители. Основни карактеристики на ваквата постапка биле: "детално планирање на воспитно-образовната постапка како на самиот нејзин почеток така и при евалуацијата на нејзините ефекти: ширина, зафат и сите фактори, координацијата меѓу нив и флексибилноста во пристапот". [56] Детската куќа овaward овозможила поголема сила во соработката со релевантните фактори.

Проектирањето на оваа установа било креирано исклучиво според потребите и мислењата на сите заинтересирани. Таа претставувала удобен амбиент, што всушност било и основна цел на институцијата. Значајно е да се забележи дека се избегнати конвенционалните училишни мебели и стандарди за изгледот на амбиентот, но исто така и создавање на креативни услови со цел родителите почесто да ја посетуваат оваа установа, да комуницираат меѓусебно, да собираат информации и знаења за своите деца и за се она што е потребно за нивниот оптимален развој.

[56] Kameno, E. (1982) *Eksperimentalni program za rano obrazovanje*. Beograd: Zavod za udzbenike I nastava sredstva.

### 6.2. **Група за детски развој од Мисисипи** (Child Development Group of Mississippi, Levju: 1967)

Групата за детски развој од Мисисипи била една од оние групи кои акцентот во своето развивање го ставаат на односите помеѓу „центрите за детскиот развој" и потесната општествена заедница.

Во првата фаза од проектот потребно било да се увидат факторите кои го предизвикуваат „лишувањето" во родителскиот дом и општествената заедница, а потоа тие фактори да се испитаат заедно со нивните најдобри познавачи-родителите. На крајот би следела фаза во која, во соработка со родителите, експериментално ќе се разработуваат и проверуваат условите во кои ефикасно ќе може да се дејствува на факторот „лишување".[57]

### 6.3. **Блумингдејл семејна програма** (Bloomingdale Family Program)

Семејната програма Блумингдејл претставува концепт кој има посебна сензибилност кон соработката со родителите која се одвивала паралелно со воспитната работа кај децата од предучилишна возраст. Главна карактеристика на оваа програма е важноста на родителот и неговата незаменлива улога во воспитно-образовната средина.

Имено, станува збор за постара програма која е основана во 1966 год, учество земале повеќе од сто семејства чии деца посетувале градинка. Родителите како независни во ова програма биле известени за нивната улога и за се она што треба да се постигне. Станува збор за програмска рамка во која родителите решавале различни предизвици од воспитно-образовната средина, носеле одлуки за многубројни проблемски ситуации во улога на т.н. помошни воспитувачи". Вака поставената работа овозможила родителите да споделуваат искуства и да комуницираат во „слободното" време кога не работеле непосредно со децата.

Исходот од оваа програма бил позитивен и резултирал со промени во однесувањето на многу мајки. Најповеќе промените се јавиле кај родителите, односно нивното знаење за поттикнување и постапките на детскиот развој се значително се зацврстиле. Како заклучок

[57] Ibid, str.169.

од оваа програма се изведува следниов: „развивањето кај општите способности кај децата е позначајно отколку развивањето на некои специфични умеења".

Блумингдејл програмата за семејство денеска претставува национално призната програма која е исклучително е наменета за раното детско образование посветена на успехот на училиштето за деца чии што семејства имаат ниски приходи во Менхетен. Оваа целодневна образовна програма нуди:

- превентивни услуги на самото место за деца со посебни потреби за учење
- континуирана поддршка за децата по преминувањето во основното училиште
- родителски програми кои го поттикнуваат застапувањето, саморазвивањето и вклученост на заедницата.

Блумингдејл продолжува да служи како демонстрациона програма за она што во најдобар случај - може да им понуди на децата и нивните родители. Година по година, посетителите го посетувале Блумингдејл за сите оние акции кои што ги овозможува. „Програмирање планери, едукатори и истражувачи, дипломирани студенти и владини претставници од САД и од странство набљудуваат како Блумингдејл создава средина каде што децата стануваат сигурни ученици и каде родителите се охрабруваат да ги извршуваат своите образовни и професионални аспирации. Тие набљудуваат како родителите, учениците, училиштето и заедницата се ангажираат како партнери во човечкото претпријатие каде се слуша секој глас и секој глас е важен на заедницата. Успехот на овој пристап е добро документиран и рентабилен. Децата кои добиваат услуги за поддршка од Блумингдејл се преселуваат во основно училиште, подготвени за предизвик и сакаат да учат". [58]

Годините пред градинката се критичен период за интелектуалниот развој на децата. Нема повеќе сомневање дека инвестирањето во предучилишните години значи поголем успех во училиште и во животот. Блумингдејл е пример за тоа како комбинирањето на вклученоста на родителите со силна програма за рано детство може да постави основа за

[58] http://www.bloomingdalefamilyprogram.org/programs пристапено на: 07.02.2018

успех во училиште за некои од најранливите деца во државата. Овој модел се базира на следниве клучни компоненти: збогатен наставен план; квалификуван и грижлив персонал; рана идентификација на можните развојни проблеми на децата за да може да се обезбеди навремена интервенција и поддршка; и силна улога и глас за родителите, што ги оспособува да станат застапници за своите деца.

### 6.4. Програма за родителска интервенција (Parent Intervention Programme)

Станува збор за програма од 1976 година реализирана на територија на Велика Британија. Програмата за родителски интервенции ставила акцент на: развој на речникот, нумеричките поими, запознавање со временските и просторните односи, како и со боите и облиците. Всушност Донакли практично врши истражување кое временски траело 4 месеци. Како популација во истражувањето се родителите на деца од возраст на три и четири години. Глвната активност на родителите била еднодневната посета на состаноците во предучилишната установа. Таквото циркулирање на работниот процес вклучило и заеднички читања на децата со својот родител, а исто така констриурана била и кратка програма од половина час која родителите требале да ја применат во текот на денот, за времето кое се поминува дома. Резултатите кои се добиени од теренското испитување довеле до заклучок дека родителите имаат круцијална улога во воспитно-образовната работа, но и децата имале значително напреднување на Станфорд Бинеовиот тест на интелекенција и на Рајнеловите јазични скали како краен дел од ова истражување.

Семејството е составено од многу меѓусебно зависни подсистеми. Однесувањето на родителите е еден од потсистемите на семејниот живот. Промената на однесувањето на родителите може да има длабоки реперкусии врз други аспекти на семејниот живот. Имено, соработката е неопходна, родителите можат да се спротивстават на усвојувањето на пропишаните техники за одгледување на деца, доколку сметаат дека тоа ќе наруши некој друг аспект од нивниот семеен живот.

Како некои од размислувањата на д-р Питер Ернест Хајман (Peter Ernest Haiman) -доктор за решавање на проблеми со одгледување на деца и адолесценти, за програмите за родителските интервенции ќе ги истакнеме следниве:

- Родителите не треба да се учат да бидат наставници на нивните деца. Родителите стануваат учители секогаш кога тие комуницираат со своите деца. Сепак, содржината и наставната стратегија што ја користат родителите не може да доведат до развој на академски успешни деца.
- Целта на програмите за интервенција не е родителите да ги направат наставниците на своите деца, туку да влијаат на она што родителите го учат и како и кога го учат. Оваа диференцијација е важно за планирањето на програмата, бидејќи го потенцира фактот дека напорите за интервенција мора да бидат дизајнирани да ги изменат веќе постојните шеми на однесување на родителите.
- Наместо фокусот да се стави на предавање на новите стратегии за родителство и наставни техники, програмите кои се дизајнирани да ги променат постојните модели на однесување на родителите, мора да се засноваат на соодветна теорија за однесувањето на возрасните и промената на ставовите. Д-р Питер Ернест Хајман вели: „Пред да се воспостави, програмата за интервенција со цел да го смени однесувањето на родителите мора да се објасни како истата ќе ги мотивира родителите да го променат своето однесување - да ги отфрлат старите практики за родителство и да усвојат нови ".[59]

## 6.5. Инсиланти проект на куќни посети (Ipsilanti Home Visiting Project)

Според спроведените истражувања куќните посети како дел од програмите покажале успеси во унапредувањето на детските интелектуални способности. Инспиланти проектот на куќни посети вклучувал 35 четиригодишни деца кои биле изложени на некои облици на „лишување". Посетите во нивните домови се одвивале во текот на три месеци по еден ипол час неделно. Улогата на посетителот била да остварува програма која ги вклучува мајката и детето, чии задачи се однесувале на пет основни области: манипулативни активности, игри на улога, перцептивно запознавање, класификација и говорен развиток. Една од целите била да се промени стилот на воспитување и начинот на контролирање на детето, како и да се зголеми сложеноста на говорот со кој мајката му се обраќа на детето.

[59] http://www.peterhaiman.com/articles/some-thoughts-about-parent-intervention-programs пристапено на: 08.02.2018

Иако овие програми се одамна создадени, нивната вредност и успешност не смее да се изостави. Во тогашното општество преку семејството се постигнала ефикасноста на овие програми. Во развојот на децата и нивното учење активно биле вклучени родителите кои го зацврстувале својот однос со децата преку програмите, но и се обезбедило трајно воспоставување на воспитно-образовната средина која ќе ги задоволува потребите на секое дете. Овие образовни програми се широко отворени за соработка и помош на родителите во секој момент. Но, од увиденото се забележува дека колку партиципацијата на родителот е обезбедена порано, толку влијанието на програмите биле поповолни. Континуитетот во воспитно-образовниот процес и соработката со родителите е неопходен за одржувањето на постоечките поволни ефекти. Примарно, тоа би се остварило доколку родителите активно покажуваат интерес за продолжување со програмите и во училишниот период.

Од накусо претставените програми, посебно внимание заслужуваат програмите кои, наместо да го издвојат детето од семејната средина и да го пренесат развојното дејствување во доменот на професионалните воспитувачи и установи, ги унапредувале односите на реципрочната интеракција помеѓу децата и родителите, постигнувајќи така средина поволна  за учење и развој. Отворени можности за еден нов пристап во воспитувањето на децата од предучилишната возраст се возможни токму на ваков начин, кој не става акцент на нивното одвојување од семејството и проширување на институционалните облици на развојното дејствување, туку ја реафирмира улогата на семејството и прави напори да помогне со јакнење на неговата функција и педагошките способности.

## 6.6. Тројното П – програма за позитивно родителство (Pozitiv Pareting Programs-PPP)

Програмата Тројното П – позитивна родителска програма е опишана како: "Повеќестепена, превентивно ориентирана стратегија за родителство и поддршка на семејството" (Сандерс,1999).

„Тројното П претставува програма за позитивно родителство (Pozitiv Pareting Programs-PPP) која дава можност да се примени во различна култура, социо-економски групи и во сите видови семејни структури".[60] Секако Тројното П како една од најефикасните програми базирани на родителство може да биде достапна и на нашата територија. Доколку програмата за позитивно родителство ја прилагодиме соодветно на постоечките услови во нашата воспитно-образовна (политика) ќе имаме успешно спроведување на истата. Оваа програма како концепт содржи збир на мерки кои што се превземаат со една цел- промовирање на позитивното родителство , односно одобрени односи меѓу родителот и детето. Имено, позитивното родителство кое понекогаш се нарекува и позитивна дисциплина, нежно водство или насока – е едноставно упатство кое ги држи децата на вистинскиот пат. Позитивното родителство е алтернатива на казнетиот, авторитарниот пристап со кој сме запознаени. Тоа е промена на умот поставена од казнувањето на лошто однесување за активно и креативно моделирање и предавање на децата за позитивно однесување. Програмата содржи збир на правила кои родителите можат да ги користат за да се доближат до своите деца со многу љубов, сочувство и љубезност, наместо да создаваат борба со моќта, токму затоа позитивното родителство бара само по себе посветеност.

Односот помеѓу родителите и нивните деца може да има големо влијание врз нивната психолошка и социјална благосостојба. Сепак, родителите не се секогаш подготвени да бидат родители, особено кога немаат поддршка од нивните семејства или партнери.

Програмата за позитивна родителство - The Triple P - е систем дизајниран да ги спречува и третира тешките емоционални, бихевиорални и развојни проблеми кај децата. Доказите (формални и неформални) кои брзо растат го поддржуваат позитивниот приод за родителство и неговите ефекти врз однесувањето, односите, менталното здравје и целокупната среќа.

Нивоата во оваа програма се распределени според степенот на присуство на постоечки проблем, така што од ниво 1 – проблеми со понизок интензитет, па се до 5 – проблеми со највисок степен на интензитет.

---

[60] http://www.triplep.net/glo-en/home/ пристапено на: 11.02.2018

Интересно е што оваа програма дава можност за користење од страна на секој родител. Всушност Тројното П не врши дискриминација на родителот таа има широка функционалност и практичност што всушност може да се увиди во 5-те нивоа на интервенција:

- Универзално тројно П
- Селективно тројно П
- Примарна нега – Тројно П
- Стандардно Тројно П
- Подобрено Тројно П

**Ниво 1** или Универзално тројно П е комуникациска стратегија за постигнување пространо (големо) влијание на населението преку концептот на позитивното родителство, преку разни информации и пораки. Таа не претставува курс или лична интервенција насочена директно кон родителите.

Ова ниво на интервенција е насочено кон секојдневните тешкотии во однесувањето, а служи за сите родители заинтересирани за промовирање на развојот на нивното дете. Целта е да се охрабрат родителите да учествуваат во позитивни интервенции за родителство и да им помогнат да станат посигурни и самодоволни.

Универзалното П има за цел:

- да создаде позитивно мислење и да се нормализира процесот на барање родителска помош;
- да ги поттикне родителите да учествуваат во позитивните родителски интервенции;
- да се зголеми свесноста и да се достигнат позитивните родителски интервенции;
- да создаде пораки во медиумите, коишто не се алармантни, вознемирувачки или родителско-обвинувачки;
- да им помага на родителите да станат посигурни и посамоуверени во нивното родителство.

**Ниво 2** или Селективно Тројно П – претставува ниво за родителите со специфична загриженост за однесувањето или развојот на нивното дете. Многу специфични

однесувања се насочени, како што се проблеми со спиење, рутински потешкотии, обука за тоалети и темпераментарни безумства и сл. Селективното Тројно П како интервенција вклучува една до две кратки сесии за да обезбеди развојни насоки за родителите.

Ова ниво претставува блага интервенција за обезбедување краткорочна помош на родителите, кои обично се справуваат добро, но имаат еден или евентуално два проблеми со донесувањето или со развојот на нивното дете. Тоа е овозможено за родителите на деца на возраст 0-12 години и за родителите на тинејџерите. Тоа накратко изгледа вака:

**Селектирана серија семинари на Тројното П** – ова претставува вовед во стратегии на позитивното родителство (Triple P). Родителите присутвуваат на кои било од трите 90-минути семинари (како на пример: *Моќта на позитивното родителство, Подигање на самоувереноста на родителите, Способни деца и Оформување флексибилни деца)* или на кој било од трите семинари.

**Серија семинари на тинејџерското (teen) Тројно П** ( на пример: Подигање одговорни тинејџери, Подигање компетентни тинејџери и Одржување на врските тинејџерите). Се даваат листови во коишто се запишани важните факти за сите родители кои присуствуваат на семинарите на Тројното П (Triple P).

„Во сколоп на ова ниво постои т.н. **кратка примарна заштита и кратка основна заштита на тинејџерите.** Тука се вклучени доктори, кои обезбедуваат редовна поддршка на родителите на децата или на тинејџерите. Тие се одвиваат како кратки консултации еден на еден од 15 до 30 минути, насочени кон конкретни прашања. Ако е потребно, може да има уште една дополнителна посета или телефонски повик".[61]

**Ниво 3** или ниво за Примарна нега –Тројно П- е насочено кон родителите кои имаат специфични загрижености за однесувањето или развојот на нивните деца кои бараат обука за активни вештини, односно советување на родители чии на деца со благи до умерени тешкотии во однеусвањето. Целното однесување е слично на оние на ниво 2. Ова ниво

[61] http://www.triplep.net/glo-en/the-triple-p-system-at-work/the-system-explained/level-2/ пристапено на: 12.02.2018

вклучува интервенција со четири сеси. Станува збор за деца на возраст од 0-12 години и на родители на тинејџери.

**Примарна здравствена заштита – Тројно П-** означува воспоставување контакт лице в лице или телефонска интервенција која што е краткотрајна, со примарна здравствена заштита. Постојат околу четири индивидуални консултации кои траат 15 и 30 минути. Ова е наменето за родители на деца на возраст 0-12 години, и секако, се нуди примарна здравствена заштита, т.н. *Тинејџерско тројно П*, за родители на адолесценти до 16-годишна возраст.

**Групи за дискусија-Тројното П-** означувааат мали групи сесии кои се наменети за насочување кон специфичните проблеми, однесувања или прашања, во време траење од два часа. Секоја група за дискусија може да се земе како самостојна сесија или како дел од серијата сесии. Постојат четири теми за родители на деца на возраст 0-12 години (*Справување со непослушност, Управување со караниците и со агресијата, Развивање добри навики за навремено заспивање и Пазарење без караница со децата*). Во *Тинејџерските групи за дискусии* – Тројно П, наменети за родители на деца на возраст 12-16 години, постојат следните теми: *Справување со емоции на тинејџерите, Намалување на конфликтите во семејството, Соработка на тинејџерите и Градење вештини за опстанок кај тинејџерите.*

**Ниво 4** или Стандардно Тројно П

Ова ниво цели на родителите на деца со потешки проблеми кои сакаат интензивна обука за позитивни родителски вештини. Можно однесување кон целните се агресивно однесување, опозиционо пркосно пореметување, нарушување во однесувањето и потешкотии во учењето. Ова ниво вклучува осум до десет интензивни сесии. Тоа е на располагање на родители на деца на возраст до 12 години и на возраст 12-16 години и опфаќа 17 основни позитивни родителски вештини.

**Група на Тројно П /Група на тинејџерско Тројно П**- Групи на коишто присуствуваат не повеќе од 12 родители на пет сесии и се поддржани со три телефонски советувања/сесии, коишто се одвиваат од нивниот дом. Тука имаме користење дивидија и работни тетратки за да се вклучат родителите и да ги зајакнат стратегиите.

**Стандардно Тројно П / Стандардно тинејџерско Тројно П** – претставува давање на интензивна поддршка за сите оние родители кои чуствуваат дека имаат одредени потешкотии. Советувањето содржи повеќе од десет сесии по еден час индивидуално, при нивната примена е користат дивидија и работни тетратки.

**Онлајн Тројно П** – претставува целосна интернет – база програма во осум сесии, која е водич на родителите и е наменета за 17 основни родителски вештини на *концептот Тројното П.* Врз основа на стандардна програма Тројно П, вклучени се потсетници, преку имејл или преку СМС, за сесијата со целите и со статегиите.

**Себенасоченото Тројно П** претставува десетнедела програма за самопомош, врз основа на работна тетратка. Родителите на коишто им треба дополнителна поддршка може да добијат и телефонски консултации на неделно ниво од 15 до 30 минути.

**Ниво 5** или Подобрено ниво - Тројно П

Овоа ниво е највисоко ниво за родителите на деца со истовремени проблеми со однесувањето на децата и семејната дисфункција, како што е конфликтот во врската со родител-дете. Други однесувања се веројатно постојани проблеми во однесувањето и малтретирање на деца. Обично на ова ниво, децата имаат доста тешки проблеми во однесувањето. Сепак, овие проблеми се комплицирани со дополнителни семејни фактори.

**Подобрено Тројно П** - партнерски конфликти, стрес или ментално здравствени проблеми се само дел од проблемите на семејната ситуација која што бара разрешување. Постојат три модули кои се насочуваат кон конкретен проблем. Родителот може да одбере една, две или три од модулите коишто се однесуваат на: партнерските односи и комуникација, лично спасувачките стратегии за високостресните ситуации и на други модули од практиката на позитивното родителство.

**Премин според Тројното П**- За родителите со ризик од малтретирање на децата. Го опфаќа управувањето со гневот и другите стратегии во однесувањето за да се подобри

способноста на еден од родителите за справување со одгледувањето (воспитувањето) на децата".[62]

Сметам дека иако постојат широко прифатени програми за родителство базирани на докази кои што позитивно влијаат врз децата, семејството и заедницата, повеќето од нив достигнуваат само мал број на родители во своите рамки во компарација со концептот Тројното П. Тројното П е систем кој има можност да ги шири своите размери и да достигне голем број родители во својот опсег, со што го покажува своето влијание кое може да се види низ општеството во целост.

Тројното П е програма која поттикнува иницијатива за јавното здравје, се верува дека е единствената програма за родителство дизајнирана да биде испорачана токму за таа намена.

Тројното П има јавна комуникациска кампања, наречена Stay,Stay. Имено, со целокупната организација на сите активности за промовирање на оваа програма, истата станува се подостапна за секој родител, а родителството како круцијална и незаменлива улога станува се поприродно. Повеќе не е нешто што треба да се избегне или нешто што се смета за белег на „лошиот родител".

Секако разгледани се и опциите кои би можеле да ги спречат родителите да ја посетуваат програмата за родителство. Можеби на родителите им треба повеќе или помалку помош отколку што им се нуди. Тие можеби не сакаат да присуствуваат на групни курсеви, или можеби не сакаат да бидат сами. Тројното П има разбирање за секој родител, почитувајќи ги неговите потреби и интереси. Тоа е систем на повеќе нивоа со пакет на програми со зголемен интензитет. Програмите можат да бидат избрани за да ги задоволат потребите на тешко достапните родители или семејства со сложени или посебни потреби, но исто така им се нудат и можности на сите оние родители кои имаат умерени потешкотии со своите деца или оние кои можеби имаат потреба од неколку совети за да го олеснат родителството.

---

[62] http://www.triplep.net/glo-en/the-triple-p-system-at-work/the-system-explained/level-5/ пристапено на: 12.02.2018

Саморегулирањето е една од главните принципи на програмата Тројното П. Ги охрабрува родителите да ги постават своите цели и да ги изберат видовите на стратегии кои ќе работат во нивните семејни домови. На овој начин родителите стануваат независни решавачи на проблеми, кои со сигурност може да ги приспособат, а потпирајќи се на Тројното П ќе ги употребат стратегиите за да одговараат на прашањата со кои се соочуваат сега и во иднина. Како главна карактеристика е што оваа програма им овозможува на родителите да постават свои цели за да одговараат на нивните лични ситуации и верувања. Таа ги поттикнува родителите и давателите на услуги да бидат самодоволни.

Од досега истражувачките наоди добиени се позитивни ефекти од позитивната програма за родителство во сите поставувања. Оценката за влијанието на програмата – Тројното П (Triple P) врз родителите покажала дека: "Triple P предизвикува позитивна промена во вештините за родителство, однесувањето на детето и благосостојбата на родителите во малиот до умерен опсег, разликувајќи се како функција на интензитетот на интервенцијата" (Nowak & Heinrichs, 2008). Програмата се покажала како способна да влијае на животот на родителите и на децата на значаен начин.

Родителите треба да бидат поддржани и понекогаш да учат како да бидат родители. Докажано е дека програмата за позитивна родителство ефективно влијае врз вештините за родителство и животот на децата. Оваа програма, исто така, има многу потенцијални апликации во други области. Наставниците исто така можат да ја користат оваа програма за подобро да управуваат со училницата на пример. Потребно е понатамошно истражување со цел да се подобри оваа програма и нејзината примена.

Постојат неколку принципи кои се неопходни за развојот на детето.

- Обезбедување на сигурна и ангажирачка средина за деца од сите возрасти, со цел да се промовира здрав развој и спречување на несреќен дом, овој принцип е од суштинско значење.
- Позитивна средина за учење. Родителите се првиот учител на нивните деца и потребно е да постават примери за се што прават. Тие ги учат децата како да одат,

како да зборуваат и како да се дружат. Родителите потребно е позитивно да одговараат на потребите и интеракциите на нивните деца.

- Користење на дисциплина. Правилните стратегии за управување мора да се користат за дисциплинирање на децата. Наместо физичко казнување, родителите се учат да користат поефективни казни. Овие стратегии вклучуваат поставување на правила за специфични ситуации, разгледување на овие правила со деца, користење на тивок временски период итн.
- Секој родител да се грижи за себе. Да се биде родител може да биде стресно. Сите нивоа на Тројното П ги поттикнуваат родителите да го видат родителството како дел од голем контекст поврзан со самопочит, снаодливост, благосостојба и одржување на самопочитта.

Разгледувајќи ги изјавите на познати професори и експерти од различни области (психолози, педагози, педијатри и други) може да се извлече заклучок дека на вака поставената конструкција се работело многу, со цел да се опфатат сите клучни аспекти кои нудат воспитување во целосна позитивна насоченост.

Како позитивни страни за работењето, примената и за положбата на програмата за позитивното родителство би ги истакнале следниве:

- Досега повеќе од 4 милиони деца и семејства биле помогнати со Тројното П.
- Тројното П се користи во 25 земји, број којшто се зголемува, насекаде низ САД, Англија, Канада и Германија, како и Иран, Јапонија, Сингапур и Романија.
- Тројнтот П го зазема првото место според рангирањето програми за родителство (врз основа на докази) на Обединетите нации.
- Тројното П не е единствена програма, иста за секого. Со оваа програма родителите можат да посетуваат неколку приватни, 15-минути сеанси на Тројното П, еден 90-минутен семинар, исто така, може да се приклучат во двочасовната дискусија во група или да се пријават за индивидуални или за групни курсеви.
- Постојат повеќе од 20 различни програми во системот на Тројното П. Тоа е добивање соодветна помош за секое семејство.

- Тројното П не служи за да ви каже како да се биде родител, туку оваа програма дава можност за избор на стратегии од страна на родителите, кои можат да ги приспособат за сите видови ситуации и проблеми.
- Тројното П има 17 стратегии кои служат да им помогнат на родителите за да го контролираат однесувањето на нивните деца.
- Тројното П може да им помогне на родителите да управуваат со детскиот бес, битките за спиење, драмите на трпеза, непослушноста, малтретирањето, со борбите и со агресијата и многу повеќе.
- „Толку ми е олеснето што јас не сум единствениот!" – Тоа е честа реакција од родителите на семинарите, во групите или во групите за дискусија на Тројното П.
- Родителите коишто се дел од Тројното П велат дека се чувствуваат помалку стресно и помалку депресивно ( Весник на примарна превенција, 29,197-222).
- Тројното П е во фокусот на три телевизиски серии, вклучувајќи ги и сериите во Велика Британија со висок рејтинг *Излудувајчи ги мама и тато* (Driving Mum and Dad Mad).
- Со овој вид програма детското однесување се подобрува и родителите се чувстуваат подобро.

Разгледувувајќи ги изјавите на експертите за оваа програма, може да добиеме една слика за концепт којшто е современ, кој нуди алтернативни можности наменети за родителите, им помага и ги насочува. Во поширока смисла, позитивното родителство НЕ подразбира идеален, засекогаш непогрешлив родител, туку родител кој се труди да го надоградува своето родителство!

- Професор Хауард Маркман (Howard Markman), професор по психологија на Универзитетот во Денвер, Колорадо, САД, вели: „Видеосеријата *Секој родител* треба да биде во рацете на секој родител. Тие би ја сметале лесна за користење и тоа би влијаело на детскиот развој и раст. Ова е научно базирана програма која претставува мешавина од вредности од високото образование и интересна презентација на вештините и на идеите базирани на пружање помош на родителите да се справат со секојдневните и со тешките прашања. Д-р Сандерс е познат

истражувач и терапевт во интеренационални рамки, којшто ја има создадено најдобрата видеосерија достапна за родителите".[63]

- Професор Курт Хајвиг (Kurt Hahlweg), Институт за технолошка психологија, Универзитетот Брауншвајг, Германија, вели: „Моите колеги и јас сметаме дека Тројното П е светски стандард за најдобра практика во областа на семејната интервенција".[64]
- Професорт Стивен Скот (Stephen Scott), консултант за детска и за адолесцентна психијатрија, Национален експертски тим за родителство и за антисоцијално однесување, болница Моудсли, Лондон, кажува: „Тројното П е одлична програма. Според мене таа е најдобра во светот за потребите на целата заедница. Различните компоненти се внимателно приспособени на потребите на голем број родители. Содржината е базирана врз основа на најдобрата научна практика и е достапна и забавна. Пред се, докажана е во бројни испитувања дека е многу ефикасна".[65]

### *6.7.* Работилница со родители "*Растеме заедно*" *(Rastimo zajedno)*

Развој, цел и пристап на програмата

Бројните истражувања покажуваат дека првите години од животот се особено важни за развојот на секој човек. Така се поставуваат основите на целокупниот развој и животните можности. Во првите години на животот на децата, родителите се особено значајни бидејќи токму тие се оние кои ги задоволуваат основните потреби на детето, даваат емоционална топлина и го насочуваат детето да учење и да се развива. Во денешно време кога се соочуваат со многу пораки за посакуваниот начин на одгледување на деца, родителите честопати имаат прашања и сомневања, на пример: Дали е се во ред? Што моето дете навистина би требало да прави? Дали сум доволно добар родител? Како да го направите она што е најдобро за детето, а притоа да не се занемарувате себеси? Родителот

[63] http://www.triplep.net/glo-en/the-triple-p-system-at-work/evidence-based/what-the-experts-say/read-what-experts-say/ пристапено на: 13.02.2018

[64] Исто

[65] Исто

најдобро го познава своето дете и себе, но искуствата на стручните лица и другите родители секогаш се пожелни. Но, никој незнае да одговори на сите прашања. Токму затоа, се разгледува важноста на стручната поддршка на родителите преку Програмата на работилници за родителите "Растеме заедно", која од 2008 година активно сеуште се спроведува и развива со родителите на најмладите деца ширум Р.Хрватска.

Работилницата со родителите "Растеме заедно" се спроведува во детски градинки, здруженија и семејства центри во 61 градови во сите региони на Република Хрватска. Специјализирани се специјално едуцирани водечки тимови на експерти за поддршка на раниот развој (психолози, педагози, дефектолози, логопеди, социјални работници и воспитувачи).

Целта на програмата "Растеме заедно" е овозможување проток на нови информации, знаења и вештини, кои ќе им дадат поддршка на родителите и ќе го промовираат растот и развојот на родителите и на децата.

На работилниците родителите разменуваат идеи за начините на кои живеат, се запознаваат подобро себеси како родители, увидуваат начини на кои се однесуваат кон својот дете и се запознаваат со други можни пристапи. Исто така, се запознаваат со значителни ставови за позитивната интеракција на родителите и децата, како и за родителството на доброто на детето (и родителот). Освен тоа, се преиспитуваат вредностите во основата на сопственото родителство, се учи за потребите на децата и родителите и начините на нивното задоволување, се обучуваат комуникациски вештини и бараат одговори на други прашања за кои родителите изразуваат интерес.

Од спроведената евалуација на програмата "Растеме заедно" можело да се проверат ефектите врз родителските убедувања, искуството на родителството и однесувањето кон детето. Споредбата на податоците собрани од учесниците на програмата пред почетокот на првата работилница и по завршувањето на 11-тата работилница (како и нивна споредба со податоци од родители кои не учествувале во програмата) покажале дека по завршувањето на програмата, уверенијата за пожелен однос спрема детето се менуваат за благо вбројување на детето како лица и воспитните постапки кои го почитуваат детското достоинство. Исто така, утврдено е дека родителите по подоцна од 11-те работилници се чувствуваат поефикасни во својата родителска улога и се вклучуваат повеќе во развојно

поттикнувачките активности со детето, отколку пред првичната работилница. Квалитативните податоци собрани од родителите по завршувањето на програмата го опишуваат нивното лично зголемување на родителската улога, како и добивките кои сметаат дека ги имало детето од нивното учество на работилниците.

Истакнуваме некои од изјавите на родителите добиени по завршувањето на програмата:

- Посигурна сум дека работите порано функционирле добро, помалку ме загрижуваат критиките на околината.
- Спознавам дека се менувам на најдобро, благодарение на стрчната помош.
- Научив да се контролирам за да не го казнувам детето.
- Разбирам зошто детето постапува на одреден начин.
- Сфатив дека не сум единствена која има одредени проблеми со децата.
- Научив дека постојат многубројни едноставни начини да се контролирам себе и моето дете.
- Се освестив дека е важно да ги задоволам и своите потреби.
- Корисно и полесно поминуваме заедно и се чувствуваме задоволни и сакани, ја подобривме комуникацијата и имаме помалку нервози меѓу нас".[66]

Програмата за родители „Растеме заедно" е наменета за родители чии што деца се на возраст до 4 години. Од досегашните реализирани работилници – пилот програми имало и родители чии што деца имале и до 5 години, како и родители кои имаат постари деца. Родителите покажале големо задоволство од програмата, а од изјавите може да се заклучи колку тие биле корисни за нив, па дури и за нивниот однос со повозрасните деца. Но, потребно е да се потенцира дека оваа програма е првенствено наменета и осмислена за родителите чии деца се од најмлада возраст.

Големината на групите е ограничена на 10-12 родители, со единствена цел да се оствари висок квалитет на активностите, особено на они вежби кои се наменети индивидуално за секој родител во кои се очекува непосреден ангажман од родителот. Во поголемите групи потешко е да се создаде меѓусебна доверба на членовите, тешко се зема збор, активностите подолго траат, а со тоа и концентрацијата и вниманието на

[66] https://www.rastimozajedno.hr/ucinkovitost-radionica-rz пристапено на: 15.02.2018

родителите опаќа. Доколку пак станува збор за помала група од 6 до 7 членови, се губи групната динамика, има помал квалитет во расправијата и конструктивната размена на искуства.

Во програмата едукаторите не се обраќаат посебно кон мајките или татковците, туку тие им обраќаат како родители, иако сме свесни за разликите помеѓу мајчинството и татковството. Оваа програма не се занимава експлицитно со тоа, но искуствата говорат дека татковците се се повеќе заинтересирани за вклучување во програмата. Татковците даваат специфичен допринос во разменувањето на искуства со другите родители и во увидот на создавање на односи со детето на (пр. ја опишува својата интеракција со детето која се одвива во играта, во проширувањето на детското искуство тие препознаваат дека со посетувањето на работилницата во тие активности внесуваат повеќе емоционална комуникација). Во групите каде што биле присутни само мајки имало изразена потреба за учество на татковците.

Разликите кои постојат помеѓу членовите на групата по степен и вид на образование придонесуваат за динамична расправија (расправија помеѓу родителот и тие не се препрека бидејќи се покажало дека многу родителски прашања и проблеми се универзални, така што во врска со нивните деца ги радува и ги грижи слични работи, без разлика на образованието на родителот. Во работилниците едукаторите може да се сретнат и со родителите од различни културни традиции. Секако дека водачите посебно внимание упатуваат кон примената на сопствените норми, вредности и верувања. Притоа е важно да се разликуваат традиционалните верувања и обичаи кои се штетни.

Работилнинците се водени од тим во кој има двајца или тројца едуцирани водичи. Тие имаат клучна улога и одговорност за работилницата. Програмата „Растеме заедно" има поставено висока структурност со што се овозможува работилниците да бидат спроведени од различни профили на стручњаци (педагог, психолог, дефектолог, социјален педагог, социјален работник, воспитувач) и тоа со различни искуства во ваквото работење со родители. „Нивното знаење и особини силно влијаат на групата и нејзините членови, поради што е неопходни постојано размислување за сопствената работа, континуирано учење и работа на себе. Едукаторите за овие работилници

потребно е да имаат знаење и искуство во водење работилници т.е. групна работа со возрасни (водечки вештини, способност за разбирање на родителските ставови и др.) Покрај тоа, нужно е тие сами да се склони кон родителски вредности за најдобар интерес на детето и да ги поддржуваат принципите на парстнерство во работата со родителите. Секако, неопходно е и да бидат посебно едуцирани за водење на програмата т.е. работилницата со родителите „Растеме заедно", што значи дека ја совладале теоретската основа на оваа програма. Водичите се тие кои ги насочуваат активностите во групата во склад со целите на работилницата со родителите од програмата „Растеме заедно".[67]

Програмата за оваа работилница „Растеме заедно" е поделена на 11 широки теми - 11 работилници, а нивните називи се:

1. Родители на 21 век
2. Четири столба на родителства
3. Родителски цели и психолошки потреби на детето
4. Сите наши деца и како ги сакаме
5. Слушање –важна вештина на родителството
6. Како детето учи за светот околу себе
7. Граници: зошто и како?
8. Креираме и бираме решенија
9. Родителски одговорности и уште некои други прашања
10. Да се биде родител: влијанија и избори
11. Крај и нов почеток

Секоја од овие теми е целина сама за себе, но и важен дел од целата програма која би била нецелосна без било која од овие 11 работилници. Ниедна од нив неможе да се рефлектира самостално бидејќи работилниците следат една по друга смислено и содржински - како синџири во врска.

[67] Pecnik,N., Starc,B. (2010), *Roditeljstvo u najboljem interesu djeteta I podrŠka roditeljima najmlade djece.* Zagreb: Ured UNICEF-a za Hrvatsku, str. (48-49).

Структура на работилницата

Атмосферата на овие работилници се опишува како доста забавна и пријата, но треба да се истакне дека сите оние вежби и активности кои се осмислени „за загревање" не се игра, туку претставуваат вовед во темата односно поддршка за искуствено учење.

Во средишниот дел на работилницата предвидено било:

- кратко стручно излагање (пишан прилог за родителите или презентација)
- понекогаш прикажување на филм (UNICEF , DVD *"Prvi tri su najvažnije"*)
- активности и вежби (често со работен лист или пишан прилог) – рефлексија, дискусија
- размена на искуства како разговор со цела група или во мали групи (пар, тројка, четворка)
- понекогаш помеѓу потешките активности е вметната општа активност за малку ослободување.[68]

На самиот крај од целокупната работилница се играат ведри игри кои се со смислена поврзаност со темата на денот, кои поттикнуваат зближување на членовите од групата и можат да се применуваат и како игри за заедничко поминато време со своите деца во домот.

Од новостекнатите знаења и увиди од средбата, родителите потребно е да ја напишат домашната задача која што им е зададена на крајот од средбата со едукаторите, со цел да се провери нивното знаење.

[68] Pecnik,N., Starc,B. (2010), *Roditeljstvo u najboljem interesu djeteta I podrŠka roditeljima najmlade djece.* Zagreb: Ured UNICEF-a za Hrvatsku, str. (58).



# 7. РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА

Тргнувајќи од проблемот на истражување - *Родителските програми за вклучување на децата во воспитно-образовната средина*, потребно е да се пронајдат и согледаат други важни истражувања кои обработуваат проблем во иста рамка со нашиот. Со овие истражувања се добива посакуваната добра основа за развивање и имплементирање на други програми во нашата земја, повод за остварување на ова истражување, но и овозможува создавање на услови за согледување на сушинските карактеристики во целокупната постапка на истражувањето.

## 7.1. Податоци од релевантно истражување спроведено во Р. Србија

Нашата проблематика во својата рамка опфаќа повеќе обележја (карактеристики) до кои потребно е да се придржуваме и истите да ги почитуваме со цел успешно вклучување на децата во училиштето, но и непречено континуирано функционирање на семејството. Односите помеѓу родителите поединечно, но и односот кон своето дете треба да се темели на почитување и среќа.

Од истражувањето под наслов „Силно семејство" – најважно за среќата можеме да ги соглеаме добиение податоци кои даваат слика за сите оние активности кои родителите ги прават со своите деца. Имено станува збор за истражување кое е извршено на територија на соседна Република Србија, во таа насока за нас ова истражување т.е податоците кои што се добиени се значајни поради тоа што различните активности и воопшто времето кои родителите им го посветуваат на децата - идните ученици се од исклучителна важност и неопходен момент за успешно вклучување во образовната средина. Податоците се прикажани во графикон под наслов „Честотата на заедничките активности на родителите и на децата" (Учесталост заједничких активности родитеља и деце), кој содржи повеќе категории како: Одење во парк или на игралиште (Одлазак у парк или на игралиште) – 73,5%, најголем процент; Разговор пред спиење или читање приказна (Разговор пред спавање или читање прича) - 67,2%, втор процент по големина;

Спорт или хоби со децата (Спорт или хоби са децом) – 38,8 % , најмалиот процент изнесува 28% и се однесува на категоријата Концерт, кино и јавен настан (Koncert, bioskop i javni događaj).

Графикон бр.1: Честотата на заедничките активности на родителите и на децата




## 7.2. Податоци од релевантно истражување спроведено во Р. Хрватска

Постои истражување кое е спроведено на територија на Република Хрватска, а како негов носител се јавува хуманитарната невладина организација УНИЦЕФ. Ова истражување поттикнало иницијатива за изготвување на прирачник под наслов Родителство за најдобар интерес на детето и поддршката на родителите на најмладите деца (Roditeljstvo u najboljem interesu djeteta I podrska roditelima najmlade djece). Во 2006 година се креирала главната и носечката порака на овој прирачник - Првите три години се најважни (*Prvi 3 su najvažnije*!), па водејќи се по неа се одржала т.н програмската работилница со родителите (*Rastimo zajedno*). Ова работилница се развила како составен дел од Програмата за ран детски развој и поттикнато родителство, врз основа на Конвенцијата за правата на децата на ОН.

Целта на оваа програмска работилница наменета за родители **(Rastimo zajedno)** е да им се овозможи на родителите успешно да ги извршуваат одговорностите кои со себе ги носи

родителството, да ги запознае родителите како да се стекнат со потребните родителски вештини и знаења. Во поширока смисла да даде поодршка и промовирање на растот и развојот не само кај децата, туку и кај родителите.

Ова современо истражување во својот воведен дел дава широка слика за теории и информации кои разгледуваат различни теми од областа на родителството, истакнувајќи ја суштинската важност и неопходност на остварување на човечките права на секое дете. Станува збор за теоретска научна рамка која ги акцентира правата на децата, нивните потреби и воопшто растот и развојот. Оваа истражување има пилот примена и во истата постојано ја нагласува важноста на сите задачи кои се поставуваат пред секој родител складни со основната парадигма на современиот начин на поддршка на нечиј раст и развој.

Резултатите од извршената евалуација, процесот на работилницата со родителите „Растеме заедно" се изведувала во два циклуса, кои биле постојано евалуирани во нивниот тек. Добиените резултати се темелат на квалитативни и на квантитативни податоци собрани од родителите и од носителите на оваа програма. Првата примена на оваа програма во себе опфаќала 10 работилници кои се реализирале во 13 градинки до 2008 година. По остварените темелни резултати, се истакнала потребата за одредени промени во самиот концепт на програмата, потоа започнала нова примена во 2009 година, во 25 градинки. Овде ќе се прикажат главните резултати од интерната евалуација на подоцна применетата програма од 11 работилници - средби со родители. Овие работилници содржат активности кои им овозможуваат на родителите освестување и одредени клучни информации преку големиот број на дискуции на тема - родителски вредности и ставови. По завршување на секоја од поединечните работилници сите присутни задолжително пишувале повратни информации од страна на родителите во пишана форма, додека оние кои не присуствувале во програмата, пополнувале прашалник за родители, пред и по целиот циклус на спроведување на работилниците. Финално, родителите – учесници потребно било да го пополнат и Евалуацискиот прашалник.

Општата цел на програмата на работилниците со родителите *Растеме заедно* е развивање на верувањата, вредностите и на однесувањето во склад со поттикнување ненасилно родителство кое ги почиттува децата како личности и нивните права во

рамките на семејството, со што се истакнува и се зајакнува родителската компетентност. Потоа, секоја работилница има свои специфични цели врз основа на посебните родителски ставови или однесувања, кои заедно овозможуваат остварување на општата цел на програмата.

Целта на евалуацијата на програмата била да се истражи дали се остваруваат планираните цели и во која мера, односно да се открие како учеството во работилниците дејствувало на одредени родителски мисли, однесување и претпоставки, да се види како тие би се однесувале во зададените ситуации.

Клучни прашања на евалуацијата биле:

- Дали учеството во концептот на работилницата влијаело во поглед на родителските уверувања во врска со односот кон малото дете, вклучувајќи ги и нивните размилсувања и ставови во однос на телесното казнување?
- Дали учеството во работилниците влијаело на субјективното доживување на родителството? Дали се зголемило чувството на родителска компетенција и на задоволство од задолженијата како родител? Дали се намалил т.н. родителскиот стрес?
- Во текот на програмата се поставува и прашањето дали со самото учество на родителите се зголемува фреквенцијата на положени родителски однесувања (пр, читање книги) и веројатноста на позитивните родителски реакции на детските негативни емоции (пр.вриштење)? Се намалува ли количината на непожелни родителски однесувања (викање врз детето и урлање врз него)? – се мисли на негативните родителски реакции во однс на детските непријатни емоции.

Скицата од евалуациското истражување претставувала двократен нацрт со нетретирана група за споредба. Станува збор за неурамнотежени групи родители, оние коишто земале целосно учество во програмата, т.е. во работилницата, N= 231 и оние коишто не учествувале во работилниците N=348.

Изготвен е и прашалник "Upitnikom za roditelje" (Прашалник за родители) кој што бил составен од неколку други прашалници кои биле смислени за потребите на ова евалуациско истражување. Прашалникот со тврдења за односот кон децата од

најраната возраст (Upitnik uvjerena o odnosu prema djecina mlade dobi) се состоел од 10 тврдења, како отсликување на верувањата на родителите во врска со родителските постапки кон малите деца, со коишто родителите го истакнувале пристапот на сопственото (не) согласување со децата од најраната возраст. Тоа се верувања во рамките на преголемата топлина кон децата, на пр. преголема доза пофалби и нежност; во врска со нереагирањето на детското безпричинско плачење итн.

Родителскиот стрес се мерел според адаптираната Скала за родителскиот стрес (Ljestvica roditeljskog stresa) (Gottlieb,1997) која вклучува 7 прашања. Учесниците одговарале колку често и како родители се чувствуваат напнато, загрижено, нервозно, луто, несреќно, емоционално истрошени и несигурни во себе.

Субјективните доживувања на родителската компетентност се мереле преку начините преземени од *Прашалникот за самопроцена на компетемтноста на родителите (Upitnik samoprocjene kompetentnosti roditelja) (*Gibaud- Wallston I Wandersman, 1978). Тука се мереле две структури: „родителското (не)незадоволство од исполнувањето на родителската улога и перцепираната делотворност во улога како родител." [69] Проценката на задоволството на родителите преку исполнување на родителската улога се однесувало на чувството за родителска компетентност, близината на родителството и способноста за решавање на проблемот (Sandres,2005). Самопроценката на ефективноста се однесува на *познавање на вештините за родителство.*

Родителските реакции на непријатните емоции кај децата, попрецизно родителски претпоставки за сопственото однесување во дадената ситуација, биле измерени со две прашања земени од Реактивната табела за родители за негативните емоции на децата (Fabes I sur.,1990). Одговорите кои биле понудени на типичните родителски реакции на ситуациите во кои детето ги изразува негативните емоции (страв и тага), а тоа се вознемиреност, казнување, ограбрување, насоченост на емоции, насоченост на решавање на проблемот и намалување на озбилноста на ситуацијата, односно проблеми со детското искуство.

---

[69] Pecnik,N., Starc,B. (2010), *Roditeljstvo u najboljem interesu djeteta I podrŠka roditeljima najmlade djece.* Zagreb: Ured UNICEF-a za Hrvatsku, (стр. 66-84).

## 7.3. Податоци од релевантно истражување спроведено во Р. Бугарија

Уште една програма која е од особен интерес за нас затоа што опфаќа дел од нашата проблематика е завршната конференција за проектот "Иднината за нашите деца - развој на социјални вештини на децата во основно образование" во 2016 година во Бугарија.

На официјалната интернет страна НЦСЕР - Националниот центар за социјален и емоционален развој (NCSER) се истакнати сите гледишта за равојот на оваа програма, како и карактеристиките на овој центар. Оваа невладина организација во врска со своите главни активности и цели, работи на развивање на програми за унапредување на родителските надлежности.

Секој родител понекогаш има потреба од поддршка за да може да направи се што е во нивен поволен резултат за остварување на нивна успешна комуникација со децата. Целта на овие програми е обука, давајќи им можност на родителите, вклучувајќи ги и родителите на ранливите заедници, да ги зголемат своите вештини за позитивно родителство. Во развиениот програм за родители на деца 3-6 годишна возраст се цели да се создаде простор во работните групи, во кои родителите се чувствуваат сигурни да ги споделат своите проблеми во односите со децата, заштитени од евалуација, како и да ги сфатат силните страни како родители и да "гледаат" на едно поинакво гледиште за себе, моделите на родителство што ги користат и да ги реализираат некои од основните потреби на своите деца.

*Клучни теми во програмата за родители на деца од 3 до 6 години:*

- Основни развојни задачи за возраста 3-6 годишна возраст - постигнување на чувство на независност и улогата на градинката за развој на базични академски вештини, како и на инструментот "описно коментирање".
- Играта на детето и улогата на родителот во тоа - како тоа помага да се развијат академски, социјални и емоционални вештини.
- Пофалба и наградување на детето - како да го моделира саканото однесување на родителите со користење на пофалби и нематеријални награди.

- Правилата дома и дневниот режим - зошто се важни за децата на возраст од 3-6 години, како да ги запознаат и да ги почитуваат.
- Упатство и занемарување - алатки кои не го поддржуваат несаканото однесување.[70]

[70] http://ncsed.org/projects/програма-за-родители-на-деца-3-6-години/ пристапено на: 31.10.2017

# II дел

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1.ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

**Предмет** на ова истражување се родителските програми како поддршка за успешно вклучување на децата во воспитно - образовната средина.

Предметот на ова истражување ги опфаќа следните аспекти: анализа на потребите на родителите за развој на родителски компетенции, анализа на потребите на воспитно-образовниот кадар за креирање програми за родителски компетенции, анализа на постојни видови родителски програми, анализа на аспектите на родителските програми, анализа на добри практики за имплементација на родителските програми.

## 2. ЦЕЛ И КАРАКТЕР НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

**Основна цел** на истражувањето е да се испитаат и анализираат потребите на релевантните страни (родители, воспитувачи, наставници и стручна служба) за креирање и примена на родителските програми, за успешно вклучување на децата во воспитно - образовната средина.

Според својот карактер ова истражување поседува карактеристики на: применето, бидејќи е насочено кон решавање на педагошки проблем од практична природа кое има за цел да ја збогати постоечката педагошка теорија и практика, во поширока смисла преку збогатување со нови научни сознанија.

Ова истражување е емпириско, бидејќи проблемот на ова истражување се решаваше по пат на непосредно искуство, односно собирање на податоци од терен и користење на истите како факти и податоци, евалуациско бидејќи е водено од ефектите на родителските програми врз вклучувањето /адапцијата на децата /учениците, современо бидејќи третира актуелен проблем кој е застапен кај младите родители кои имаат потреба од родителски програми како вид на поддршка.

Ова истражување е и акционо, бидејќи првенствена цел е развивање и збогатување на воспитно-образовната практика, бидејќи проучува повеќе практични педагошки

проблеми, при што фокусот е ставен во детектирање на проблемите кои се јавуваат при изработка на родителските програми и вреднувањето на истите.

Тоа е и дескриптивно истражување, во кое нема експериментирање, се користи дескриптивниот метод, станува збор за емпириско истражување во кое појавите се проучуваат во реален контекст и се испитуваат ставовите на релевантните целни групи. Предеметот на ова истражување е ограничен во областа на една научна дисциплина и токму поради тоа е монодисциплинирано.

Ова истражување е индивидуално бидејќи е определено да се спроведува од страна на еден субјект-истражувач. Од сложеноста на ова истражување станува збор за комбинација на квантитативно и квалитативно истражување. Квантитативно е бидејќи во примерокот на истражување се користат техники и инструменти преку кои се добиваат податоци кои се обработени со квантитативни статистички постапки, квалитативно бидејќи во истражувањето се користат истражувачите техники со две целни групи и голем дел од податоците кои се добиваат преку отворениот тип прашања подложат на квалитативна обработка.

Карактерот на истражувањето обработува тематика поврзана со научните дисциплини: семејната педагогија, предучилишната и училишната педагогија.

Целта на истражувањето се остварува преку реализирање на следниве задачи.

## 8. ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Задачите во ова истражување се поделени во три групи:

I Анализа на постојни родителски програми

II Анализа на потребите на родителите, воспитувачите, наставниците и педагозите

III Анализа на содржинската поставеност на родителски програми

I Анализа на постојни родителски програми

8.1. Да се направи содржинска анализа на различните видови на родителски програми, начини и пристапи за вклучување на децата во воспитно-образовната средина.

8.2. Да се испитаат ставовите на родителите во однос на родителските програми.

8.3. Да се испита воспитно – образовното влијание на родителските програми врз детето.

8.4. Да се испита компатибилноста на родителските програми со потребите на семејството и децата кои треба да се вклучат во воспитно - образовната средина.

8.5. Да се презентираат различните аспекти на родителските програми и чекорите кои се содржани во истите за успешно вклучување/адаптирање во образовниот циклус.

II Анализа на потребите на родителите и воспитно-образовниот кадар

8.6. Да се испитаат ставовите и мислењата на родителите за родителските програми во рамките на училиштето/градинката.

8.7. Да се испита динамиката и начините на кои се применуваат родителските програми во процесот на советување на родителите за успешно вклучување на децата во воспитно-образовната средина.

8.8. Да се испитаат начините преку кои родителите влијаат врз своите деца во процесот на вклучување во воспитно – образовната средина.

8.9. Да се испитаат образовните потреби на родителите за нивна едукација насочена во контекст на успешно вклучување на децата во образованието.

8.10. Да се утврди дали родителите се запознаени со родителските програми и начинот на нивната реализација.

8.11. Да се испитаат начините на кои воспитно-образовен кадар ги организираат средбите/работилниците за советување и обучување на родителите за родителските програми и нивната примена.

8.12. Да се испитаат разликите во ставовите помеѓу воспитно-образовниот кадар во однос на родителските програми.

III Содржини и придобивки од родителските програми

8.12. Да се испитаат ставовите од придобивките од родителските програми;

8.13. Да се испита колку родителите се информирани за поддршката која со себе ги носат содржините од родителските програми;

8.14. Да се согледаат можностите за примената на родителските програми како рамка за успешно вклучување во образовната средина;

## 4. ХИПОТЕЗИ

Поаѓајќи од предметот и целта на истражувањето се поставуваат следниве хипотези:

**Општа хипотеза**:

**Х: Постои потреба за креирање на родителски програми како поддршка за успешно вклучување на децата во воспитно - образовната средина.**

**Помошни хипотези:**

I

Х1: Родителските програми истакнуваат повеќе пристапи и поволности за вклучување на децата во воспитно-образовната средина.

Х2: Родителските програми се применуваат во воспитно-образовните институции.

Х3: Родителските програми индиректно влијаат врз воспитно-образовната страна на децата.

Х4: Родителските програми не треба да ги опфаќаат потребите на семејството.

II

X5: Постојат позитивни ставови кај родителите за примена на родителските програми.

X6: Постои заинтересираност кај родителите за родителските програми.

X7: Родителите покажуваат потреба за поголема едукација и информираност за родителските програми и воспитно-образовната средина.

X8: Родителите не се запознаени со родителските програми и текот за нивна успешна реализација.

X9: Родителите не се информирани за предностите и бенефициите кои со себе ги носат родителските програми и непокажуваат интерес да се вклучат во нив.

X10:Постои скептичност и нестрпливост кај родителите во процесот на вклучување во образовната средина.

X11: Родителите не умеат да создадат позитивен однос со своето дете.

X12: Родителите имаат потреба од мотивација и охрабрување за родителскиот пристап и надминувањето на потешкотиите при вклучувањето на детето во воспитно –образовната средина.

III

X13: Воспитно-образовниот кадар делумно е запознаен со родителските програми и нивните можности.

X14: Воспитно-образовниот кадар ги следи промените во воспитно-образовниот процес.

X15: Воспитно-образовниот кадар не ги користи родителските програми за советување и обуки на родителите.

X16: Воспитно-образовниот кадар нема желба да се вклучи во родителските програми.

X17: Воспитно-образовниот кадар ретко организира советувања/работилници за обучување на родителите во однос на родителските програми.

X18: Воспитно-образовниот кадар и децата се соочуваат со тешкотии при вклучувањето во воспитно-образовната средина.

X19: Континуираното практикување на содржините од родителските програми и соработката помеѓу учесниците во воспитно-образовниот процес го поддржуваат вклучувањето на децата во новата средина.

X20: Не постојат разлики во ставовите помеѓу наставниците и воспитувачите во однос на родителските програми.

## 5. ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

**Независни варијабли** во истражувањето се:

- родителските програми во нивната содржина, вид и насоченост;
- професионалните и индивидуалните карактеристики на воспитно-образовниот кадар и стручните служби;
- професионалните и индивидуалните карактеристики на родителите;
- предучилишното и основното образование.

**Зависни варијабли** во истражувањето се:

- образовните потреби на родителите за родителските програми;
- ставовите и мислењата на воспитно-образовниот кадар за родителските програми;
- ставовите и мислењата на родителите за родителските програми;
- ставовите и мислењата на стручната служба за родителските програми;
- примена на родителските програми;
- интересот на родителите за родителските програми;
- интересот на воспитувачите, наставниците, стручната служба за родителските програми.

## 5. МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

- Методи

- метод на анализа (содржинска и структурална)
- дескрипција
- анализа
- синтеза
- апстракција
- индукција
- дедукција

- Техники

Во рамки на ова истражување се применваат следниве техники:

- анкетирање (воспитно-образовен кадар);
- интервјуирање, фокус-групи со родители;
- полуструктурирано интервју со стручната служба.

- Инструменти

- анкетен лист (прашалник за воспитно-образовниот кадар);
- протокол за полуструктурирано интервју за фокус групите;
- протокол на полуструктурирано интервју (наменето за стручната сужба).

## 7. ПОПУЛАЦИЈА И ПРИМЕРОК

Во истражувањето се опфатени неколку примероци на испитаници: родители, воспитувачи, наставници, стручна служба. Примерокот на истражување е репрезентативен. Во ова истражување се применува стратификуван примерок во неколку скопски градинки и училишта.

**Примерок на истражување:**

8. Воспитно-образовен кадар (125)
   (Општини: Аеродром и Кисела Вода).
9. Примерок на родители (25) чии што деца престојуваат во овие општини.

10. Стручна служба – педагози (7), (градинки и училишта во Општините: Аеродром и Кисела Вода).

## 8. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ

Од добиените податоци се пристапува кон извршувње на анализа и интерпретација на податоците, добиени преку коритењето на неколку инструменти, па така ги сумиравме мислењата и ставовите на воспитно-образовниот кадар од I – III одделение , родителите и педагозите.

При статистичката обработка на добиените податоци се користат статистички постапки од дескриптивната статистика и тоа: f (на дистрибуција) и процентуална фрекфенција, табеларно и графичко претставување на податоците.

Податоците добиени од интервјуирањата квалитативно се обработуваат, како и прашањата од отворен карактер од анкетниот лист.

## 9. ОРГАНИЗАЦИЈА И ТЕК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Следејќи ја проблематиката на истражување, текот на истражувањето се одвиваше на следниов начин:

I чекор - Спроведување на анкетниот лист со воспитно-образовниот кадар во временска рамка од 4 недели од месец април. Имено, во исто време со анкетниот лист беше остварена средба со воспитно-образовниот кадар, примарно беа запознаени со целта на истражувањето, но и добија соодветни воведни информации за родителските програми за вклучувањето на децата во воспитно-образовната средина.

II чекор – Во теренското истражување како фокус група беа поставени и родителите, односно беше опфатена една група на родители чии деца се на возраст од 5,6 до 7,5 годишна возраст од прво одделение. Во овој дел беше спроведено полуструктурирано интервју.

III чекор – На завршниот дел од теренското истражување беше остварена средба со стручната служба, т.е педагозите во воспитно-образовните институции. Педагозите структуирано одговараа на јасно поставените прашања во соодност со проблематиката на ова истражување.

# III дел

# АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во третиот дел од магистерскиот труд ќе бидат анализирани добиените резултати од спроведеното истражување, со цел да се добие јасен увид за родителските програми, колку воспитно-образовниот кадар и родителите се информирани за истите и дали се тие од суштинско значење за вклучувањето на децата во воспитно-образовната средина. Резултатите кои што беа добиени за овој случај се нужни и се претставени на најсоодветен начин. Теренското истражување се спроведе во рамки на неколку воспитно - образовни институции на територијата на Р.Македонија, односно на Скопското подрачје.

Според многубројни педагози, психолози, педијатри, како и изјави и стручни мислења на познати професори и експерти од различни области родителските програми претставуваат концепт кој со себе носи многу позитивни придобивки. Постојат голем број на статистички податоци од примената на овие програми кои во многу земји се користат како редовни програми за полесно вклучување на децата во воспитно-образовната средина т.е. обработена програма којашто наликува на еден вид интервентна програма, со определена цел.

Денешниот родител е совладан од брзото темпо на живот и стресот од истиот, но и желбата за успех на секое поле кое влијае директно врз децата и нивната посветеност, но и воопшто на темелот - семејство. Неизбежно е да се истакне потребата на родителите за стрчна помош во воспитувањето и образованието на сопствените деца.

Обработката на добиените податоци беше заснована на видот, целите и на задачите кои беа дефинирани во истражувањето. Водејќи се од овие параметри во ова истражување се користеше квалитативно-квантитативна анализа.

При квантитативната обработка, во делот на статистичката анализа, се пристапи кон групирање на податоците со помош на постапки за дескриптивна статистика и користење на табелирање и графичко прикажување и притоа одредување на фреквенција (f) и изразување на процентуални износи (%), т.е. пресметување проценти.

Со цел да имаме полесна анализа и интерпретација на податоците, тие ќе бидат поделени во <u>три дела:</u>

1. Воспитно-образовен кадар

2. Родители
3. Стручна служба (педагози)

Во првиот дел (3.1) се анализирани податоците од анкетните листови спроведени кај воспитно-образовниот кадар, во вториот дел (3.2) се анализираат податоците од полуструктурираното интервју спроведено со наставниците од основните училишта, потоа во делот (3.3) се анализираат одговорите добиени од интервјуто со родителите за нивната информираноста и интерес за родителските програми, за самиот крај во делот (3.4) се опфатени одговорите од интервјуто со стручната служба т.е. ставовите на педагозите.

1. **Анализа и интерпретација на резултатите од воспитно-образовниот кадар и нивната информираноста за потребите на родителите и нивните интереси, како и за користењето на родителските програми за вклучување на децата во воспитно-образовната средина**

Примарно се истакнати табеларното и графичкото претставување на добиените податоци од анкетните прашалници, како и нивна интерпретација, со што ќе се потврдат или побијат поставените хипотези од методолошката рамка.

Во истражувањето се користеа анкетни листови со тврдења креирани од самиот истражувач, конкретно за дадениот проблем на истражување. Содржани се 23 тврдења наменети за воспитно-образовниот кадар, кои преку „потполно да", „делумно да", „воопшто не", според сопствено мислење, анонимно одговараа на одредените тврдења.

Првата табела од овој труд се однесува на општите податоци на воспитно-образовниот кадар коишто ги пополни на почетокот на анкетниот прашалник. Подолу е приложен вкупниот збир на општи податоци на воспитно-образовниот кадар (N=125) од седумте воспитно- образовни институции од коишто го зедовме нашиот примерок.

Табела бр. 1: Структура на примерокот на анкетираниот воспитно-образовен кадар

**N=125**

| Категорија | Пот категорија | Срничка | | Буба Мара-Управа | | Буба Мара-Пчелка 1 | | Блаже Конески | | Лазо Ангеловски | | Александар Македонски | | Невена Ѓоргиева Дуња | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Пол | Машко | / | / | / | / | / | / | / | / | 2 | 7,4 | / | / | / | / | 2 | 1,6 |
| | Женско | 15 | 100 | 10 | 100 | 13 | 100 | 20 | 100 | 25 | 92,6 | 20 | 100 | 20 | 100 | 123 | 98,4 |
| Образование | Средно | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| | Виша | 1 | 6,7 | / | / | 1 | 7,7 | / | / | / | / | / | / | / | / | 2 | 1,6 |
| | Факултет | 14 | 93,3 | 10 | 100 | 12 | 92,3 | 20 | 100 | 27 | 100 | 20 | 100 | 20 | 100 | 123 | 98,4 |
| Работно искуство | 1-9 | 2 | 13,3 | 6 | 60 | 5 | 38,5 | 6 | 30 | 10 | 37,1 | 6 | 30 | 12 | 60 | 47 | 37,6 |
| | 10-19 | 11 | 73,4 | 1 | 10 | 1 | 7,6 | 7 | 35 | 9 | 33,3 | 11 | 55 | 4 | 20 | 44 | 35,2 |
| | 20-29 | / | / | 3 | 30 | 5 | 38,5 | 3 | 15 | 5 | 18,5 | 3 | 15 | 4 | 20 | 23 | 18,4 |
| | 30-39 | 2 | 13,3 | / | / | 2 | 15,4 | 4 | 20 | 3 | 11,1 | / | / | / | / | 11 | 8,8 |

Графикон бр. 2 - структура на примерокот на анкетираниот воспитно-образовен кадар




На воспитно-образовниот кадар му беа понудени тврдења во анкетните листови преку коишто може да добијат податоци за тоа колку се тие информирани за потребите на родителите и родителските програми за вклучување на децата во воспитно-образовната средина. Исто така, да се дознае колку се запознаени со интересите на родителите, како и за начинот на соработка и комуникација во воспитно-образовната средина со децата. Секако, пресметките на f и на % се од вкупниот збир на испитаници од седумте институции, со соодветно внесување на податоците во колоните „потполно да", „делумно да", „воопшто не".

Во рамки на овој дел беа вклучени 38 воспитувачи од три градинки, „ Срничка", „Буба Мара"-управа, „Буба Мара – Пчелка 1" и 87 наставници од прво до трето одделение од четири основни училишта: „Блаже Конески", „Лазо Ангеловски", „Александар Македонски", „ Невена Ѓоргиева Дуња".

Во прилог следуваат обработените резултати и нивната анализа и интерпретација преку табеларна и графичка обработка, со пресметување на фреквенција и процент.

Тврдење бр. 1:

- *Сум запознаен/-а со родителските програми и нивните можности.*

Табела бр. 2 - запознаеност на воспитно-образовниот кадар со родителските програми и нивните можности

| Ред. бр. | Воспитно-образовен кадар | Потполно да | | Делумно да | | Воопшто не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 1 | Сум запознаен/-а со родителските програми и нивните можности | 40 | 32 | 45 | 36 | 40 | 32 |

Графикон бр. 3 - запознаеност на воспитно-образовниот кадар со родителските програми и нивните можности




Со помош на тврдењето бр.1 имавме интенција да дознаеме колку воспитно-образовниот кадар е запознаен со родителските програми и нивните можности и придобивките од истите.

Ова тврдење е во согласност со помошната хипотеза бр.13, која гласи: ***Воспитно-образовниот кадар делумно е запознаен со родителските програми и нивните можности.***

Според дадената табела и анализа на податоци се согледува дека 36% од испитаниците, одговориле делумно да, т.е. дека делумно се запознаени со родителските програми и нивните можности, со што горенаведената помошна хипотеза делумно се отфрла.

Тврдење бр. 2:

*-Во тек сум со сите промени што се случуваат во воспитно-образовниот процес наменети за вклученоста во воспитно-образовната средина.*

Табела бр. 3 – информираност на воспитно-образовниот кадар за промените во воспитно-образовниот процес наменети за вклученоста

| Ред. бр. | Воспитно-образовен кадар | Потполно да | | Делумно да | | Воопшто не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 2 | Во тек сум со сите промени што се случуваат во воспитно-образовниот процес наменети за вклученоста во воспитно-образовната средина | 62 | 49,6 | 55 | 44 | 8 | 6,4 |

Графикон бр. 4 - информираност на воспитно-образовниот кадар за промените во воспитно-образовниот процес наменети за вклученоста




Во последниве неколку години сведоци сме на преземање активности и промени кои директно се однесуваат на воспитно-образовниот процес во Р.Македонија. Авторите кои се занимаваат со педагошката дејност едногласно истакнуваат дека неизбежен е фактот за потребата од промени во сите сфери на општественото живеење, па вклучително и во образованието.

Кога станува збор за промени, истите се потребни на повеќе нивоа како: промени во внатрешната структура на училиштето, кои се однесуваат на организација и реализација на наставата, училишната клима или амбиентот за работа на училиштето во кој спаѓаат материјално-техничките услови, интерперсоналните односи и финансиските ресурси, како и промени во училишната култура; промени во надворешната структура на училиштето и градинката, а тука спаѓаат и промените во опкружувањето, семејството и во локалната заедница и промени во однесувањето на воспитно-образовниот кадар и останатите учесници во воспитно-образовниот процес.

Значаен сегмет е воспитно-образовниот кадар како главен носител на воспитно-образовниот процес во предучилишните и училишните установи кој е во постојана трка со текот на сите новости и промени, ставајќи акцент на адаптацијата и вклученоста кај децата во новата средината.

Според гореприложените податоци може да се воочи дека ова тврдење се поврзува со помошната хипотеза бр. 14: ***Воспитно-образовниот кадар ги следи промените во воспитно-образовниот процес*** и да заклучиме дека 49,6% од испитаниците ги следат

промените во воспитно-образовниот процес наменети за вклученоста на децата во воспитно-образовната средина, според тоа приложената хипотеза се потврдува.

Тврдење бр. 3 и бр. 4:

*-Сметам дека родителските програми имаат поволности за успешно вклучување на децата во воспитно-образовната средина.*

*- Со примената на родителските програми би се овозможила поддршка во вклучувањето на децата во новата средина.*

Табела бр. 4 – ставови на воспитно-образовниот кадар за поволноста и поддршката на родителските програми

| Ред. бр. | Воспитно-образовен кадар | Потполно да | | Делумно да | | Воопшто не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 3 | Сметам дека родителските програми имаат поволности за успешно вклучување на децата во воспитно-образовната средина | 67 | 53,6 | 52 | 41,6 | 6 | 4,8 |
| 4 | Со примената на родителските програми би се овозможила поддршка во вклучувањето на децата во новата средина | 66 | 52,8 | 56 | 44,8 | 3 | 2,4 |

Графикон бр. 5 - ставови на воспитно-образовниот кадар за поволноста и поддршката на родителските програми




Тврдењето бр. 3 и бр.4 се од круцијално значење, ставовите на воспитно-образовниот кадар упатуваат кон согледување на значењето и поволностите од примената на родителските програми и поддршката која ја даваат во вклучувањето на децата во новата средина.

Преку овие тврдења се повикуваме на помошната хипотеза бр.1- ***Родителските програми истакнуваат повеќе пристапи и поволности за вклучување на децата во воспитно-образовната средина***, 53,6% се изјасниле дека сметаат дека родителските програми имаат поволности, интересни активности кои со сигурност би овозможиле успешно вклучување на децата во воспитно-образовната средина, со што тврдењето бр.3- *Сметам дека родителските програми имаат поволности за успешно вклучување на децата во воспитно-образовната средина,* ја потврдува горенаведената хипотеза. Истите програми при реализирањето ќе овозможат стимулирање на родителите и децата, односно поддршка во педагошкиот триаголник: наставник/воспитувач, родител и дете. Се забележува дека 52,8% од испитаниците одговориле потврдно, на тврдењето бр.4- *Со примената на родителските програми би се овозможила поддршка во вклучувањето на децата во новата средина,* што значи помошната хипотеза се потврдува.

Тврдење бр. 5 и бр. 6:

*-Во оваа воспитно-образовна институција ретко се применуваат родителските програми.*

- Би сакал/-а да се вклучам во одредени облци во родителските програми.

Табела бр. 5 – примената на родителските програми и интересот за учество во истите

| Ред. бр. | Воспитно-образовен кадар | Потполно да | | Делумно да | | Воопшто не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 5 | Во оваа воспитно-образовна институција ретко се применуваат родителските програми. | 41 | 32,8 | 52 | 41,6 | 32 | 25,6 |
| 6 | Би сакал/-а да се вклучам во одредени облци во родителските програми. | 51 | 40,8 | 63 | 50,4 | 11 | 8,8 |

Графикон бр. 6 - примената на родителските програми и интересот за учество во истите




Преку графиконот број 6 можеме да се забележи процентуалната разлика и да се истакне дека поставената помошна хипотеза бр. 2 - ***Родителските програми се применуваат во воспитно-образовните институции,*** се изразува преку тврдењето бр.5 - *Во оваа воспитно-образовна институција ретко се применуваат родителските програми,* каде 41,6 % од воспитно-образовниот кадар се изјасниле со „делумно да" на тврдењето,

односно оваа хипотеза делумно се отфрла. Сето ова се поврзува со тврдењето бр.6 - *Би сакал/-а да се вклучам во одредени облци во родителските програми* и се истакнува дека 50,4 % од воспитно-образовниот кадар имаат желба и интерес да се вклучат во одредени облици на родителски програми, а со тоа и истите да ги вклучат во рамки на своето делување во нивната воспитно-образовна институција, со што хипотезата бр.16 - ***Воспитно-образовниот кадар нема желба да се вклучи во родителските програми*** делумно се потврдува.

Тврдење бр. 7 и бр. 8:

*-Родителските програми неопходно е да одговараат на потребите на семејството.*

*-Со примената на родителските програми би се овозможиле позитивни ефекти врз образовно-едукативната страна на детето.*

Табела бр. 6 – ставови на воспитно-образовниот кадар за потребите на семејството опфатени во родителските програми и позитивните ефекти кај детето

| Ред. бр. | Воспитно-образовен кадар | Потполно да | | Делумно да | | Воопшто не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 7 | Родителските програми неопходно е да одговараат на потребите на семејството | 53 | 42,4 | 61 | 48,8 | 11 | 8,8 |
| 8 | Со примената на родителските програми би се овозможиле позитивни ефекти врз образовно-едукативната страна на детето. | 58 | 46,4 | 61 | 48,8 | 6 | 4,8 |

Графикон бр. 7 - ставови на воспитно-образовниот кадар за потребите на семејството опфатени во родителските програми и позитивните ефекти кај детето




Со овие две тврдења се навлегува во примарната цел која се однесува на согледувањето од потребата и можноста за креирање и применување на родителските програми, кои ќе овозможат успешно вклучување на децата во воспитно –образовната средина. Со помош на овие тврдења сакавме да дознаеме колкаво е значењето на семејството при создавањето на родителските програми, личните потреби на родителите и потребите на своето предучилишно или училишно дете кои навистина се големи во денешниот динамичен и општествен живот. Овие родителски програми треба да претставуваат линија за воспоставување соодветна комуникација која ќе овозможи позитивни вибрации врз воспитната и едукативната страна на детето како личност. На тврдењето бр.7 - *Родителските програми неопходно е да одговараат на потребите на семејството,* 48,8% од испитаниците одговориле со „делумно да". Ова тврдење се поврзува со хипотезата бр.4 - ***Родителските програми не треба да ги опфаќаат потребите на семејството***, со што оваа хипотеза делумно се отфрла. Вака поставената хипотезата бр.3 - ***Родителските програми индиректно влијаат врз воспитно-образовната страна на децата***, има исто 48,8% од испитаниците кои го дале својот одговор со „делумно да", каде што можеме да заклучиме дека активностите, вежбите и воопшто содржините на родителските програми ќе остварат ефек, т.е ќе влијаат кај децата во рамки на училиштето и вклучувањето во образовната средина. Хипотезата под број 3 делумно се отфрла.

Тврдење бр. 9, бр. 10, бр.11 и бр. 12:

*-Родителите се запознаени со видовите родителски програми и текот на нивната реализација.*

*-Родителите не се запознаени со позитивните придобивки од користењето на родителските програми.*

*-Сметам дека родителите би имале интерес да се вклучат во родителските програми како нов начин за полесно вклучување на децата во воспитно-образовната средина.*

*-Би сакале да ги користиме родителските програми за советување на родителите.*

Табела бр. 7 – ставовите на воспитно-образовниот кадар за запознаеноста на родителите со родителските програми и нивниот интересот за користење во советувањето на родителите

| Ред. бр. | Воспитно-образовен кадар | Потполно да | | Делумно да | | Воопшто не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 9 | Родителите се запознаени со видовите родителски програми и текот на нивната реализација | 38 | 30,4 | 49 | 39,2 | 38 | 30,4 |
| 10 | Родителите не се запознаени со позитивните придобивки од користењето на родителските програми | 49 | 39,2 | 59 | 47,2 | 17 | 13,6 |
| 11 | Сметам дека родителите би имале интерес да се вклучат во родителските програми како нов начин за полесно вклучување на децата во воспитно-образовната средина | 50 | 40 | 61 | 48,8 | 14 | 11,2 |
| 12 | Би сакале да ги користиме родителските програми за советување на родителите | 80 | 64 | 40 | 32 | 5 | 4 |

Графикон бр. 8 – ставовите на воспитно-образовниот кадар за запознаеноста на родителите со родителските програми и нивниот интересот за користење во советувањето на родителите




Хипотезата бр.8 - ***Родителите не се запознаени со родителските програми и текот за нивна успешна реализација***, се поврзува со тврдењето бр.9 - *Родителите се запознаени со видовите родителски програми и текот на нивната реализација,* со што оваа хипотеза со 39,2% од добиени одговори на испитаниците делумно ја отфрлаат оваа хипотеза.

Тврдењето бр.10 - *Родителите не се запознаени со позитивните придобивки од користењето на родителските програми,* се поврзува со помошна хипотеза бр.9 - ***Родителите не се информирани за предностите и бенефициите кои со себе ги носат родителските програми и непокажуваат интерес да се вклучат во нив.*** Од прикажаниот графикон број 8 можеме да забележиме дека 47,2 % од испитаниците смеетаат дека родителите не се доволно информирани за придобивките и можностите од овие програми, со што оваа хипотеза делумно се отфрла. Оттука, ќе се поврземе со истата хипотеза, т.е. тврдењето бр.11 - *Сметам дека родителите би имале интерес да се вклучат во родителските програми како нов начин за полесно вклучување на децата во воспитно-образовната средина*, каде што 48,8% од воспитно-образовниот кадар се изјаснил со „делумно да" што укажува на делумно отфрлање на вториот дел од хипотезата бр.9, што се однесува на покажаниот интерес на родителите за вклучувањето во родителските програми. Хипотезата бр.- 15: ***Воспитно-образовниот кадар не ги користи родителските програми за советување и обуки на родителите*** е поврзана со нашето тврдење под бр.12 кое гласи -*Би сакале да ги користиме родителските програми за советување на родителите.* Од вкупниот број испитаници 64% потполно ја потврдуваат

оваа хипотеза, односно стручниот кадар покажува желба и интерес за користење на родителските програми кои би помогнале во советувањето и соработката со родителите со цел полесно децата да се вклучат во новата средина.

Тврдење бр. 13:

*-Родителите умеат да воспостават интеракција со своето дете.*

Табела бр. 8 – воспоставување интеракција на родителот со своето детето

| Ред. бр. | Воспитно-образовен кадар | Потполно да | | Делумно да | | Воопшто не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 13 | Родителите умеат да воспостават интеракција со своето дете | 50 | 40 | 67 | 53,6 | 8 | 6,4 |

Графикон бр. 9 – воспоставување интеракција на родителот со своето детето




Ова тврдење е поставено во анкетниот лист затоа што е од исклучителна важност, „интеракцијата помеѓу возрасните и децата како и меѓу самите деца е клучна за промовирање на концептот на постојано учење. Таа влијае и на нивниот социјален, емотивен и когнитивен развој и ги поттикнува да развиваат и разменуваат знаења, искуства, чувства и ставови. Токму преку интеракцијата децата развиваат свест за себеси, сфаќаат дека се дел од некоја заедница и го спознаваат светот околу себе".[71]

[71] http://www.stepbystep.org.mk/WEBprostor/toolbox/fokusno_podracje_1.pdf 02.05.2018

Секако несмее да се изостави важноста на родителот за своето дете, желбата, вложувањето и непроценливото време на секој родител, како активен субјект за формирање на основниот педагошки триаголник со основните клучни елементи: родител, дете и наставник. Особено акценот на ова тврдење е ставен на односот помеѓу родителот и детето. Па според тоа од табелата бр.8 можеме да забележиме дека за ова тврдење, тврдење бр.13 - *Родителите умеат да воспостават интеракција со своето дете* , поголем процент се изјаснуваат со „делумно да" односно 53,6% од испитаниците делумно ја потврдуваат хипотезата бр. 11: ***Родителите не умеат да создадат позитивен однос со своето дете.***

Тврдење бр. 14 и бр.15 :

- *Сметам дека родителите треба да ги искажат потребите и да бидат отворени за едукација и нови информации за децата и воспитно-образовната средина.*

- *Постои недоволна желба и несигурност кај родителите во процесот на вклучување во воспитно-образовната средина.*

Табела бр. 9 – ставови на воспитно-образовниот кадар за отвореноста и желбата за соработка кај родителите во процесот на вклучување во воспитно-образовната средина

| Ред. бр. | Воспитно-образовен кадар | Потполно да | | Делумно да | | Воопшто не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 14 | Сметам дека родителите треба да ги искажат потребите и да бидат отворени за едукација и нови информации за децата и воспитно-образовната средина | 76 | 60,8 | 45 | 36 | 4 | 3,2 |
| 15 | Постои недоволна желба и несигурност кај родителите во процесот на вклучување во воспитно-образовната средина | 52 | 41,6 | 67 | 53,6 | 6 | 4,8 |

Графикон бр. 10 – ставови на воспитно-образовниот кадар за отвореноста и желбата за соработка кај родителите во процесот на вклучување во воспитно-образовната средина




Тврдењето бр. 14 - *Сметам дека родителите треба да ги искажат потребите и да бидат отворени за едукација и нови информации за децата и воспитно-образовната средина* се поврзува со помошната хипотеза бр.7 - **Родителите покажуваат потреба за поголема едукација и информираност за родителските програми и воспитно-образовната средина,** каде може да се забележи дека ставовите на воспитно-образовниот кадар се со изјаснетост од 60,8% т.е. голем број од испитаниците одговориле потврдно и оваа хипотеза се потврдува. Додека пак кај помошната хипотеза бр.10 - ***Постои скептичност и нестрпливост кај родителите во процесот на вклучување во образовната средина*** може да се види дека од тврдењето бр.15 - *Постои недоволна желба и несигурност кај родителите во процесот на вклучување во воспитно-образовната средина,* од изјаснувањата на испитаниците можеме да заклучиме дека родителите делумно немаат желба и покажуваат несигурност кога станува збор за вклучувањето на децата во нова средина, т.е. 53,6% одговориле со „делумно да", што значи дека хипотезата делумно се потврдува.

Тврдење бр. 16 и бр.17 :

*-Сум организирал/-а советувања/работилници во коишто родителите биле обучувани.*

*-Секогаш сум тука за информирање на родителите, обучување и организирање советодавни средби/работилници.*

Од овие тврдења статистичката обработка претставена на табеларен начин изгледа вака:

Табела бр. 10 – организирани советувања и работилници за родители

| Ред. бр. | Воспитно-образовен кадар | Потполно да | | Делумно да | | Воопшто не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 16 | Сум организирал/-а советувања/работилници во коишто родителите биле обучувани. | 42 | 33,6 | 60 | 48 | 23 | 18,4 |
| 17 | Секогаш сум тука за информирање на родителите, обучување и организирање советодавни средби/работилници | 92 | 73,6 | 29 | 23,2 | 4 | 3,2 |

Додека пак, графичкото претставување изгледа вака:

Графикон бр. 11 – организирани советувања и работилници за родители




Воспитно-образовните институции организираат различни видови работилници за родителите, всушност таквиот концепт на организација е предвиден во нивните годишни програми. Особенно значајно е да се истакне важноста на соработката со родителите, која претставува еден од основните фактори за обезбедување правилен и оптимален развој на

детето. Токму затоа организирањето на советувања и работилници во кои родителите ќе земат целосно учество во најразлични формални/неформални средби е од големо значење.

Овие тврдења се поврзуваат со помошната хипотеза бр.17 – ***Воспитно-образовниот кадар ретко организира советувања/работилници за обучување на родителите во однос на родителските програми***, со тоа што може да се види дека од тврдењето бр.16 - *Сум организирал/-а советувања/работилници во коишто родителите биле обучувани*, можеме да заклучиме дека воспитно-образовниот кадар делумно организирал советувања/работилници во кои родителите биле вклучени и обучени, т.е. 48% одговориле со „делумно да", што значи дека хипотезата од добиениот процент делумно се отфрла.

Додека, пак, за тврдењето бр.17 - *Секогаш сум тука за информирање на родителите, обучување и организирање советодавни средби/работилници,* заклучуваме дека висок процент од воспитно-образовниот кадар, 73,63 %, одговориле потврдно, со тоа што горенаведената хипотеза се отфрла, односно стручниот кадар секогаш е отворен за советодавни средби и работилници со родителите во однос на родителските програми.

Тврдење бр. 18 и бр.19 :

*-Сметам дека на родителите им е потребен мотив за нивниот родителски пристап кон детето во однос на неговото вклучување во воспитно-образовната средина.*

*-Ги охрабруваме родителите за полесно надминување на поттешкотиите со кои се соочуваат при вклучување во воспитно-образовната средина.*

Табела бр. 11 – потребата за мотив и охрабрување на родителите за родителскиот пристап при вклучување во воспитно-образовната средина

| Ред. бр. | Воспитно-образовен кадар | Потполно да | | Делумно да | | Воопшто не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 18 | Сметам дека на родителите им е потребен мотив за нивниот родителски пристап кон детето во однос на неговото вклучување во воспитно-образовната средина | 78 | 62,4 | 29 | 23,2 | 3 | 2,4 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 19 | Ги охрабруваме родителите за полесно надминување на поттешкотиите со кои се соочуваат при вклучување во воспитно-образовната средина | 86 | 68,8 | 37 | 29,6 | 2 | 1,6 |

Графикон бр. 12 – потребата за мотив и охрабрување на родителите за родителскиот пристап при вклучување во воспитно-образовната средина




Преку графиконот број 12 јасно се забележува процентуалната разлика и потврдувањето на хипотезата бр.12 – ***Родителите имаат потреба од мотивација и охрабрување за родителскиот пристап и надминувањето на потешкотиите при вклучувањето на детето во воспитно –образовната средина.*** Поврзувајќи ја оваа хипотеза со тврдењето бр.18 - *Сметам дека на родителите им е потребен мотив за нивниот родителски пристап кон детето во однос на неговото вклучување во воспитно-образовната средина,* 62,4 % од испитаниците се изјасниле дека навистина сметаат дека родителите како клучна алка во целокупниот воспитно-образовен процес имаат потреба од мотив за да можат да бидат активни субјекти кои ќе допринесат за успешно вклучување на сопствените децата во новата средина, но и вооедно и тие да се изградат како родители. Потврдните одговори од тврдењето бр.18 ја потврдуваат ова хипотеза, но исто така може да се забележи дека и кај тврдењето бр.19 - *Ги охрабруваме родителите за полесно надминување на поттешкотиите со кои се соочуваат при вклучување во воспитно-образовната средина* постои висок процент на испитаници кои одговориле со „потполно да", т.е. 68,8 % со што се потврдува горенаведената хипотеза. Може да се заклучи дека стручниот кадар во

воспитно-образовните институции дава стимул и охрабрување на младите родители кои неумеат со родителството и приспапот кон своето дете при вклучувањето во воспитно-образовниот процес.

Тврдење бр. 20:

*-Сметам дека се почесто децата имаат потешкотии при вклучувањето во воспитно-образовната средина.*

Табела бр. 12 – децата имаат потешкотии при вклучувањето во воспитно-образовната средина

| Ред. бр. | Воспитно-образовен кадар | Потполно да | | Делумно да | | Воопшто не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 20 | Сметам дека се почесто децата имаат потешкотии при вклучувањето во воспитно-образовната средина. | 53 | 42,4 | 62 | 49,6 | 10 | 8 |

Графикон бр. 13 – децата имаат потешкотии при вклучувањето во воспитно-образовната средина



Со ова тврдење се истакнуваат ставовите на воспитно-образовниот кадар, тие за тврдењето бр.20 - *Сметам дека се почесто воспитно-образовен кадар и децата имаат потешкотии при вклучувањето во воспитно-образовната средина,* се изјаснуваат со 49,6% за „делумно да", со што хипотезата бр. 18 - ***Воспитно-образовниот кадар и децата се соочуваат со тешкотии при вклучувањето во воспитно-образовната средина*** делумно се отфрла.

Тврдење бр. 21, бр. 22 и бр. 23:

*-Учеството на родителите со различни активности во вос.-образ.институција се покажува како значителна поддршка за вклучување на детето во воспитно-образованата средина.*

*-Секогаш сме тука за соработка со воспитно-образовниот кадар за децата кои имаат потешкотии во вклучувањето во воспитно-образовната средина.*

*-Постојаното практикување на родителските програми и содржини ќе го олесни вклучувањето на децата во воспитно-образовната средина.*

Табела бр. 13 – ставови на воспитно-образовниот кадар за поддршката, соработката и практикувањето на родителските програми при вклучувањето на децата во воспитно-образовната средина

| Ред. бр. | Воспитно-образовен кадар | Потполно да | | Делумно да | | Воопшто не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 21 | Учеството на родителите со различни активности во вос.-образ.институција се покажува како значителна поддршка за вклучување на детето во воспитно-образованата средина | 77 | 61,6 | 48 | 38,4 | 0 | 0 |
| 22 | Секогаш сме тука за соработка со воспитувачите/наставниците за децата кои имаат потешкотии во | 102 | 81,6 | 23 | 18,4 | 0 | 0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вклучувањето во воспитно-образовната средина | | | | | | |
| 23 | Постојаното практикување на родителските програми и содржини ќе го олесни вклучувањето на децата во воспитно-образовната средина. | 79 | 63,2 | 41 | 32,8 | 5 | 4 |

Графикон бр. 14 - ставови на воспитно-образовниот кадар за поддршката, соработката и практикувањето на родителските програми при вклучувањето на децата во воспитно-образовната средина




Табеларното и графичкото прикажување на добиените податоци ги отсликуваат ставовите и преземените активности од страна на воспитно-образовниот кадар, во вид на практикување на родителските програми, соработкатка и поддршката од истите. Преку овие тврдења се повикуваме на помошната хипотеза бр.19 - ***Континуираното***

***практикување на содржините од родителските програми и соработката помеѓу учесниците во воспитно-образовниот процес го поддржуваат вклучувањето на децата во новата средина,*** со тоа што преку тврдењето бр.21 - *Учеството на родителите со различни активности во вос.-образ.институција се покажува како значителна поддршка за вклучување на детето во воспитно-образованата средина,* хипотезата се потврдува со 61,6 % од одговорите со „потполно да" . Со тврдењето бр. 22 - *Секогаш сме тука за соработка со воспитно-образовниот кадар за децата кои имаат потешкотии во вклучувањето во воспитно-образовната средина, со* сигурно 81,6% потврдни одговори од страна на стручниот кадар , исто така ја потврдува хипотезата, односно воспитно-образовниот кадар секогаш е отворен за соработка со сите оние деца кои имаат потешкотии со адаптацијата на новата средина.

Потврдување на хипотезата имаме и со последното тврдење бр. 23 - *Постојаното практикување на родителските програми и содржини ќе го олесни вклучувањето на децата во воспитно-образовната средина,* каде што 63,2 % од испитаниците одговориле со „потполно да".

Со цел да се добие попрегледна слика за разликите во ставовите помеѓу воспитувачите и наставниците за родителските програми во продолжение е направена дескриптивна анализа на нивните одговори.

Табела бр. 14 – Разлики помеѓу ставовите на воспитно-образовниот кадар во однос на родителските програми

| Тврдења | | Потполно да | | Делумно да | | Воопшто не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 1.Сум запознаен/-а со родителските програми и нивните можности | Воспитувачи | 8 | 21,05 | 19 | 50 | 11 | 28,9 |
| | Наставници | 32 | 36,7 | 26 | 29,8 | 29 | 33,3 |
| 2.Во тек сум со сите промени што се случуваат во воспитно-образовниот процес наменети за вклученоста во воспитно-образовната средина | Воспитувачи | 13 | 34,2 | 21 | 55,2 | 4 | 10,5 |
| | Наставници | 49 | 56,3 | 34 | 39,08 | 4 | 4,5 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.Сметам дека родителските програми имаат поволности за успешно вклучување на децата во воспитно-образовната средина | Воспитувачи | 20 | 52,6 | 12 | 31,5 | 6 | 15,7 |
| | Наставници | 47 | 54,02 | 40 | 45,9 | / | / |
| 4.Со примената на родителските програми би се овозможила поддршка во вклучувањето на децата во новата средина | Воспитувачи | 19 | 50 | 16 | 42,1 | 3 | 7,8 |
| | Наставници | 47 | 54,02 | 40 | 45,9 | / | / |
| 5.Во оваа воспитно-образовна институција ретко се применуваат родителските програми | Воспитувачи | 3 | 37,5 | 25 | 65,7 | 10 | 26,3 |
| | Наставници | 38 | 43,6 | 27 | 31,03 | 22 | 25,2 |
| 6.Би сакал/-а да се вклучам во одредени облци во родителските програми | Воспитувачи | 9 | 23,6 | 18 | 47,3 | 11 | 28,9 |
| | Наставници | 42 | 48,2 | 45 | 51,7 | / | / |
| 7.Родителските програми неопходно е да одговараат на потребите на семејството | Воспитувачи | 9 | 23,6 | 19 | 50 | 10 | 26,3 |
| | Наставници | 44 | 50,5 | 42 | 48,2 | 1 | 1,1 |
| 8.Со примената на родителските програми би се овозможиле позитивни ефекти врз образовно-едукативната страна на детето | Воспитувачи | 11 | 28,9 | 21 | 55,2 | 6 | 15,7 |
| | Наставници | 46 | 52,8 | 41 | 47,1 | / | / |
| 9.Родителите се запознаени со видовите родителски програми и текот на нивната реализација | Воспитувачи | 10 | 26,3 | 15 | 39,4 | 13 | 34,2 |
| | Наставници | 28 | 32,1 | 34 | 39,08 | 25 | 28,7 |
| 10.Родителите не се запознаени со позитивните придобивки од користењето на родителските програми | Воспитувачи | 2 | 5,2 | 24 | 63,1 | 12 | 31,5 |
| | Наставници | 47 | 54,02 | 35 | 40,2 | 5 | 5,7 |
| 11.Сметам дека родителите би имале интерес да се вклучат во родителските програми како нов начин за полесно вклучување на децата во воспитно-образовната средина | Воспитувачи | 9 | 23,6 | 24 | 63,1 | 5 | 13,1 |
| | Наставници | 41 | 47,1 | 37 | 42,5 | 9 | 10,3 |
| 12.Би сакале да ги користиме родителските програми за советување на родителите | Воспитувачи | 12 | 31,5 | 20 | 52,6 | 6 | 15,7 |
| | Наставници | 68 | 78,1 | 14 | 16,09 | 5 | 5,7 |
| 13.Родителите умеат да воспостават интеракција со своето дете | Воспитувачи | 11 | 28,9 | 24 | 63,1 | 3 | 37,5 |
| | Наставници | 39 | 44,8 | 43 | 49,4 | 5 | 5,7 |
| 14.Сметам дека родителите треба да ги искажат потребите и да бидат отворени за | Воспитувачи | 21 | 55,2 | 17 | 44,7 | / | / |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| едукација и нови информации за децата и воспитно-образовната средина | Наставници | 55 | 63,2 | 28 | 32,1 | 4 | 4,5 |
| 15.Постои недоволна желба и несигурност кај родителите во процесот на вклучување во воспитно-образовната средина | Воспитувачи | 5 | 13,1 | 27 | 71,05 | 6 | 15,7 |
| | Наставници | 47 | 54,02 | 40 | 45,9 | / | / |
| 16.Сум организирал/-а советувања/работилници во кои што родителите биле обучувани | Воспитувачи | 9 | 23,6 | 21 | 55,2 | 8 | 21,05 |
| | Наставници | 33 | 37,9 | 38 | 43,6 | 16 | 18,3 |
| 17.Секогаш сум тука за информирање на родителите, обучување и организирање советодавни средби/работилници | Воспитувачи | 21 | 55,2 | 13 | 34,2 | 4 | 10,5 |
| | Наставници | 71 | 81,6 | 16 | 18,3 | / | / |
| 18.Сметам дека на родителите им е потребен мотив за нивниот родителски пристап кон детето во однос на неговото вклучување во воспитно-образовнатасредина | Воспитувачи | 13 | 34,2 | 24 | 63,1 | 1 | 2,6 |
| | Наставници | 65 | 74,7 | 20 | 22,9 | 2 | 2,2 |
| 19.Ги охрабруваме родителите за полесно надминување на поттешкотиите со кои се соочуваат при вклучување во воспитно-образовната средина | Воспитувачи | 18 | 47,3 | 20 | 52,6 | / | / |
| | Наставници | 68 | 78,1 | 17 | 19,5 | 2 | 2,2 |
| 20.Сметам дека се почесто децата имаат потешкотии при вклучувањето во воспитно-образовната средина | Воспитувачи | 8 | 21.05 | 27 | 71,05 | 3 | 7,8 |
| | Наставници | 46 | 52,8 | 34 | 39,08 | 7 | 8,04 |
| 21.Учеството на родителите со различни активности во вос.образ.институција се покажува како значителна поддршка за вклучување на детето во воспитно-образованата средина | Воспитувачи | 11 | 28,9 | 27 | 71,05 | / | / |
| | Наставници | 49 | 56,3 | 38 | 43,6 | / | / |
| 22.Секогаш сме тука за соработка со воспитувачите/наставниците за децата кои имаат потешкотии во вклучувањето во воспитно-образовната средина | Воспитувачи | 25 | 65,7 | 13 | 34,2 | / | / |
| | Наставници | 77 | 88,5 | 10 | 11,4 | / | / |
| 23.Постојаното практикување на родителските програми и содржини ќе го олесни вклучувањето на децата во воспитно- образовната средина. | Воспитувачи | 11 | 28,9 | 22 | 57.8 | 5 | 13,1 |
| | Наставници | 68 | 78,1 | 19 | 21,8 | / | / |

Според дадената табела и анализа на податоците се согледува дека кај тврдењето бр.1 - *Сум запознаен/-а со родителските програми и нивните можности*, 8 воспитувачи се потполно запознаени со родителските програми и нивните можности, додека пак кај наставниците имаме значително поголем број, односно 32 наставници одговориле со „потполно да". Делумно познавање за овие програми имаат 19 од воспитувачите, додека пак 26 од наставниците се изјасниле дека делумно се запознаени со родителските програми и нивните можности со што се забележува дека скоро двојно повеќе наставниците се делумно запознаени со родителските програми за разлика од воспитувачите. „Воопшто не" како одговор дале 11 воспитувачи од предучилишните установи во кои беше спроведен анкетниот лист, а 29 наставници исто така во своите одговори се изјаснија дека воопшто не се запознаени со родителските програми и нивните можности.

Во однос на тврдењето бр. 2 - *Во тек сум со сите промени што се случуваат во воспитно-образовниот процес наменети за вклученоста во воспитно-образовната средина,* од добиените податоци 13 воспитувачи ги следат промените во воспитно-образовниот процес наменети за вклученоста во новата средина, додека пак бројот кај наставниците е евидентно поголем, па така 49 наставници одговараат со „потполно да". Се забележува дека 21 воспитувач се изјаснува дека делумно е во тек со промените што се застапени во воспитно-образовната средина наменети за вклучување на децата, за разлика пак 34 од наставниците одговараат со „делумно да". Идентичен број на одговори имаме и кај воспитивачите и кај наставниците кои на тврдењето бр.2 даваат негативен одговор.

Кај тврдењето бр.3 - *Сметам дека родителските програми имаат поволности за успешно вклучување на децата во воспитно-образовната средина,* се забележува дека 20 воспитувачи се согласуваат со даденото тврдење, додека двојно повеќе, т.е. дури 47 од наставниците сметаат дека родителските програми имаат поволности за успешно вклучување на децата во воспитно-образовната средина. Од вкупниот број на воспитувачи 12 се изјасниле со „делумно да" додека кај одговорите на наставниците се забележува значително поголем број, т.е. 40 од испитаниците – наставници сметаат дека родителските програми делумно имаат поволности за успешно вклучување на децата во воспитно-образовната средина. Мал е бројот на воспитувачи кои даваат негативен одговор во однос

на тврдењето бр.3, т.е. 6 воспитувачи, за разлика од наставниците кои сметаат дека родителските програми имаат позитивни поволности.

Во однос на примената на родителските програми и овозможувањето поддршка во вклучувањето на децата во новата средина, 19 воспитувачи потполно се согласуваат со ова тврдење, додека пак бројот на ставовите кај наставниците е 47. Со ова тврдење 16 воспитувачи делумно се согласуваат, додека пак 40 наставници делумно сметаат дека со примената на родителските програми би се овозможила поддршка во вклучувањето на децата. Идентична е и споредбата на одговорите кои се однесуваат на одговорот „делумно да". Само 3 од воспитувачите се скептични за тврдењето бр.4 - *Со примената на родителските програми би се овозможила поддршка во вклучувањето на децата во новата средина,* каде во споредба со наставниците може да се забележи дека нема негативен одговор.

Преку табелата може да се согледа разликата помеѓу воспитно-образовниот кадар во однос на ретката примената на родителските програми во рамки на воспитно-образовните институции. Па така може да се истакне дека 3 воспитувачи и 38 наставници одговараат потврдно на тврдењето бр. 5 - *Во оваа воспитно-образовна институција ретко се применуваат родителските програми,* однсно се забележува значителна разлика во бројот на испитаниците и нивните одговори. Речиси и да не постои разлика помеѓу одговорите на воспитно-образовниот кадар во дадените одговорите со „делумно да", па така се изјаснија 25 воспитувачи и 27 наставници. Во обсег на воспитувачите, 10 од нив одговориле дека во предучилишните установи се применуваат родителски програми, додека пак во училиштата имаме 22 наставници кои изјаснија со „воопшто не".

Желбата за учество во родителските програми во поширока смисла е застапена кај 9 воспитувачи, па во компарација со бројот на одговорите кај наставниците ќе забележиме енормна разлика, т.е дури 42 од вкупниот број наставници потполно имаат желба за учество во овие програми. Од понудениот одговорот за „делумно да" исто така се забележува огромна разлика, па така 18 воспитувачи делумно сакаат да се вклучат во одредени облици на родителските програми, додека бројката кај наставниците кои делумно би сакале да се вклучат е значително повисока, односно 45 наставници. Компаративно гледано на тврдењето бр. 6 - *Би сакал/-а да се вклучам во одредени облици*

*во родителските програми* наставниците имаат желба за учество во родителските програми , додека тоа не е случај и со воспитувачите. Може да се забележи дека 11 воспитувачи немаат желба да се вклучат во родителските програми.

Во однос на тврдењето бр.7 - *Родителските програми неопходно е да одговараат на потребите на семејството,* постои исклучително голема разлика во ставовите на испитаниците, па така 9 воспитувачи сметаат дека овие програми се неопходни за да одговорат на потребите на семејството и дури 44 наставници кои го завземаат истиот став. Исто така постои разлика и во бројот на одговорите со „делумно да", се забележува дека 19 воспитувачи делумно се согласуваат со ова тврдење, додека бројот на наставниците со истиот став е многу поголем, односно 42 наставници. Со ова тврдење воопшто не се согласуваат 10 од вкупниот број на воспитувачи, додека пак бројот кај наставниците е енормно намален,т.е. само 1 наставник смета дека родителските програми не е неопходно да одговараат на потребите на семејството.

Графикон бр. 15 - Родителските програми неопходно е да одговараат на потребите на семејството




Кога станува збор за примената на родителските програми 11 од воспитувачите сметаат дека во потполност овие програми би овозможиле позитивни ефекти врз образовно-едукативната страна на детето, за разлика од наставниците кои дури 46 од нив одговориле потврдно. Се забележува двојна разлика во одговорите со „делумно да", односно во бројот на ставовите помеѓу воспитно-образовниот кадар постои значителна разлика, за тврдењето бр. 8 - *Со примената на родителските програми би се овозможиле позитивни ефекти врз образовно-едукативната страна на детето,* па така 21 воспитувач и 41

наставник делумно се согласуваат со ова тврдење. Од испитаниците 6 воспитувачи сметаат дека со примената на родителските програми не би се овозможиле позитивни ефекти врз образовно-едудкативната страна на детето, додека пак тоа не е случај и кај наставниците.

Имено, што се однесува за тврдењето наменето за родителите и нивната запознаеност со родителските програми и текот на нивното реализирање 10 воспитувачи потполно се согласуваат со истото, но и 28 наставници кои својот став го изразуваат со „потполно да". Од вкупниот број воспитувачи 15 од нив сметаат дека родителите се делумно запознаени со позитивните придобивки од користењето на овие програми, но повеќе од двојна е бројката на наставници кои го делат истиот став, т.е. 34 наставници. Додека пак 13 воспитувачи сметаат дека родителите воопшто не се запознаени со видовите родителски програми и нивниот тек, а за истото тврдење се определуваат и 25 наставници.

Во однос на тврдењето бр.10 - *Родителите не се запознаени со позитивните придобивки од користењето на родителските програми,* се забележува голема разлика доколку се направи преглед на одговорите помеѓу воспитно-образовниот кадар, односно само 2 воспитувачки потполно се согласуваат со ова тврдење, додека 47 наставници се изјаснуваат за истиот став. Незначителна разлика има во одговорите со „делумно да", односно 24 воспитувачи и 35 наставници кои делумно сметаат дека родителите не се запознаени со позитивните придобивки од користењето на родителските програми. Со ваквото тврдење 12 од воспитувачите воопшто не се согласуваат, споредбено со наставниците кои 5 од нив го делат истиот став.

Графикон бр. 16 - Родителите не се запознаени со позитивните придобивки од користењето на родителските програми




Доколку се направи споредба во одговорите на воспитно-образовниот кадар по однос на тврдењето бр.11 - *Сметам дека родителите би имале интерес да се вклучат во родителските програми како нов начин за полесно вклучување на децата во воспитно-образовната средина,* може да се увиди дека во предучилишните установи само 9 воспитувачки потполно се согласуваат со даденото тврдење, компаративно со бројот на одговорите на наставниците постои голема разлика т.е. дури 41 од наставниците одговориле дека во потполност се согласуваат. Со ова тврдење делумно се согласуваат 24 од воспитувачите и 37 од страна на наставниците, додека пак 5 воспитувачи и 9 наставници воопшто не се согласуваат.

Испитаниците од предучилишните установи – 12 воспитувачи се изјаснуваат дека би сакале да ги користат родителските програми за советување на родителите, значително поголема е разликата кај наставниците кои вкупно даават 67 потполни согласувања со користењето на програмите како начин за советување на родителите. Кај тврдењето бр. 12 - *Би сакале да ги користиме родителските програми за советување на родителите,* постои мала разлика во бројот на одговорите помеѓу воспитно-образовниот кадар, па така 20 од воспитувачите и 14 од наставниците истакнуваат дека делумно би ги користеле родителските програми за советување на родителите, 6 воспитувачи воопшто не би сакале да ги користат овие програми, а речиси исто и толку наставници (5).

Според табелата може да се забележи дека постои разлика во бројот на ставовите на испитаниците по однос на родителите и нивното умеење во воспоставувањето интеракција

со своето дете, па така 11 воспитувачи потполно се согласуваат со ова тврдење, а значително повеќе наставници, односно 39 го даваат истиот потврден одговор. Од вкупниот број воспитувачи 24 од нив делумно се согласуваат со тврдењето бр. 13 - *Родителите умеат да воспостават интеракција со своето дете,* како и 43 од наставниците. Со ваквото тврдење 3 воспитувачи и 5 наставници воопшто не се согласуваат, со што нема постоење на значајна разлика.

Од вкупниот број воспитувачи 21 од нив потполно се согласуваат дека значајно е родителите да ги искажат своите потреби и воопшто да бидат отворени за едукација, споредбено со број на наставниците се забележува разлика, односно 55 од нив исто така се согласуваат со ова тврдење. Незначајна разлика постои во бројот на одговорите со „делумно да", па така 17 воспитувачи и 28 наставници делумно се согласуваат со тврдењето бр.14 - *Сметам дека родителите треба да ги искажат потребите и да бидат отворени за едукација и нови информации за децата и воспитно-образовната средина.* Со ова тврдење потполно не се согласуваат 4 наставници, за разлика од воспитувачите кои сметаат дека потребно е искажување на потребите од страна на родителите и отвореност која ќе помогне за едукација и нови информации кои се важни за воспитно-образовната средина.

Од изјаснувањата на воспитувачите можеме да заклучиме дека постои голема разлика во бројот на одговорите кои се однесуваат на потврдување на тврдењето бр.15 – *Постои недоволна желба и несигурност кај родителите во процесот на вклучување во воспитно-образовната средина*, само 5 воспитувачи се согласуваат во потполност со ова тврдење, а дури 47 од наставниците се изјаснуваат завземаат исти став. Со ова тврдење делумно се согласуваат 27 воспитувачи, додека незначителна е разликата кај наставниците кои вкупно даваат 47 од вкупниот број на одговори кај наставниците. Воопшто не се согласуваат 6 воспитувачи, додека наставниците не го делат истиот став.

Од табелата може да се забелжи дека воспитувачите значително помалку организирале советувања и работилници во кои што родителите биле обучувани за разлика од наставниците, односно 9 воспитувачи и 33 наставници се изјаснуваат за „потполно да" на даденото тврдење бр.16. Во своето работење делумно организирале советувања/работилници за родителите 21 воспитувач и 38 наставници. Исто така, може

да се воочи дека 8 воспитувачи воопшто немаат организирано советувања/работилнизи за родителите, додека пак бројот кај наставниците изнесува двојно повеќе, односно 16 испитаници.

За тврдењето бр. 17 - *Секогаш сум тука за информирање на родителите, обучување и организирање советодавни средби/работилници* потполно се согласуваат 21 воспитувач, разликата пак со бројот на одговорите кај наставниците е знчително поголем, односно 71 наставник од вкупниот број потполно се согласуваат. Не постои голема разлика во однос на бројот на одговорите со „делумно да", па така има 13 воспитувачи и 16 наставници. Од вкупниот број воспитувачи 4 воспитувачи се изјаснуваат дека не се достапни за информирање на родителите во однос на информирање, обучување и организирање на советодавни средби/работилници, додека пак наставниците не го делат овој став.

Кога станува збор за мотивот кај родителите и родителскиот пристап кон детето во однос на неговото вклучување во воспитно-образовната средина, 13 воспитувачи потполно сметаат дека потребен им е мотив на родителите, додека пак во одговорите на наставниците се забележува висок број на ставови - 65. Со тврдењето бр.18 - *Сметам дека на родителите им е потребен мотив за нивниот родителски пристап кон детето во однос на неговото вклучување во воспитно-образовната средина,* делумно се согласуваат 24 воспитувачи и 20 наставници, па може да се забележи дека непостои значајна разлика во бројот на одговорите кај испитаниците. Исто така незначајна разлика имаме во одговорите со „потполно не", однсно само 1 воспитувач не се согласува со ова тврдење, додека пак 2 наставнички исто така го делат мислењето за даденото тврдење.

Од вкупниот број воспитувачи 18 од нив потполно се согласуваат со тврдењето бр.19 - *Ги охрабруваме родителите за полесно надминување на поттешкотиите со кои се соочуваат при вклучување во воспитно-образовната средина*, во споредба со наставниците се забележува голем број на одговори, т.е 68 од наставниците во потполност се согласуваат со ова тврдење. Речиси идентична бројка имаме кај ставовите на испитаниците кои се изјасниле со одговорот „делумно да", односно 20 воспитувачи и 17 наставници. Од добиените одговори може да се забележи дека 2 наставника во врска со ова тврдење се изјаснуваа потполно негативно, додека тоа кај воспитувачите не се забележува изјаснување за понудениот одговор.

Графикон бр. 17 - Ги охрабруваме родителите за полесно надминување на поттешкотиите со кои се соочуваат при вклучување во воспитно-образовната средина




Ставовите на воспитувачите во однос на тврдењето бр.20 - *Сметам дека се почесто децата имаат потешкотии при вклучувањето во воспитно-образовната средина* по бројност се вкупно 8 и видливо се помалку бројни во споредба со бројот на ставовите кај наставниците кои 47 даваат потврдување на даденото тврдење. Додека пак незначајна разлика постои во одговорите со „делумно да", па така 27 воспитувачи и 34 наставници делумно се согласуваат со ова тврдење. Негативен одговор даваат 3 воспитувачи, во споредба со наставниците бројот на негативни одговори е поголем, односно 7 наставници кои во потполност не се согласуваат со даденото тврдење.

Графикон бр. 18 - Сметам дека се почесто децата имаат потешкотии при вклучувањето во воспитно-образовната средина




Табеларните податоци ги отсликуваат ставовите на воспитно-образовниот кадар, оттаму може да се забележи значајна разлика во бројот на одговорите помеѓу испитаниците, односно 11 воспитувачи и 49 наставници потполно се согласуваат со тврдењето бр.21 - *Учеството на родителите со различни активности во вос.образ.институција се покажува како значителна поддршка за вклучување на детето во воспитно-образованата средина.* Делумно со ова тврдење се согласуваат 27 воспитувачи и 38 наставници. Кај испитаниците не се забележува негација во однос на тврдењето кое се однесува на учеството на родителите како поддршка за целокупниот процес на вклучување на детето во воспитно-образовната средина.

Постои висока разлика во бројот на одговори кај тврдењето бр.22 - *Секогаш сме тука за соработка со воспно-образовниот кадар за децата кои имаат потешкотии во вклучувањето во воспитно-образовната средина*, каде што 25 воспитувачи потполно се согласуваат, додека бројот на ставовите кај наставниците изнесува 77 изјаснувања. Од вкупниот број воспитувачи 13 од нив се изјасниле дека делумно се расположени за соработка со воспитно-образовниот кадар за децата кои имаат потешкотии во вклучувањето во воспитно-образовната средина, додека пак нешто помал број на наставници го делат истиот одговор, т.е 10 од вкупниот број наставници. Не постојат изјаснувања во однос на потполно несогласување со ова тврдење.

Преку тврдењата од испитаниците може да се забележи значително висока бројка од дадените одговори, па така за тврдењето бр.23 - *Постојаното практикување на родителските програми и содржини ќе го олесни вклучувањето на децата во воспитно-образовната средина* се изјаснуваат 11 воспитувачи и 68 наставници. Со вака поставеното тврдење делумно се согласуваат 22 воспитувачи и нешто помал број на наставници, односно 19 од вкупниот број. Табеларното прикажување овозможува да се согледа дека само 5 од воспитувачите потполно не се согласуваат за постојаното практикување на родителските програми и содржините кои би го олесниле вклучувањето на детето во воспитно-образовната средина, додека пак нема изјаснувања од страна на наставниците за понудениот одговор „потполно не".

Графикон бр. 19 - Постојаното практикување на родителските програми и содржини ќе го олесни вклучувањето на децата во воспитно- образовната средина




Земајќи ги во предвид сите изјаснувања на воспитно-образовниот кадар според добиените резултати може да се согледа дека не постои значителна разлика во одговорите на воспитувачите од една страна и наставниците од друга страна, оттука хипотезта бр.20: ***Не постојат разлики во ставовите помеѓу наставниците и воспитувачите во однос на родителските програми*** се потврдува.

## 2. Анализа и интерпретација на резултатите од наставниците и нивната информираноста за потребите на родителите и нивните интереси, како и за користењето на родителските програми за вклучување на децата во воспитно-образовната средина – од спроведеното полуструктурирано интервју

По спроведувањето на анкетниот лист, беше реализирано интервју со 40 наставници во четири основни училишта, со единствена цел – да се слушнат мислењата на наставниците и да се добие информација за тоа колку наставниците се информирани за потребите на родителите и нивните интереси, и колку често ги користат родителските програми за вклучување на децата во воспитно-образовната средина.

Според одредените прашања во полуструктурираното интервју, стручниот кадар се изјаснуваше на следниве прашања: дали се запознаени со различните видови родителски програми, начини и пристапи за вклучување на децата во воспитно-образовната средина, кои се нивните ставови за ваквите програми, дали претставуваат поддршка и дали ги задоволуваат потребите на семјеството, на кој начин да се презентираат аспектите од родителските програми и какви содржини се најпотребни во овие програми.

Во прилог следува сумативно, наративно прикажување на добиените резултати од спроведеното полуструктурирано интервју од следниве основни училишта:

- ОУ„Блаже Конески"
- ОУ„Лазо Ангеловски"
- ОУ„Александар Македонски"
- ОУ„Невена Ѓоргиева Дуња".

На прашањето **бр.1** - Дали сте запознаени со различните видови на родителски програми, начини и пристапи за вклучување на децата во воспитно-образовната средина?, 20 наставници се изјаснуваат со позитивен одговор. Тие истакнуваат дека во редовните наставни програми има одделни аспекти кои ја опфаќаат соработката со родителите во процесот на вклучување во новата средина, односно во истите има постоење на задачи, начини и пристапи кои се наменети за децата, родителите и наставниците. Од вкупниот

број интервјуирани лица 5 од нив истакнуваат дека делумно се запознаени со овие програми, но не се информирани за процесот на нивна реализација и воопшто целите кои се пропишани во истите. Додека пак, 15 наставници истакнуваат дека воопшто немаат слушнато за постоењето на овие програми во Р. Македонија и признаваат дека не го разбираат поимот „родителски програми" т.е. незнаат за што всушност станува збор, па така хипотезата бр. 13 – **Наставниците делумно се запознаени со родителските програми и нивните можности,** делумно се потврдува. Оттука, ќе се надоврземе на прашањето кое се однесува за потребата од поголема информираност за овие програми и нивните можности т.е. прашање **бр.2** – Дали сметате дека е потребна поголема информираност за родителските програми и нивните можности и придобивки? каде што сите интервјуирани наставници дадоа позитивен одговор, т.е. сметаат дека значително е потребно поголема информираност и развивање на овие програми на територијата на Р.Македонија. Хипотезата бр. 8 - **Родителите не се запознаени со родителските програми и текот за нивна успешна реализација, во целост се потврдува.**

На прашањето **бр.3** - Кои се вашите ставови во однос на родителските програми? од вкупиниот број испитаници 33 наставници се изјаснија дека родителските програми ќе допринесат за свесноста кај родителите за тие да имаат поголема вклученост во воспитно-образовниот процес. Постоењето на различните видови програми ќе овозможи секој родител да ја одбере програмата која е најсоодветна за родителот и најповеќе му се допаѓа, но со услов во неа да присуствува задолжително. Наставниците велат дека формирањето на еден ваков нов концепт кај нас е неопходен , и тој може само да претставува поддршка и да биде корисен.

Овие програми позитивно ќе се одразат во односот наставник-родител, но и на образовно-едукативна страна на детето, ќе ја олеснат работата на наставниците, ќе придонесат за личниот развој на детето, но и самодовербата кај родителот. Одередени наставници истакнуваат дека акцентот треба да биде ставен на постојаното имплементирање на овие програми, но не само како форма, туку во континуитет на месечно ниво, организирање средби наставник – родител и др. Мал дел од испитаниците т.е. 7 наставници велат дека имаат негативен став во однос на ова прашање, тие

покажуваат скептичност кон формирањето и прифатеноста на овие програми од страна на родителите.

На прашањето **бр. 4** - Дали сметате дека родителските програми влијаат врз образовно-едукативната страна на детето?, од вкупниот број испитаници 36 наставници се изјаснуваат дека родителските програми ќе влијаат врз образовно- едукативната страна на детето, но пред се тие ќе допринесат за мотивацијата и стимулот кај ученикот во почетните одделенија. Само 3 наставници одговорија дека делумно сметаат дека овие програми можат да влијаат на образовно-едукативната страна кај детето, сметајќи дека потребно е исполнување на сите водечки принципи и вредности во развојот на децата. Потребно да се создаде позитивна, стимулативна и безбедна средина во која ќе се почиттуваат пред се домените за рано учење и развој. „Децата се развиваат холистички. Не постојат приоритетни домени во детскиот развој. Почитувајќи го холистичкиот пристап во воспитно-образовниот процес и избегнувајќи ја тенденцијата да се фаворизираат одредени домени во развојот на детската личност“.[72] Во Р. Македонија внимание се посветува на следниве домени:

- Физичко здравје и моторен развој;
- Социоемоционален развој;
- Развој на пристап кон учење;
- Развој на јазикот, описменување и комуникација;
- Когнитивен развој и стекнување на општи знаења.
-

Само еден од наставниците нема став околу прашањето дали родителските програми влијаат врз образовно-едукативната страна на детето, па така хипотезата бр.3 - **Родителските програми индиректно влијаат врз воспитно-образовната страна на децата** се потврдува.

На прашањето **бр.5** - Доколку да, во колкава мера родителските програми претставуваат поддршка? 37 од наставниците сметаат дека големо е значењето и поддршката која со себе ја носат овие програми, а 3 наставници во однос на ова прашање се скептични и

[72] https://www.unicef.org/tfyrmacedonia/MK_Pun_ELDS_MKD.pdf 03.05.2018

сметаат дека со родителските програми нема да се постигне позитивен или значително подобар резултат во вклучувањето на детето во воспитно-образовната средина или пак сето тоа ќе резултира со минимални или слаби резултати. Оттука ќе се надоврземе на прашањето **бр.6** – Дали сметате дека родителските програми можат да одговорат на потребите на семејството и децата кои треба да се вклучат во воспитно-образовната средина?, каде што 34 наставници сметаат дека родителските програми можат да одговорат на потребите на семејството. Секое дете треба да биде во фокус во овие програми зацврстувајќи ја мисија за залагање за секое дете - со еден глас - така што сите семејства ќе се чувствуваат добредојдени доколку нивните потреби како родители се задоволени и опремени со алатки за поддршка на нивното дете. Во поширока рамка потребно е вклучување на голем дел партиципиенти за да може да се оствари поддршката на семејствата, па така предучилишната и училишната заедница, вработените во воспитно -образовните институции потребно е да создадат ефективни политики, да покажат грижа и да понудат идеа за најдобар пристап за вклучување и поддршка на семејствата и децата кои имаат проблеми во вклучувањето на воспитно-образовната средина. Само 6 од наставниците велат дека не се сигурни колку родителските програми можат да одговорат на потребите посебно на секое семејство, со предлог да се создадат стручно советодавни средби, консултации со родители и формирање на кратки и концизни индивидуални програми за секое семејство кое што има потешкотии при вклучувањето на детето во новата воспитно-образновна средина. Од ставовите на наставниците нашата хипотеза број 4 - **Родителските програми не треба да ги опфаќаат потребите на семејството** се отфрла, ставот на наставниците е дека потребно е и е возможно да се опфатат потребите на семејството за родителските програми.

На прашањето **бр.7** - На кои начини сметате дека може да се презентираат различните аспекти на родителските програми и чекорите кои се содржани во истите за успешно вклучување во воспитно-образовниот процес? наставниците даваат различни идеи и начини за промовирање на аспектите од родителските програми и чекорите кои се содржани во истите. Ставовите од стручниот кадар за подобра прегледност според нивната сличност се групирани под три точки и тоа:

1. Работилници, дебати/дискусии, родителски средби (индивидуални и групни), обуки, трибини
2. Соработка со социјалните мрежи и медиуми, постери, реклами, плакати и др.
3. Помош од локалната средина
4. Промовирање на содржините преку давање на многубројни примери од семејниот живот

Едногласно истакнуваат дека потребно се обучени наставници кои ќе можат да го следат процесот на презентирање и реалзирање на овие родителски програми. Тие сметаат дека масновните презентации во воспитно-образовните институции треба да се одбегнат и да се формираат групи од 10-15 родители), средбите во овие групи ќе овозможи да се посвети поголемо внимание на потребите на родителот, целите и чекорите од овие програми.

На прашањето **бр.8** - Дали досега сте имале можност да сретнете воспитно-образовен кадар кој користи родителски програми за советување на родителите за успешно вклучување на децата во воспитно-образовната средина? наставниците велат дека во своето досегашно работење немале можност да се сретнат со стручен наставник за вакви програми или воопшто наставник кој ги користи родителските програми како начин за советување и олеснување во насока на успешното вклучување на децата во воспитно-образовната средина. Така што на ова прашање 33 наставници одговориа со негативен одговор, додека пак 7 наставници велат дека делумно одредени сегменти се реализираат од овие родителски програми во рамки на редовната годишна наставна програма која во себе вклучува советодавна работа со родителите, организирање на работилници и активности во кои директно се вклучуваат во воспитно-образовниот процес. Па така хипотезата број 15 - **Воспитно-образовниот кадар не ги користи родителските програми за советување и обуки на родителите**, се потврдува.

На прашањето **бр.9** - Дали сметате дека воспитно-образовен кадар не доволно организира советодавни средби/работилници за обучување на родителите за родителските програми и нивната примена?, од вкупниот број интервјуирани наставници 32 од нив одговориле дека воопшто наставниците како едукатори недоволно организираат средби/работилници во кои родителите се обучувани или советувани за родителски програми, содржините и нивната примена. Само 8 од наставниците сметаат дека стручниот кадар доволно се

вклучени во соработката со родителите, истакнувајќи дека наставниците се и преокупирани со многу обврски и динамичност во педагошкото работење, па со тоа и можноста за поголема посветеност за соработака со родителите се намалува во нејзиниот квалитет. Оттука, хипотезата број 17 - **Воспитно-образовниот кадар ретко организира советувања/работилници за обучување на родителите во однос на родителските програми,** се потврдува.

Следното прашање се однесува на пристапот кој што наставникот го превзема кон детето кое има потреба од поддршка при вклучување во новата средина и односот наставнил- ученик. На прашањето **бр. 10** - На кој начин вие пристапувате кон сите оние деца кои им е потребна поддршка за вклучување во образовната средина и колку успевате да воспоставите интеракција со нив? добивме различни одговори, како:

- разговор со детето, пријателски и топол пристап, поттикнување
- разговор и информирање со родителите, вложување за нивно поголемо партиципирање во наставниот процес, соработка со стручната служба за диференциран пристап
- следење на ученикот и индивидуален пристап во однос на потребите на детето, пофалби и поддршка
- со кратки динамични активности кои се конкретно насочени и ги истакнуваат позитивните работи, многу повеќе интерактивни игри во кои детето е вклучено со што се создава простор за остварување на целта во однос на интеграцијата, разговор за запознавање на новата средина преку практични примери и меѓусебно запознавање со учениците за пронаоѓање на заедничко нешто.

Родителството е една од најубавите, но и една од најодговорните задачи, честопати тоа знаеме дека е така и дека родителството си носи тешкотии со себе. Но, во новото современо живеење се чини дека родителите се соочуваат со незнаења во однс на тоа како да се справат со овој предизвик. Родителите можеби и се преокупирани со тоа дали се на вистинскиот пат како добри родители или пак можеби некаде скршнуваат од тој пат. Многу дилеми се поставуваат пред родителите и во родителскиот пристап, особено при вклучувањето на детето во воспитно-образовната средина. Оттука се поставува и прашањет **бр.11** - Дали сметате дека родителите се информираат едни со други за

поддршката која со себе ги носи содржините од родителските програми?, со цел да дознаеме колку родителите ги споделуваат своите искуства од учеството на некоја родителска програма, па и воопшто од родителството во пошироки рамки. На вака поставеното прашање добивме еден одговор дека родителите се информираат и си помагаат помеѓу себе во процесот на вклучувањето на децата во воспитно-образовната средина, истакнувајќи дека не се запознаени целосно со содржините на овие програми.

На прашањето **бр.12** - Дали Вие сте земале учество во некоја родителска програма?, голем број од наставниците одговорија дека не земале учество во некоја родителска програма иако имаат желба, но единствената причина е што немале можност да се информираат или пак да им се презентираат родителските програми и начинот за партиципација во истите, па така 35 наставници на ова прашање одговаараат со негативен одговор. Додека пак 5 наставници велат дека имаат земено учество во програми кои се наменети за родители и деца вклучувајќи ја соработката со сите учесници во воспитно-образовниот процес, давајќи критика дека тоа не е доволно. Хипотезата бр - 16: **Воспитно-образовниот кадар нема желба да се вклучи во родителските програми,** се отфрла.

По тој тек се надоврзуваме и на прашањето **број 13** кое се однесува на набројување на родителските програми во кои наставниците земале учество. По ова прашање само 5 наставници даваат одговор дека земале учество во програми во кои тие лично сметаат дека се опфатени сегменти на родителски програми, тие се :

- Програма за родителски средби
- Здравјето на децата и важноста на хигиената
- Родителите и децата на натпревар
- Работа со деца со посебни потреби
- Среќен родител-среќно дете

Какви содржини сметате дека треба да бидат опфатени во родителските програми? е последното прашање под **број 14,** на кое добивме различни одговори од интервјуираните наставници, истите ќе ги селктираме во неколку точки.

1. Воспитни содржини
2. Согледување на реалните можности на детето и неговите вистински желби, способности.
3. Разграничување на амбиициите на детето и родителот
4. Креативни содржини и игровни активности во образовниот процес
5. Информирање за целиот образовен сиситем и запознавање со правилата во училиштето
6. Едукација за родителите како да се однесуваат во воспитно-образовниот процес, активности за поголема самодоверба на родителот
7. Акцент на денешното родителство во денешното општествено живеење
8. Како и зошто се потребни казната и наградата
9. Примери за убава однесување и позитивна комуникација
10. Активноссти за социјализација на децата, содржини со воспитен карактер, фундаментално-образовен карактер, содржини кои ќе произлезат од интеракцијата помеѓу родител –дете. Тука ги споменуваат и активностите за учење во вид на стратегии како различни активноси коишто возрасните би можеле да ги користат дома со своето дете или во воспитно-образовната институција, истите активности претставуваат интеракција во најголем дел на возрасниот со детето, со цел да се поттикне процесот на учење.

Наставниците велат дека е исклучително важно родителите да ја прифатат реалноста и проблемите со кои се судруваат тие и нивното дете, колку побрзо ќе ја прифатат таквата состојба толку побрзо ќе му се помогне на детето.

## 3. Анализа и интерпретација на резултатите од родителите и нивната информираност за родителските програми и нивните интереси, како и ставовите за користењето на родителските програми за вклучување на децата во воспитно-образовната средина – од спроведеното полуструктурирано интервју

Во рамки на истражувањето учествуваа и родители од едно основно училиште чии што деца учат во прво одделение. Тоа беше направено се со цел да се добијат одредени одговори колку родителите се запознаени со овие програми, дали имале можност да учествувале во некоја од нив, но и исто така, и колку тие се трудат да воспостават позитивна интеракција со своето дете при вклучувањето во воспитно-образовната средина. Во полуструктурираното интервју учествуваа 25 родители.

Родителите во ова полуструктурирано интервју имаа флесибилност да прескокнуваат, менуваат и дополнуваат прашања, но текот на интервјуто генерално се водеше по следниве прашања: дали се запознаени со различните видови родителски програми, начини и пристапи за вклучување на децата во воспитно-образовната средина, кои се нивните ставови за ваквите програми, дали претставуваат поддршка и дали ги задоволуваат потребите на семјеството, на кој начин да се презентираат аспектите од родителските програми и какви содржини се најпотребни во овие програми.

Во прилог следува сумативно, наративно прикажување на добиените резултати од спроведеното полуструктурирано интервју од основното училиште „Лазо Ангеловски".

При отварањето на интервјуто и воведот кај секој од испитаниците постоеше можност да се забележи дека родителите не се запознаени со родителските програми, а многумина од нив преку невербалната комуникација одговорија на поставените прашања. Оттука, следува и прашањето бр.1 – *Дали сте запознаени со различните видови на родителски програми, начини и пристапи за вклучување на децата во воспитно-образовната средина?* каде што сите родители одговориа со негативен одговор, со што хипотезата бр. 8 - **Родителите не се запознаени со родителските програми и текот за нивна успешна реализација,** се потврдува. Надоврзувајќи се на оваа хипотеза следното прашање кое се

наметнува е прашање бр.2 - *Дали сметате дека е потребна поголема информираност за родителските програми и нивните можности и придобивки?*, со едногласен одговор на ова прашање сите родители одговорија дека со сигурност е потребна поголема информираност и наметнување на програми кои ќе има овозможат на родителите да се справат со предизивиците во родителството, со што хипотрезата бр.7 - **Родителите покажуваат потреба за поголема едукација и информираност за родителските програми и воспитно-образовната средина** се потврдува.

Како што веќе напоменавме, една од носечките цели за осмислување и реализирање на овој протокол беше нашиот мотив да дознаеме дали постои интерес кај родителите за родителски програми и кои се нивните ставови околу истите, па оттука се поставува прашањето бр.3 - *Кои се вашите ставови во однос на родителските програми?*. „Со сигурност треба овие програми да бидат застапени кај нас и доколку ги има да бидат многу повеќе презентирани низ воспитно-образовните интитуции. Би биле од голема полза, тие ќе придонесат ние родителите соодветно да бидеме вклучени во воспитно-образовниот процес, но многу повеќе овие програми се потребни за децата кои навистина имаат потреба од помош во процесот на адаптација" – истакнуваат родителите.

На прашањето бр.4 - *Дали сметате дека родителските програми влијаат врз образовно-едукативната страна на детето?*, родителите на ова прашање одговори со „Да", сигурно со чекорите и вежбите од родителските програми нешто позитивно ќе се постигне во однесувањето кај детето велат родителите. Додаваат дека неможат поопширно да одговорат на ова прашање бидејќи не се стручни за образовниот систем и едукацијата кај децата. Хипотеза бр. 3 - **Родителските програми индиректно влијаат врз воспитно-образовната страна на децата,** се потврдува. На ова прашањето бр.4 се надоврзува прашањето бр.5 - *Доколку да, во колкава мера родителските програми претставуваат поддршка?* Одговорот којшто се доби од родителите е дека во голема мера овие програми би претставувале поддршка не само за родителите и децата, туку и би ја олесниле комуникацијата и соработката со наставниците.

„Како да сме преоптоварени од теретот на родителството, сега е многу поабициозно за разлика од порано. Родителството е променето, постојат други вредности и однесувања. Потребни ни се стручни лица кои ќе ни ги слушнат потребите и ќе помогнат во пристапот

со нашите деца при вклучувањето во новата средина – истакнуваат родителите. Некои од нив велат дека неопходно е во овие програми да се задоволат и потребите на самохраните родители, за кои е потребна дополнителна поддршка во целиот процес на вклучувањето во воспитно-образовната средина. Овие одговори ги добивме од прашањето бр.6 - *Дали сметате дека родителските програми можат да одговорат на потребите на семејството и децата кои треба да се вклучат во воспитно-образовната средина?* па така хипотезата бр 4 - **Родителските програми не треба да ги опфаќаат потребите на семејството,** се отфрла.

На прашањето бр.7 - *На кои начини сметате дека може да се презентираат различните аспекти на родителските програми и чекорите кои се содржани во истите за успешно вклучување во воспитно-образовниот процес?* за подобра прегледност според нивната сличност ги групиравме под три точки и тоа:

- презентации, известуавања на огласни табли во училиштата и градинките
- преку едукативнни електронски и печатени материјали, брошури
- со одржување на родителски средби и работилници со децата, групно или поединечно кога се работи за индивидуални проблеми на одредени ученици, преку отворени часови за родители и сл.

На прашањето бр.8 - *Дали досега сте имале можност да сретнете воспитно-образовен кадар кој користи родителски програми за советување на родителите за успешно вклучување на децата во воспитно-образовната средина?,* родителите одговараат дека можеби некои наставници ги користеле овие програми меѓутоа тие немале можност да ги разгледаат, но и не сретнале наставници или пак педагози коишто ги имплементираат ваквите програмии во своето работење и советување на родителите за успешно вклучување на децата во воспитно-образовната средина. Оттука хипотезата бр.15 - **Воспитно-образовниот кадар не ги користи родителските програми за советување и обуки на родителите,** делумно се потврдува.

На прашањето бр.9 - *Дали сметате дека воспитно-образовен кадар не доволно организираат советодавни средби/работилници за обучување на родителите за родителските програми и нивната примена?* Родителите одговорија дека живеењето „под

лупа" е голем притисок за родителите и не секој може подеднакво да се справи со тој притисок на таа лупа. Потребно е многу повеќе јавно да се говори, да постојат конференции кој ќе опфаќаат анализирање на ваква тематика – истакнуваат испитаниците. Тие сметаат дека стручните лица како едукатори и главни носители на воспитно-образовниот процес не доволно организираат советодавни средби/работилници за обучување на родителите за родителските програми и нивната примена, со што хипотезата бр. 17 - **Воспитно-образовен кадар ретко организира советувања/работилници за обучување на родителите во однос на родителските програми,** се потврдува. Можеме да заклучиме дека родителите имаат потреба од соодветно организиран тим на едукатори кој во секоја образовна институција ќе воведува и спроведува обуки за родителите. Досегашните залагања се недоволни.

На прашањето бр.10 - *На кој начин Вие пристапувате кон сите оние деца кои им е потребна поддршка за вклучување во образовната средина и колку успевате да воспоставите интеракција со нив?* одговорите на родителите за подобра прегледност, според нивната сличност ги групиравме под три точки и тоа:

- Разговор и совететување од наставник, стручно лице
- Преку разговор со детето и објаснување на работи кои му се непознати или нејасни за полесно да ги прифати, давање примери и правење споредби
- Позитивен пристап во посета на групни вонучилишни активности по препорака на детски психолог.

Од добиените одговори хипотезата бр.11 - **Родителите не умеат да создадат позитивен однос со своето дете,** делумно се отфрла.

На прашањето бр. 11 - *Дали сметате дека родителите се информираат едни со други за поддршката која со себе ги носи содржините од родителските програми?*

Родителите истакнуваат дека се почесто се сведоци на меѓусебно натпреварување преку своите деца, размената на информации и совети станува се поретка. Можеме да заклучиме дека родителите не се информираат едни со други за поддршката која со себе ги носи содржините од родителските програми, бидејќи не се запознаени со концептот на ваквите програми и воопшто нивното постоење.

Следејќи ги одговорите на интервјуираните лица прашањата бр.12 и бр.13 беа прескокнати при споведувањето на полуструктурираното интервју.

Сакајќи да ги слушнеме мислењата на родителите во однос на содржините кои сакаат да ги видат во родителските програми, т.е. содржини кои сметаат дека ќе бидат од корист за родителите го поставивме прашањето бр. 14 - *Какви содржини сметате дека треба да бидат опфатени во родителските програми?,* ги добивме следниве одговори:

-Активности за позитивен пристап во воспитно – образовната средина

-Содржини за социјализација на децата

-Содржини за јакнење на личноста на детето

-Содржини за препознавање на насилство и дискриминација меѓу децата

-Кратки програми за поуспешна комуникација со децата, вежби за родителите т.е. развивање на нивните комуникациски вештини кон детето

**4. Анализа и интерпретација на резултатите од стручната служба (педагози) и информираност за родителските програми и нивните интереси, како и ставовите за користењето на родителските програми за вклучување на децата во воспитно-образовната средина – од спроведеното интервју**

Во последниот дел од теренското истражување, беше спроведено интервју со стручната служба т.е педагозите од воспитно-образовните институции кои беа претходно споменати. Тргнувајќи од однапред утвредена цел се наметнаа повеќе прашања како: дали се запознаени со родителските програми, дали имале можност да учествуваат во некоја од нив, колку тие се трудат да воспостават позитивна интеракција со децата кои имаат потешкотии при вклучувањето во воспитно-образовната средина, каков начин на комуникација практикуваат со нивните родители и др.

Од така фиксираните и утврдени прашања, произлегоа јасни и прецизни одговори. Во структурираното интервју учествуваа 7 педагози од следниве воспито-образовни институции:

- ОУ„Блаже Конески“
- ОУ„Лазо Ангеловски“
- ОУ„Александар Македонски“
- ОУ„Невена Ѓоргиева Дуња“
- ЈУГД „Срничка“
- ЈУГД „Буба Мара“-управа
- ЈУГД „Буба Мара“– клон Пчелка 1

Педагозите во овие училишта и градинки истакнуваат дека се во тек со сите промени што се случуваат во воспитно-образовниот процес, вклучувајќи ги и чекорите за вклучување на децата во воспитно-образовната средина. Но, при најавата и воведот на интервјуто педагозите се изјасни дека родителските програми не им се познати како поим и концепт со што го добивме одговорот на наше прашање кое гласи „Дали Вие како стручна служба сте запознаени со родителските програми и можностите кои тие ги нудат“?

Тие истакнуваат дека родителите/воспитувачите/наставниците се почесто се соочуваат со потешкотии во периодот на вклучување во воспитно-образовната средина. Не е исклучена можноста за промените во оспособувањето на наставниците и воспитувачите кои треба да ја следат афирмираната идеја за доживотно учење. Иако стручниот кадар потребно е да ги равива повеќедимензионалните компетенции како: способност за самоорганизација, делотворност, кооперативност, разбирање, решавање проблеми, интегрален пристап. Со други зборови, компетентноста на наставникот/воспитувачот нема само индивидуален карактер, туку интерперсонален и социјален што има големо значење за воспитно-образовната работа. Токму таквата компетентност и надоградувањето ќе му овозможи на наставникот/воспитувачот да го насочи родителот во неговиот родителски пристап со неговото дете во новата средина. Од друга страна пак родителите треба да ги согледаат и да одговорат на потребите на детето, но теренските истражувања покажуваат дека многумина од нив имаат потешкотии во тој дел. Очекувањата од родителите за своето дете често се несоодветни за возраста на детето, па се случува родителот да реагира несоодветно, токму затоа постоењето на стратегии за родителство ќе бидат светла точка во родителството. Оттука ќе се надоврземе на следното прашање кое се однесува на

учеството на родителите во различни активности во воспитно-образовната инстититуција, за кое педагозите сметаат дека е неопходно за поддршката за вклучување на детето во воспитно-образовната средина. Родителите го завземаат најзначајното место во развојот и учењето кај детето. Учеството на родителите ќе овозможи суштинско и длабоко запознавање со своето дете, неговото однесување и реакции во одредени околности и ситуации. Резултатите кои се добиваат од вклучувањето на родителите во образовниот процес се:

- Вклучување на родителите води до подобрување на резултатите на образовниот процес .
- Вклучување на родителите ги зајакнува позитивните форми на однесувањето на децата.
- Родителите кои учествуваат во донесувањето одлуки повеќе ги доживуваат како свои и повеќе се предадени на поддржувањето на мисијата на училиштето .
- Вклучувањето на родителите влијае на зголемувањето на поддршката на училиштето.
- Вклучувањето на родителите влијае на намалување на бројот на изостаноци на децата.
- Вклчувањето на родителите при донесување за подобро разбирање на улогите и односите меѓу родителите, детето и училиштето .
- Вклучувањето на родителите придонесува за емоционалното задоволство на децата.
- Начинот и квалитетот на вклучувањето на родителите влијае на децата, родителите и учителите.

Во горенаведените воспитно- образовни институции во кои беше спроведено интервјуто родителските програми не се користат, но педагозите велат дека успешно функционира советодавната служба за деца и родители, така што стручниот кадар е постојано отворен за соработка и помош на децата и родителите. Оттука одговорот на прашањето - „Дали родителските програми се користат во вашата воспитно – образовна институција? ", е во целост негативен.

Педагозите истакнуваат дека родителите и воспитно-образовниот кадар досега покажале интерес за сите новости и програми во воспитно-образовниот процес, па така сигурни се дека постои интерес и за концепт кој што ќе помогне не само за вклучување во воспитно-образовната средина кај децата, туку и систем кој што е поделен на задачи според одреден план наменет за соодветен тип на проблем.

Како педагошка служба не влијаат врз родителите/воспитувачите/наставниците за тие активно да се вклучат во родителските програми, т.е не имплементираат некаква иницијатива за такво делување од страна на родителот. Но, доколку од Министерството за образобание и наука се поддржи и изготви родителската програма која ќе биде утврдена како документ со осмислени работилници, активности и вежби за таа цел и со соодветно техничко материјална подготвеност, во такви услови би можеле да започнат со некаква мисија.

Позитивни се размислувањата на педагозите за овие родителски програми , сметаат дека доколку се наметнат ќе влијаат на родителите и нивната комуникација со децата , со запознавањето на образовниот систем, со целокупниот напредок на детето, ќе се поттикнат да земат активно учество во воспитно-образовниот процес. Значајно е што ќе се овозможи развивање на родителски компетенции како:

- флексибилност и применување на соодветни воспитни постапки;

- разбирање на детето и неговиот развој(емоционален, социјален и когнитивен развој);

-едукација на родителот за воспитно-образовниот процес, ставови и верувања
- развој на комуникациски вештини (активно слушање, пораки, разрешување конфликти безпоразени);
- проверка на личните знаења, чувства, мислења, вештини и однесувања;
- подигнување на нивото на психолошка чувствителност на родителите за потребите на децата и развојните можности.

Со децата кои досега имале потешкотии во вклучувањето во воспитно-образовната средина педагозите од споментатите градинки и училишта велат дека имаале успешна и

континуирана соработка со воспитно-образовниот кадар се додека не се постигне посакуваниот резултат кај детето.

На прашањето дали досега вршеле презентации на некоја родителска програма и на кој начин ги промовирале истите, сите педагози од воспитно-образовните институции се изјасни со негативен одговор, т.е во досегашното работење немале можност за промовирање на ваква програма. Тие сметаат дека со постојаното практикување на еден ваков концепт и содржини ќе се олесни вклучувањето на децата во новата средина. Особено, во денешното модерно живеење потребни се современи пристапи и интересни новости кои ќе бидат привлечни за родителите, кои ќе успеат да го ангажираат родителот да се вклучи во нив, со цел полесно вклучување во новата воспитно-образовна средина, со сигурност родителските програми го нудат тоа – истакнуваат педагозите.

Во интервјуто беше поставено прашање до педагозите дали како стручна служба придонесуваат да се подгине свеста кај родителите за значењето на родителските програми и воопшто целокупниот процес во вклучувањето во воспитно-образовната средина, на што испитаниците одговорија со негативен одговор. Но, постои отворена комуникација и соработка со родителите чии деца имаат потешкотии во вклучувањето во воспитно-образовната средина, сето тоа се остварува на различни начини во зависност од проблемската ситуација, станува збор за :

-индивидуални советувања

-тимска работа

-интерактивни и советодавни разговори

-опсервација на децата.

Во текот на соработката со родителите, педагозите не придонесуваат да се поттикне мотивацијата кај родителот за родителските програми бидејќи ни тие не се суштински запознаени со истите.

Со адекватната стручна помош и волјата од родителите ќе се овозможи среќно и успешно вклучување на детето во средината. Испитаниците велат дека се свесни за тешкотијата на

родителството и за постоењето на родители кои се несигурни во себе. Со таквата состојба на незадоволство во родителството се погодува и самиот однос родител-дете. Родителите прават грешки, но тоа е така бидејќи не се сеуште спремни да побараат помош. Како грешки кои најчесто родителите ги прават во подготвувањето на децата за воспитно-образовната средина, педагозите ги наведоа следниве:

-заплашување, потценување на тешкотиите

-несигурност, нефлексибилност

-слаба посветеност кон детето во домот

-не ја почиттуваат доследноста кај децата

-континуираното носење во градинка е изоставено

-не ги подготвуваат доволно своите деца за прилагодување во училишната средина и не им даваат правилни насоки.

Во однос на соработката со родителите/воспитувачите/наставниците постои задоволство од досегашната соработа, секако дека и во тој дел би можело да има промени и подобрување. Испитаниците истакуваат дека акцентот го ставаат на родителите, укажувајќи дека потребен е поголем интерес и ангажираност од нивна страна во секој поглед. Како стручна служба адекватно реагираат во секој случај на неуспешно вклучување на детето во воспитно-образовната средина, тоа го извршуваат на следниве начини:

- поставување цели, посета, разговор со воспитувач/наставник (барање соодветен начин ) во согласност со родителот;

- информативни разговори (посочување начини за вклучување - период на адаптација и можни реакции);

- советодавна работа со родителите;

- опсервација на детето;

- индивидуална работа и помош полесно да се вклучи во средината;
- промена на одделението / групата во градинка.

Според педагозите содржините кои би требало да бидат застапени во родителските програми се:

-начини на комуникација родител - дете

-родителски компетенции

-справување за време на развод

-квалитетно време во семејството

-почитување на развојната психологија (основни знаења кои се неопходни за родителот)

-соодветен пристап кон детето

Во воспитно-образовните институции во кои се спроведуваше истражувањето досега немало истакнато информативен рекламен материјал за родителските програми, т.е насоки каде може да се советуваат сите заинтересирани.

# 5. Заклучни согледувања и препораки

Од извршената анализа на емпириските податоци добиени од истражувањето се констатира дека е потврдена основната хипотеа на истражувањето, односно дека ***постои потреба за креирање на родителски програми како поддршка за успешно вклучување на децата во воспитно образовната средина.***

## 5.1. Заклучоци

Податоците добиени од извршената анализата овозможија да се изведат следниве заклучоци:

1. Родителските програми како концепт се неопходни за вклучувањето на децата во воспитно-образовната средина. Имено, родителите и сите останати субјекти кои директно се вклучени во воспитувањето и образованието на децата, потребно е да бидат запознаени со различните видови родителски програми, како и со нивните содржини, задачи и активности.
2. Родителските програми потребно е да овозможат детално осмислени обрасци на однесување –тактики, техники и принципи, кои ќе бидат лесно применливи за родителите, а сепак ќе го извлекуваат она најдобро од детето, без разлика на неговиот карактер.
3. Постоењето на вакви програми и на нашите простори ќе овозможат помош и поддршка на младите родители, кои имат значителна потреба од широк спектар на алтернативни можности и различни опции за надминување на потешкотите при вклучување на децата во воспитно-образовната средина.

   Сепак едно е сигурно, процесот на родителство нема крај и токму затоа родителската љубов е неопходна за детскиот развој. Секое семејство е посебна интимна приказна, токму затоа потребни се различни видови на програми кои ќе имаат капацитет да одговорат на потребите на семејството.
4. Неминовна е потребата за соработка на родителите со воспитно-образовните институции, т.е. предшколските установи и основните училишта, ставајќи акцент на почетните одделенија. Во овој случај слободно може да се донесе заклучок дека обуките и работилниците се најпосакувана форма којашто би донела позитивен

ефект во соработката на родителите со воспитно-образовниот кадар. Воспитувачите, наставниците и педагозите, потребно е да ја поттикнат мотивацијата кај родителите за активно вклучување и многу повеќе дејствување во секојдневните активности кои се реализираат во институциите. Родителските програми и воопшто активностите за вклучувањето на децата во воспитно-образовната средина потребно е да бидат презентирани и организирани преку родителски школи или различни видови на работилници кои ќе го опфаќаат проблемот во овие рамки.

5. Желбата на родителите, наставниците и воспитувачите за нови перспективи и современи пристапи ни помага да заклучиме дека родителските програми имаат круцијална улога во вклчучувањето на детето во воспитно-образовната средина, но и воопшто во обликувањето на детската личност.
6. Во ова истражување зеде учество и воспитно-образовниот кадар од воспитно-образовните институции коишто опфаќаат деца од предучилишна и училишна возраст, односно воспитно-образовен кадар од три градинки и четири училишта, заедно со педагозите од истите установи. Притоа, може да се заклучи дека стручниот кадар е во тек со сите промени што се случуваат во воспитно-образовниот процес кои се однесуваат на вклученоста на децата во воспитно-образовната средина. Доказ за тоа претставува податокот од воспитно-образовниот кадар кој се изјасни со 49,6 % од вкупниот број испитаници. Исто така од спроведеното интервју може да се заклучи дека и педагозите се во тек со сите промени што се случуваат во воспитно-образовниот процес, вклучувајќи ги и чекорите за вклучување на децата во воспитно-образовната средина.
7. Непостојат разлики во ставовите помеѓу наставниците и воспитувачите во однос на родителските програми.
8. Има можност да се заклучи дека родителите имаат потреба за родителските програми, истите за нив ќе претставуваат поддршка и позитивно би влијаеле врз образовно-едукативната страна на детето. Доказ за тоа претставува податокот од 48,8% од испитаниците кои го дале својот одговор со „делумно да", каде што можеме да заклучиме дека активностите, вежбите и воопшто содржините на

родителските програми ќе остварат ефек, т.е ќе влијаат кај децата во рамки на училиштето и вклучувањето во воспитно-образовната средина.

9. Од спроведеното полуструктурирано интервју со родителите се донесува заклучок дека денешниот родител е совладан од брзиот начин на живот, а тоа се само дел од причините кои независно дали индиректно или директно влијаат врз создавањето на позитивен однос со своето дете и посветеноста на семејството. Со иницијативата за родителските програми се развиваат нови перспективи кои ќе им овозможат на родителите сигурност во својот пристапи, но и воопшто во процесот на воспитувањето. Родителските програми се наменети за родителите и децата, т.е. за градење посигурно родителство. Непостои еден начин на воспитување кој ќе биде универзален и општопризнаен, но сепак потребно е применување и негување на родителскиот пристап кон детето особено при вклучувањето во воспитно-образовната средина.
10. Наставниците и воспитувачите ги следат промените во воспитно-образовниот процес, земаат активно учество во обуки со цел подобар професионален развој и стручно оспособување, но не следеле обуки или семинари за родителски програми, со што може да заклулчи дека овие програми не се применувани од стручниот кадар, но и за нашите простори претставуваат новина. Наставниот кадар претпоставува за каков концепт станува збор, но истакнуваат препорака дека за успешно спроведување на родителските програми потребно е да има добро осмислен менаџмент и систематизација. Имено, на овие програми несмее да се гледа само како на форма, напротив суштинко анализирање на сите аспекти од истите е неопходна, како и повеќе информирање на социјалните мрежи и медиумите, соработка со локалната средина и многу повеќе вложување од страна на стручната служба за реализирање на родителските програми во воспитно-образовните интитуции.

11. Воспитно –образовните институции работат по годишна програма во која има пропишан дел за соработа со родители. Општата цел на тој дел е подобрување и зголемување на информираноста, соработката и вклученоста на родителите во активностите во воспитно-образовните установи, а со тоа и зголемување и подобрување на квалитетот на наставата, работата и условите во

установата. Заклучивме дека воспитно-образовниот кадар е секогаш присутен кога е потребно информирање на родителите, обучување и организирање средби /работилници, добиените 73,63 % се доказ за отвореноста на стручниот кадар. Оттука, се донесува заклучок дека постои желба тие да се вклучат во нови програми кои целосно ќе бидат посветени на родителите и соработака со нив, со цел да се олесни адаптицијата кај децата во воспитно-образовната средина.

12. Воспитно –образовните институции работат по годишна програма во која има пропишан дел за соработа со родители. Општата цел на тој дел е подобрување и зголемување на информираноста, соработката и вклученоста на родителите во активностите во воспитно-образовните установи, а со тоа и зголемување и подобрување на квалитетот на наставата, работата и условите во установата. Дојдовме до заклучок дека воспитно-образовниот кадар е секогаш присутен кога е потребно информирање на родителите, обучување и организирање средби /работилници, добиените 73,6з % се доказ за отвореноста на стручниот кадар. Оттука, се доаѓа до заклучок дека постои желба тие да се вклучат во нови програми кои целосно ќе бидат посветени на родителите и соработака со нив, со цел да се олесни адаптицијата кај децата во воспитно-образовната средина.
13. Имплементирање на иницијативи за вклучување на родителите во родителските програми заклучивме дека непостојат во рамките на овие воспитно-образовни институции во кои се вршеше теренското истажување. Педагозите ги поддржуваат овие програми, тие сметаат дека може да влијаат на родителите врз процесот на вклучување на децата во воспитно-образовната средина, имено овие програми ќе овозможат развој и усовршување на родителските компетенции.
14. Од добиените одговори на педагозите од интервјуто може да се заклучи дека родителите несвесно прават голем број на грешки кога станува збор за подготвувањето на децата за новата средина. Како едни од најчестите гршки се заплашување, потценување на тешкотиите, несигурност, нефлексибилност, слаба посветеност кон детето во домот, не ја почиттуваат доследноста кај децата, континуираното носење во градинка е изоставено, не ги подготвуваат доволно своите деца за прилагодување во училишната средина и не им даваат правилни насоки.

## 5.2. Препораки

Во овој дел се направи обид за изнесување низа на препораки во однос на можните решенија за примена на родителските програми и поддршката која ја носат за успешно вклучувањето на децата во воспитно-образовната средина. Насочени од потребите на децата и на родителите вклучувајќи ги и развојот на родителски компетенции, како и потребите на воспитно-образовниот кадар, дадените препораки ќе се однесуваат на креирање програми кои ќе ја олеснат работата на стручните лица во воспитно-образвоните институции и ќе развиваат родителски компетенции.

Насоката по која се движеше истражувањето започна првенствено од претпоставките во однос на информираноста на воспитно-образовниот кадар, родителите и педагозите, нивната запознаеност со родителските програми и можностите за нивната примена во воспитно-образовните институции. Имено, првичните очекувања за тоа колку воспитно-образовниот кадар слушнал и се запознал со овој концепт се потврдија, однсоно стручниот кадар не е запознаен со овие родителски програми.

Како еден од најчестите проблеми кој беше истакнат за време на интервјуто со наставничкиот кадар се грешките на родителите во процесот на подготовка за новата воспитно-образовна средина, воспитувањето на детето, како и подобрувањето на соработката со сите учесници во воспитно-образовниот процес. Оттука ќе се обидеме да дадеме предлог - решение за овој проблем. Праксата покажува дека е повеќе од потребно постоење на родителски програми, со нивно континуирано користење ќе се овозможи полесно адаптирање на децата во воспитно-образовната средина, родителите иако се во постојана трка со времето ќе можат поумешно да постапуваат во воспитувањето на детето, а во исто време ќе се олесни и работата на воспитно-образовниот кадар со децата кои имаат потешкотии во новата средина и воопшто прифаќање на наставниот процес, кај децата од училишна возраст. Се доаѓа до заклучок дека постои потреба од владина поддршка која ќе овозможи идејата за еден ваков проект како што е школа за родители, да може да се развие со цел да ја задоволи едукативната страната на родителите во однос на постапките со детето, како и психолошкиот, педагошкиот и социјалниот аспект. Реализацијата на школата за родителство би се изведувала преку работилници или

едукативни сесии за родители, со што би постоела можност за групирање на родителите според возраста на своето детето (предучилишна/училишна). Родителите со континуирано посетување и посветеност би можеле да ја намалат несигурноста, бројот на грешки, дилеми и нејаснотии од родителството, но и што е најважно ќе се создаде позитивна клима за споделување искуства помеѓу родителите. Оваа школа со сигурност ќе претставува поддршка и мотив за родителите кои имаат проблеми во однесувањето со своето дете, како и оние родители кои незнаат на кој начин да комуницираат со своите деца.

Начинот на кои семејството ги воспитува своите деца е длабоко поврзан со психичките структури и типот на личноста на детето. Еден од начините на кој настанува идентитетот кај децата е примерот од родителите, семејството. Од спроведеното интервју со родителите можеме да заклучиме дека многу денешни родители од незнаење влијаат на своите деца да израснат во несоцијализирани личности, да немаат работни навики, да немаат ред и дисциплина, формираат лош менталитет.

Родителството со себе носи низа на многубројни задачи кои се во врска со грижата на детето и истите бараат исполнување од страна на мајката или таткото. Потребно е да се придонесе за јакнење на природната врска меѓу родителите и децата и поттикнување уште од најраното детство на моторниот, психо-емоционалниот и интелектуалниот развој. Со оглед на фактот дека повеќето родители се вработени и натоварени од дневните обврски, мислиме дека таа школа треба да се одржува еднаш месечно, со што би се овозможило секој родител да одвои време и целосно да се ажурира во работилницата/обуката. Родителите би се советувале во групи според сличноста на проблемите на учениците и за време на советувањето тие активно потрено е да учествуваа и разменуваа искуства за начините на воспитување на децата. Иако постои советување кое се спроведува во просториите на училиштето во две шеесетминутни средби во период од најмногу две недели, а за целиот процес согласно законските одредби задолежни се психолизите во училиштата, сакаме да истакнеме почиттување на еден поинаков протокол кој ќе се однесува на постапувањето на родителите, вежби и советување за каков пристап да имаат во едукацијата, односно во воспитувањето на своите деца.

Родителските програми ќе овозможат превеземањето на една ваква мерка, родителите повторно активно да се вклучуваат во системот и да се овозможи нивна поголема заинтересираност во развојот на воспитната компонента и нејзина реализација во предучилишното и училишното т.е. основното образование. Оттука, сметаме дека изработка на прирачници со кои ќе се подготви и потпомогне ваквите родителски програми ќе биде од голема корист. Во истите би се опфатиле различни вежби кои родителите би ги применувале дома, работата со учениците преку нивните родители, директна работа со учениците кај кои по која било основа се забележуваат проблеми во нивното прилагодување или потешкотии во воспитно- образовниот процес. Како да воспоставуваат квалитетен однос со децата, како да се реагира во специфични околности во одредена возраст на детето, како да се користат електронските уреди, како да го критикуваат детето, како да го казнат, како да го наградат, а при тоа да не се развиваат покорни, фрустрирани, агресивни, исплашени деца…кои се новите улоги на родителите кои ги наметнува 21 век и многу други прашања кои се препорачува да бидат одговорени во прирачниците, со содветни примери и задачи. Со имплементација на еден ваков проект ќе се овозможи зајакнување на воспитната компонента преку активно вклучување на родителите во овој процес и нивно советување за успешно вклучување на нивните деца – учениците.

Сметаме дека заинтересиран и информиран родител резултира со поквалитетно и повисоко образование за неговото дете. Во време кога веројатно многу етички норми и вредности се загубија и кога во пораст е оттуѓеноста помеѓу родителите и децата, потенцирањето на врската помеѓу родителите и училиштето е еден од најбитните сегменти за воспитно-образовниот развој на децата и надминување на проблемите со кои секојдневно се соочуваат сите субјекти, вклучени во образованиeто и образовниот процес. Советувањето на родителот ќе се реализира под строго определен протокол, којшто ќе биде развиен од психолози и од психијатри и ќе биде во правец на советување на родителот за тоа каков пристап треба да има во едукацијата, односно во воспитувањето на своето дете. Ќе се развие децентрализирана мрежа на детски психолози кои директно или индиректно ќе им помагаат на децата, учениците, родителите, воспитувачите и на наставниците во постигнување квалитетно ниво на личен, психолошки, социјален,

културен и воспитно-образовен развој на децата. Преку оваа мерка ќе ги вклучиме родителите повторно во системот и ќе овозможиме нивна поголема заинтересираност во развојот на воспитната компонентна.

Едноставно целта на школата би требало да биде како да се создава здрава личност, а тоа ќе се овозможи со едукација на родители и останати членови од семејството како да се справат со секојдневните предизвици што ги носат нивните нови улоги и всушност да им се овозможи на идните родители еден посовремен и постручен пристап за обезбедување одговори поврзани со родителството.

## Користена литература

1. Ангеловска-Галевска, Н. (1998), *Квалитативни истражувања во воспитувањето и образованието.* Битола: Киро Дандаро.
2. Адамчевска, С. (2004), *ПЕДАГОШКА ЕКСПЕРТИЗА.* Скопје: Филозофски факултет.
3. Баракоска, А. (2007), *Педагогија- учебно помагало.* Скопје: Филозофски факултет.
4. Bognar L, Matijević, M. (2002), *Didaktika 2,* + *Školska knjiga 2.* Zagreb.
5. Будимир- Нинковиќ, Г. (2009), *Савремена породица и школа.* Јагодина: Педагошки факултет.
6. Grej, D. (1990), *Deca su iz raja.* Beograd: Id esotheri.
7. Ѓорѓевска-Лакинска, Д. (1987), *Семејството и воспитувањето.* Скопје: Студенски збор.
8. Juul, J. (1995), *Vase kompetentno dijete.* Zagreb: Eduga, Nakladno drustvo.
9. Каменов,Е. (1988), *Претшколска педагогија 1.* Белград: ЗУНС.
10. Kameno, E. (1982), *Eksperimentalni program za rano obrazovanje.* Beograd: Zavod za udzbenike I nastava sredstva.
11. Кенг, Н. (2008), *Квалитативни методи на истражување.* Скопје: Филозофски факултет.
12. Котева – Мојсовска, Т. (2006), *„Семејното воспитание и социјалното однесување на децата".* Скопје: Академски печат.
13. Kujundzi,N.(1980), *Homo educator, "bez oznaka".*
14. Milivojević, Z. ,Bilban, K. , Kokelj, V. ,Kramberger, M. ,Steiner, T. & Kožuh,B. (2018), *Mala knjiga za velike roditelje "без ознака".*
15. McGivney,V. (1999), *Informal learning in the community: a trigger for change and development* (Leicester: NIACE).
16. Петровска, С. (2009), *Семејството и воспитувањето на децата.* Скопје: Алфа.
17. Педагошки речник I (1967). Београд: Завод за издавање уџбеника.
18. Педагошки речник II (1967). Београд: Завод за издавање уџбеника.

19. Pedagoska enciklopedija 2 (1989). Beograd: Zavod za udbenike I nastavna sretstva.
20. Pecnik,N., Starc,B. (2010), *Roditeljstvo u najboljem interesu djeteta I podrŠka roditeljima najmlade djece.* Zagreb: Ured UNICEF-a za Hrvatsku.
21. *Социолошки лексикон*
22. Sanders, M.R. (2008), *Triple P- Positive Parenting Program as a public health approach to strengthening parenting*, Journal of Family Psychology
23. Stefanović,M. (2000), *OBITELJSKA PEDAGOGIJA.* Varazdinske Toplice: Tonimir.
24. Stefanović, M. (2001), *Didaktika*, EDT. Rijeka.
25. Strćiević,I. "bez oznaka", *Jaćanje roditeljskih kompetencija kroz programe obrazovanja-* „Материјал за интерна употреба".
26. Tsabary, S. (2018), *Osvijestena obitelj.* Zagreb: Planetopija.
27. Hodkinson, Phil; Colley, Hellen; Janice Malcolm (2003). "*The Interrelationships Between Informal and Formal Learning"*. Journal of Workplace Learning.
28. Закон за семејство на Р. Македонија (1992), Собрание на Република Македонија

## Интернет извори:

1. http://dv-neven.hr/za-roditelje/program-radionica-za-roditelje-rastimo-zajedno

2. https://www.rastimozajedno.hr

3. http://spock.fcs.uga.edu/ext/jitp

4. https://extension.unh.edu/Pare

5. http://www.aish.com/f/p/5-Parenting-Goals-for-Every Family.html

6. http://www.parentinginsideout.org/curriculum

7. http://www.parentinginsideout.org

8. http://www.unicef.hr

9. http://www.makedonski.info /воспитување

10. http://www.makedonski.info/show/неформален

11. https://www.wps.k12.va.us/sysinfo/policies/AB.htm

12. http://www.triplep.net/glo-en/home/

13. http://www.makedonski.info/search/градинка

14. http://www.infed.org/archives/e-texts/colley_informal_learning.htm

15. https://mk.wikipedia.org/wiki/Воспитување

16. https://mk.wikipedia.org/wiki/Образование

17. https://mk.wikipedia.org/wiki/Родител

18. https://extension.unh.edu/Parenting/Just-Time-Parenting

19. http://www.edu.gov.mb.ca/k12/specedu/programming/adaptation.html

20. www.kuleuven.be/research/researchdatabase/researchteam/.htm

21. http://www.mtsp.gov.mk/detski-gradinki-ns_article-ustanova-za-deca-detska-gradinka.nspx

22. http://www.mtsp.gov.mk/detski-gradinki-ns_article-detski-gradinki-osnov.nspx

23. https://blogs.psychcentral.com/psychoanalysis-now/2016/12/10-types-of- parents-and-their-effect

24. https://my.vanderbilt.edu/developmentalpsychologyblog/2013/12/types-of-parenting-styles-and-how-to-identify-yours

25. http://www.parentingthemodernfamily.com/

26. http://www.bloomingdalefamilyprogram.org/programs

27. https://highscope.org/

28. http://www.peterhaiman.com/articles/some-thoughts-about-parent- intervention-programs

29. http://www.stepbystep.org.mk/WEBprostor/toolbox/fokusno_podracje_1.pdf

30. https://www.unicef.org/tfyrmacedonia/MK_Pun_ELDS_MKD.pdf

# ПРИЛОЗИ НА ИНСТРУМЕНТИ

## Прилог бр.1: Анкетен лист наменет за воспитно-образовниот кадар (в-н/2018)

Почитувани воспитувачи и наставници,

Пред вас е анкетен лист, кој ќе послужи за моето истражување *Родителски програми за вклучување на децата во воспитно-образовната средина.*

Целта на овој анкетен лист е да добијам информации за тоа колку вие како воспитувачи и наставници сте информирани за потребите на родителите и нивните интереси, и колку често ги користите родителските програми за вклучување на децата во воспитно-образовната средина.

Со вашите искрени одговори ќе придонесете кон моето настојување да донесам конкретни заклучоци и да преземам одредени активности за родителските програми со цел полесно и успешно вклучување на децата во воспитно-образовната средина.

**<u>Анкетата е анонимна!</u>**

| |
|---|
| Ве молам заокружете го и дополнете го вашиот одговор:<br><br>Име на градинката/основното училиште:<br><br>Пол: а). машко б). женско<br><br>Степен на образование: средно виша факултет<br><br>Работно искуство: |
| Во табелата се наоѓаат низа тврдења за информираноста и примената на родителските програми. Ве молам изнесете го степенот на Вашето согласување/несогласување за секое од следните тврдења. Со знакот „ ☑ ”обележете го одговорот за секое тврдење во соодветната колона. |

| Тврдења | Потполно да | Делумно да | Воопшто не |
|---|---|---|---|
| 1. Сум запознаен/-а со родителските програми и нивните можности. | | | |
| 2. Во тек сум со сите промени што се случуваат во воспитно-образовниот процес наменети за вклученоста во воспитно-образовната средина. | | | |
| 3. Сметам дека родителските програми имаат поволности за успешно вклучување на децата во воспитно-образовната средина. | | | |
| 4. Со примената на родителските програми би се овозможила поддршка во вклучувањето на децата во новата средина. | | | |
| 5. Во оваа воспитно-образовна институција ретко се применуваат родителските програми. | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. Би сакал/-а да се вклучам во одредени облици во родителските програми. | | | |
| 7. Родителските програми неопходно е да одговараат на потребите на семејството. | | | |
| 8. Со примената на родителските програми би се овозможиле позитивни ефекти врз образовно-едукативната страна на детето. | | | |
| 9. Родителите се запознаени со видовите родителски програми и текот на нивната реализација. | | | |
| 10. Родителите не се запознаени со позитивните придобивки од користењето на родителските програми. | | | |
| 11. Сметам дека родителите би имале интерес да се вклучат во родителските програми како нов начин за полесно вклучување на децата во воспитно-образовната средина. | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 12. Би сакале да ги користиме родителските програми за советување на родителите. | | | |
| 13. Родителите умеат да воспостават интеракција со своето дете. | | | |
| 14. Сметам дека родителите треба да ги искажат потребите и да бидат отворени за едукација и нови информации за децата и воспитно-образовната средина. | | | |
| 15. Постои недоволна желба и несигурност кај родителите во процесот на вклучување во воспитно-образовната средина. | | | |
| 16. Сум организирал/-а советувања/работилници во коишто родителите биле обучувани. | | | |
| 17. Секогаш сум тука за информирање на родителите, обучување и организирање советодавни средби/работилници. | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18. Сметам дека на родителите им е потребен мотив за нивниот родителски пристап кон детето во однос на неговото вклучување во воспитно-образовната средина. | | | |
| 19. Ги охрабруваме родителите за полесно надминување на поттешкотиите со кои се соочуваат при вклучување во воспитно-образовната средина. | | | |
| 20. Сметам дека се почесто воспитно-образовниот кадар и децата имаат потешкотии при вклучувањето во воспитно-образовната средина. | | | |
| 21. Учеството на родителите со различни активности во вос.-образ.институција се покажува како значителна поддршка за вклучување на детето во воспитно-образованата средина. | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 22. Секогаш сме тука за соработка со воспитно-образовниот кадар за децата кои имаат потешкотии во вклучувањето во воспитно-образовната средина. | | | |
| 23. Постојаното практикување на родителските програми и содржини ќе го олесни вклучувањето на децата во воспитно-образовната средина. | | | |

## Прилог бр.2: Протокол за полуструктурирано интервју наменет за родители и наставници (р/н - 2018)

1. Дали сте запознаени со различните видови на родителски програми, начини и пристапи за вклучување на децата во воспитно-образовната средина?
2. Дали сметате дека е потребна поголема информираност за родителските програми и нивните можности и придобивки?
3. Кои се вашите ставови во однос на родителските програми?

4. Дали сметате дека родителските програми влијаат врз образовно-едукативната страна на детето?

5. Доколку да, во колкава мера родителските програми претставуваат поддршка?

6. Дали сметате дека родителските програми можат да одговорат на потребите на семејството и децата кои треба да се вклучат во воспитно-образовната средина?

7. На кои начини сметате дека може да се презентираат различните аспекти на родителските програми и чекорите кои се содржани во истите за успешно вклучување во воспитно-образовниот процес?

8. Дали досега сте имале можност да сретнете боспитно-образовен кадар кој користи родителски програми за советување на родителите за успешно вклучување на децата во воспитно-образовната средина?

9. Дали сметате дека воспитно-образовен кадар не доволно организира советодавни средби/работилници за обучување на родителите за родителските програми и нивната примена?

10. На кој начин вие пристапувате кон сите оние деца кои им е потребна поддршка за вклучување во воспитно-образовната средина и колку успевате да воспоставите интеракција со нив?

11. Дали сметате дека родителите се информираат едни со други за поддршката која со себе ги носи содржините од родителските програми?

12.Дали Вие сте земале учество во некоја родителска програма?

13.Доколку да, која ?

14. Какви содржини сметате дека треба да бидат опфатени во родителските програми?

## Прилог бр.3: Протокол за интервју креиран за стручната служба (педагози) во воспитно-образовните институции (с.с-2018)

Прашањата се наменети за стручната служба (педагози) во воспитно- образовните институции.

1. Дали сте во тек со сите промени што се случуваат во воспитно-образовниот процес кои се однесуваат за вклученоста на децата во воспитно-образовната средина?

2. Дали вие како стручна служба сте запознаени со родителските програми и можностите кои тие ги нудат?

3. Дали родителите/воспитувачите/наставниците се почесто се соочуваат со потешкотии во периодот на вклучување во воспитно-образовната средина?

4. Дали сметате дека учеството на родителите во различни активности од воспитно-обрзовната институција ќе претставува поддршка за вклучување на детето во воспитно-образовната средина?

5. Дали родителските програми се користат во вашата воспитно – образовна институција?

6. Дали постои интерес и потреба кај родителите и воспитно-образовниот кадар за примена на родителски програми?

7. Дали вие како служба влијаете врз родителите и воспитно-обрзовниот кадар за тие активно да се вклучат во родителските програми?

8. Какви иницијативи вие имплементирате за родителите да се вклучат во родителските програми?

9. На кој начин сметате дека има можност родителските програми да влијаат на родителите врз процесот на вклучување на децата во воспитно-образовната средина?

10. Кои компетенции сметате дека можат да се развијат со примената на ваквите програми?

11. Дали имате континуирана соработка со воспитно-образовниот кадар за сите оние деца кои имаат потешкотии во вклучувањето во воспитно-образовната средина?

12. Дали вршите презентации за родителски програми?

13. Доколку да, на кој начин ги промовирате?

14. Дали сметате дека со постојано практикување на родителските програми и содржини ќе се олесни вклучувањето на децата во воспитно-образовната средина?

15. Дали сметате дека родителските програми нудат интересни новости, современи пристапи за вклучување на децата во новата средина?

16. Доколку не, дали имате предлог – решение?

17. Дали придонесувате да се подигне свеста кај родителите за значењето на родителските програми и воопшто целокупниот процес во вклучувањето во воспитно-образовната средина?

18. Каков начин на комуникација практикувате со родителите чии деца имаат потешкотии со вклучувањето во воспитно-образовната средина?

19. Како придонесувате да се поттикне мотивацијата кај родителите за родителските програми?

20. Според Вас кои се најчестите грешки кои родителите ги прават во подготвувањето на децата за воспитно-образовната средина?

21. Дали сте задоволни со степенот на соработка на родителите и воспитно-образовниот кадар?

22. Како би можело да се подобри?

23.Дали вие како стручна служба адекватно реагирате во случај на неуспешно вклучување на дете во воспитно-образовната средина?

24. Како, на кој начин ?

25. Какви содржини сметате дека треба да бидат опфатени во родителските програми?

26. Дали во вашата воспитно-образовна институција има истакнато информативен рекламен материјал за родителските програми, насоки каде може да се советуваат сите заинтересирани?

# ПРИЛОЗИ НА ТАБЕЛИ

Табела бр. 1: Структура на примерокот на анкетираниот воспитно-образовен кадар

| Категорија | Пот категорија | Срничка | | Буба Мара-Управа | | Буба Мара-Пчелка 1 | | Блаже Конески | | Лазо Ангеловски | | Александар Македонски | | Невена Ѓоргиева Дуња | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| Пол | Машко | / | / | / | / | / | / | / | / | 2 | 7,4 | / | / | / | / | 2 | 1,6 |
| | Женско | 15 | 100 | 10 | 100 | 13 | 100 | 20 | 100 | 25 | 92,6 | 20 | 100 | 20 | 100 | 123 | 98,4 |
| Образование | Средно | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| | Виша | 1 | 6,7 | / | / | 1 | 7,7 | / | / | / | / | / | / | / | / | 2 | 1,6 |
| | Факултет | 14 | 93,3 | 10 | 100 | 12 | 92,3 | 20 | 100 | 27 | 100 | 20 | 100 | 20 | 100 | 123 | 98,4 |
| Работно искуство | 1-9 | 2 | 13,3 | 6 | 60 | 5 | 38,5 | 6 | 30 | 10 | 37,1 | 6 | 30 | 12 | 60 | 47 | 37,6 |
| | 10-19 | 11 | 73,4 | 1 | 10 | 1 | 7,6 | 7 | 35 | 9 | 33,3 | 11 | 55 | 4 | 20 | 44 | 35,2 |
| | 20-29 | / | / | 3 | 30 | 5 | 38,5 | 3 | 15 | 5 | 18,5 | 3 | 15 | 4 | 20 | 23 | 18,4 |
| | 30-39 | 2 | 13,3 | / | / | 2 | 15,4 | 4 | 20 | 3 | 11,1 | / | / | / | / | 11 | 8,8 |

Табела бр. 2 - запознаеност на воспитно-образовниот кадар со родителските програми и нивните можности

| Ред. бр. | Воспитно-образовен кадар | Потполно да | | Делумно да | | Воопшто не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 1 | Сум запознаен/-а со родителските програми и нивните можности | 40 | 32 | 45 | 36 | 40 | 32 |

Табела бр. 3 – информираност на воспитно-образовниот кадар за промените во воспитно-образовниот процес наменети за вклученоста

| Ред. бр. | Воспитно-образовен кадар | Потполно да | | Делумно да | | Воопшто не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 2 | Во тек сум со сите промени што се случуваат во воспитно-образовниот процес наменети за вклученоста во воспитно-образовната средина | 62 | 49,6 | 55 | 44 | 8 | 6,4 |

Табела бр. 4 – ставови на воспитно-образовниот кадар за поволноста и поддршката на родителските програми

| Ред. бр. | Воспитно-образовен кадар | Потполно да | | Делумно да | | Воопшто не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 3 | Сметам дека родителските програми имаат поволности за успешно вклучување на децата во воспитно-образовната средина | 67 | 53,6 | 52 | 41,6 | 6 | 4,8 |
| 4 | Со примената на родителските програми би се овозможила поддршка во вклучувањето на децата во новата средина | 66 | 52,8 | 56 | 44,8 | 3 | 2,4 |

Табела бр. 5 – примената на родителските програми и интересот за учество во истите

| Ред. бр. | Воспитно-образовен кадар | Потполно да | | Делумно да | | Воопшто не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 5 | Во оваа воспитно-образовна институција ретко се применуваат родителските програми. | 41 | 32,8 | 52 | 41,6 | 32 | 25,6 |
| 6 | Би сакал/-а да се вклучам во одредени облци во родителските програми. | 51 | 40,8 | 63 | 50,4 | 11 | 8,8 |

Табела бр. 6 – ставови на воспитно-образовниот кадар за потребите на семејството опфатени во родителските програми и позитивните ефекти кај детето

| Ред. бр. | Воспитно-образовен кадар | Потполно да | | Делумно да | | Воопшто не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 7 | Родителските програми неопходно е да одговараат на потребите на семејството | 53 | 42,4 | 61 | 48,8 | 11 | 8,8 |
| 8 | Со примената на родителските програми би се овозможиле позитивни ефекти врз образовно-едукативната страна на детето. | 58 | 46,4 | 61 | 48,8 | 6 | 4,8 |

Табела бр. 7 – ставовите на воспитно-образовниот кадар за запознаеноста на родителите со родителските програми и нивниот интересот за користење во советувањето на родителите

| Ред. бр. | Воспитно-образовен кадар | Потполно да | | Делумно да | | Воопшто не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 9 | Родителите се запознаени со видовите родителски програми и текот на нивната реализација | 38 | 30,4 | 49 | 39,2 | 38 | 30,4 |
| 10 | Родителите не се запознаени со позитивните придобивки од користењето на родителските програми | 49 | 39,2 | 59 | 47,2 | 17 | 13,6 |
| 11 | Сметам дека родителите би имале интерес да се вклучат во родителските програми како нов начин за полесно вклучување на децата во воспитно- | 50 | 40 | 61 | 48,8 | 14 | 11,2 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | образовната средина | | | | | | |
| 12 | Би сакале да ги користиме родителските програми за советување на родителите | 80 | 64 | 40 | 32 | 5 | 4 |

Табела бр. 8 – воспоставување интеракција на родителот со своето детето

| Ред. бр. | Воспитно-образовен кадар | Потполно да | | Делумно да | | Воопшто не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 13 | Родителите умеат да воспостават интеракција со своето дете | 50 | 40 | 67 | 53,6 | 8 | 6,4 |

Табела бр. 9 – ставови на воспитно-образовниот кадар за отвореноста и желбата за соработка кај родителите во процесот на вклучување во воспитно-образовната средина

| Ред. бр. | Воспитно-образовен кадар | Потполно да | | Делумно да | | Воопшто не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 14 | Сметам дека родителите треба да ги искажат потребите и да бидат отворени за едукација и нови информации за децата и воспитно-образовната средина | 76 | 60,8 | 45 | 36 | 4 | 3,2 |
| 15 | Постои недоволна желба и несигурност кај родителите во процесот на вклучување во воспитно-образовната средина | 52 | 41,6 | 67 | 53,6 | 6 | 4,8 |

Табела бр. 10 – организирани советувања и работилници за родители

| Ред. бр. | Воспитно-образовен кадар | Потполно да | | Делумно да | | Воопшто не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 16 | Сум организирал/-а советувања/работилници во коишто родителите биле обучувани. | 42 | 33,6 | 60 | 48 | 23 | 18,4 |
| 17 | Секогаш сум тука за информирање на родителите, обучување и организирање советодавни средби/работилници | 92 | 73,6 | 29 | 23,2 | 4 | 3,2 |

Табела бр. 11 – потребата за мотив и охрабрување на родителите за родителскиот пристап при вклучување во воспитно-образовната средина

| Ред. бр. | Воспитно-образовен кадар | Потполно да | | Делумно да | | Воопшто не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 18 | Сметам дека на родителите им е потребен мотив за нивниот родителски пристап кон детето во однос на неговото вклучување во воспитно-образовната средина | 78 | 62,4 | 29 | 23,2 | 3 | 2,4 |
| 19 | Ги охрабруваме родителите за полесно надминување на поттешкотиите со кои се соочуваат при вклучување во воспитно-образовната средина | 86 | 68,8 | 37 | 29,6 | 2 | 1,6 |

Табела бр. 12 – децата имаат потешкотии при вклучувањето во воспитно-образовната средина

| Ред. бр. | Воспитно-образовен кадар | Потполно да | | Делумно да | | Воопшто не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 20 | Сметам дека се почесто децата имаат потешкотии при вклучувањето во воспитно-образовната средина. | 53 | 42,4 | 62 | 49,6 | 10 | 8 |

Табела бр. 13 – ставови на воспитно-образовниот кадар за поддршката, соработката и практикувањето на родителските програми при вклучувањето на децата во воспитно-образовната средина

| Ред. бр. | Воспитно-образовен кадар | Потполно да | | Делумно да | | Воопшто не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 21 | Учеството на родителите со различни активности во вос.-образ.институција се покажува како значителна поддршка за вклучување на детето во воспитно-образованата средина | 77 | 61,6 | 48 | 38,4 | 0 | 0 |
| 22 | Секогаш сме тука за соработка со воспитувачите/наставниците за децата кои имаат потешкотии во вклучувањето во воспитно-образовната средина | 102 | 81,6 | 23 | 18,4 | 0 | 0 |
| 23 | Постојаното практикување на родителските програми и содржини ќе го олесни вклучувањето на децата во воспитно-образовната средина. | 79 | 63,2 | 41 | 32,8 | 5 | 4 |

Табела бр. 14 – Разлики помеѓу ставовите на воспитно-образовниот кадар во однос на родителските програми

| Тврдења | | Потполно да | | Делумно да | | Воопшто не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | f | % | f | % | f | % |
| 1.Сум запознаен/-а со родителските програми и нивните можности | Воспитувачи | 8 | 21,05 | 19 | 50 | 11 | 28,9 |
| | Наставници | 32 | 36,7 | 26 | 29,8 | 29 | 33,3 |
| 2.Во тек сум со сите промени што се случуваат во воспитно-образовниот процес наменети за вклученоста во воспитно-образовната средина | Воспитувачи | 13 | 34,2 | 21 | 55,2 | 4 | 10,5 |
| | Наставници | 49 | 56,3 | 34 | 39,08 | 4 | 4,5 |
| 3.Сметам дека родителските програми имаат поволности за успешно вклучување на децата во воспитно-образовната средина | Воспитувачи | 20 | 52,6 | 12 | 31,5 | 6 | 15,7 |
| | Наставници | 47 | 54,02 | 40 | 45,9 | / | / |
| 4.Со примената на родителските програми би се овозможила поддршка во вклучувањето на децата во новата средина | Воспитувачи | 19 | 50 | 16 | 42,1 | 3 | 7,8 |
| | Наставници | 47 | 54,02 | 40 | 45,9 | / | / |
| 5.Во оваа воспитно-образовна институција ретко се применуваат родителските програми | Воспитувачи | 3 | 37,5 | 25 | 65,7 | 10 | 26,3 |
| | Наставници | 38 | 43,6 | 27 | 31,03 | 22 | 25,2 |
| 6.Би сакал/-а да се вклучам во одредени облци во родителските програми | Воспитувачи | 9 | 23,6 | 18 | 47,3 | 11 | 28,9 |
| | Наставници | 42 | 48,2 | 45 | 51,7 | / | / |
| 7.Родителските програми неопходно е да одговараат на потребите на семејството | Воспитувачи | 9 | 23,6 | 19 | 50 | 10 | 26,3 |
| | Наставници | 44 | 50,5 | 42 | 48,2 | 1 | 1,1 |
| 8.Со примената на родителските програми би се овозможиле позитивни ефекти врз образовно-едукативната страна на детето | Воспитувачи | 11 | 28,9 | 21 | 55,2 | 6 | 15,7 |
| | Наставници | 46 | 52,8 | 41 | 47,1 | / | / |
| 9.Родителите се запознаени со видовите родителски програми и текот на нивната реализација | Воспитувачи | 10 | 26,3 | 15 | 39,4 | 13 | 34,2 |
| | Наставници | 28 | 32,1 | 34 | 39,08 | 25 | 28,7 |
| 10.Родителите не се запознаени со позитивните придобивки од користењето на родителските програми | Воспитувачи | 2 | 5,2 | 24 | 63,1 | 12 | 31,5 |
| | Наставници | 47 | 54,02 | 35 | 40,2 | 5 | 5,7 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 11.Сметам дека родителите би имале интерес да се вклучат во родителските програми како нов начин за полесно вклучување на децата во воспитно-образовната средина | Воспитувачи | 9 | 23,6 | 24 | 63,1 | 5 | 13,1 |
| | Наставници | 41 | 47,1 | 37 | 42,5 | 9 | 10,3 |
| 12.Би сакале да ги користиме родителските програми за советување на родителите | Воспитувачи | 12 | 31,5 | 20 | 52,6 | 6 | 15,7 |
| | Наставници | 68 | 78,1 | 14 | 16,09 | 5 | 5,7 |
| 13.Родителите умеат да воспостават интеракција со своето дете | Воспитувачи | 11 | 28,9 | 24 | 63,1 | 3 | 37,5 |
| | Наставници | 39 | 44,8 | 43 | 49,4 | 5 | 5,7 |
| 14.Сметам дека родителите треба да ги искажат потребите и да бидат отворени за едукација и нови информации за децата и воспитно-образовната средина | Воспитувачи | 21 | 55,2 | 17 | 44,7 | / | / |
| | Наставници | 55 | 63,2 | 28 | 32,1 | 4 | 4,5 |
| 15.Постои недоволна желба и несигурност кај родителите во процесот на вклучување во воспитно-образовната средина | Воспитувачи | 5 | 13,1 | 27 | 71,05 | 6 | 15,7 |
| | Наставници | 47 | 54,02 | 40 | 45,9 | / | / |
| 16.Сум организирал/-а советувања/работилници во кои што родителите биле обучувани | Воспитувачи | 9 | 23,6 | 21 | 55,2 | 8 | 21,05 |
| | Наставници | 33 | 37,9 | 38 | 43,6 | 16 | 18,3 |
| 17.Секогаш сум тука за информирање на родителите, обучување и организирање советодавни средби/работилници | Воспитувачи | 21 | 55,2 | 13 | 34,2 | 4 | 10,5 |
| | Наставници | 71 | 81,6 | 16 | 18,3 | / | / |
| 18.Сметам дека на родителите им е потребен мотив за нивниот родителски пристап кон детето во однос на неговото вклучување во воспитно-образовнатасредина | Воспитувачи | 13 | 34,2 | 24 | 63,1 | 1 | 2,6 |
| | Наставници | 65 | 74,7 | 20 | 22,9 | 2 | 2,2 |
| 19.Ги охрабруваме родителите за полесно надминување на поттешкотиите со кои се соочуваат при вклучување во воспитно-образовната средина | Воспитувачи | 18 | 47,3 | 20 | 52,6 | / | / |
| | Наставници | 68 | 78,1 | 17 | 19,5 | 2 | 2,2 |
| 20.Сметам дека се почесто децата имаат потешкотии при вклучувањето во воспитно-образовната средина | Воспитувачи | 8 | 21.05 | 27 | 71,05 | 3 | 7,8 |
| | Наставници | 46 | 52,8 | 34 | 39,08 | 7 | 8,04 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 21.Учеството на родителите со различни активности во вос.образ.институција се покажува како значителна поддршка за вклучување на детето во воспитно-образованата средина | Воспитувачи | 11 | 28,9 | 27 | 71,05 | / | / |
| | Наставници | 49 | 56,3 | 38 | 43,6 | / | / |
| 22.Секогаш сме тука за соработка со воспитувачите/наставниците за децата кои имаат потешкотии во вклучувањето во воспитно-образовната средина | Воспитувачи | 25 | 65,7 | 13 | 34,2 | / | / |
| | Наставници | 77 | 88,5 | 10 | 11,4 | / | / |
| 23.Постојаното практикување на родителските програми и содржини ќе го олесни вклучувањето на децата во воспитно- образовната средина. | Воспитувачи | 11 | 28,9 | 22 | 57.8 | 5 | 13,1 |
| | Наставници | 68 | 78,1 | 19 | 21,8 | / | / |

# ПРИЛОЗИ НА ГРАФИКОНИ

Графикон бр.1: Честотата на заедничките активности на родителите и на децата




Графикон бр. 2 - структура на примерокот на анкетираниот воспитно-образовен кадар



Графикон бр. 3 - запознаеност на воспитно-образовниот кадар со родителските програми и нивните можности




Графикон бр. 4 - информираност на воспитно-образовниот кадар за промените во воспитно-образовниот процес наменети за вклученоста



Графикон бр. 5 - ставови на воспитно-образовниот кадар за поволноста и поддршката на родителските програми




Графикон бр. 6 - примената на родителските програми и интересот за учество во истите



Графикон бр. 7 - ставови на воспитно-образовниот кадар за потребите на семејството опфатени во родителските програми и позитивните ефекти кај детето




Графикон бр. 8 – ставовите на воспитно-образовниот кадар за запознаеноста на родителите со родителските програми и нивниот интересот за користење во советувањето на родителите




Графикон бр. 9 – воспоставување интеракција на родителот со своето детето



Графикон бр. 10 – ставови на воспитно-образовниот кадар за отвореноста и желбата за соработка кај родителите во процесот на вклучување во воспитно-образовната средина




Графикон бр. 11 – организирани советувања и работилници за родители



Графикон бр. 12 – потребата за мотив и охрабрување на родителите за родителскиот пристап при вклучување во воспитно-образовната средина




Графикон бр. 13 – децата имаат потешкотии при вклучувањето во воспитно-образовната средина



Графикон бр. 14 - ставови на воспитно-образовниот кадар за поддршката, соработката и практикувањето на родителските програми при вклучувањето на децата во воспитно-образовната средина




Графикон бр. 15 - Родителските програми неопходно е да одговараат на потребите на семејството



Графикон бр. 16 - Родителите не се запознаени со позитивните придобивки од користењето на родителските програми




Графикон бр. 17 - Ги охрабруваме родителите за полесно надминување на поттешкотиите со кои се соочуваат при вклучување во воспитно-образовната средина



Графикон бр. 18 - Сметам дека се почесто децата имаат потешкотии при вклучувањето во воспитно-образовната средина




Графикон бр. 19 - Постојаното практикување на родителските програми и содржини ќе го олесни вклучувањето на децата во воспитно- образовната средина

